# *Коба и Гнев*

(НИЗ СЕНКИТЕ НА ПРОГОНСТВОТО)

избрани

НОВЕЛИ и РАСКАЗИ

**Стојан Кочов**

Коба и Гнев

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2016 by Stoian Kochov & Risto Stefov

e-book edition

******

June 11, 2016

******

СОДРЖИНА

ПРЕЧЕК ....................................................................................4
СРЕДБА ....................................................................................9
ПЕСНО ПРОНАЈДИ ЈА МОЈАТА МАЈКА................................16
ТУЃИНЦИ ВО СВОЈАТА ЗЕМЈА..............................................23
БЕГАЛЦИ ....................................................................................30
КОБА ............................................................................................36
НА МРТОВ ДЕН ..........................................................................43
СЛЕДОТ НА ИСЧЕЗНАТИОТ РОД ............................................49
ПОТОМЦИТЕ НА ЕДНА МРТВА ВОЈСКА................................60
ТАЛКАЧИ......................................................................................67
СПОМЕНИТЕ НА МАЈКА АДЕЛА.............................................75
ПОСЛЕДНОТО ОРО НА ТАТКО МИ..........................................81
ТАЖНИТЕ РОЗИ НА ПЕНЕЛОПА .............................................91
НОВА ГОДИНА ВО ЗЕМЈАНКИТЕ НА ГРАМОС ...................97
ЛЕНА ..........................................................................................106
ВО ДОЛИНАТА НА ЗАБОРАВОТ...........................................115
СОБИРАЧ НА РАКОВИ ............................................................121
ПРОДАВАЧКА НА КАРАНФИЛИ ...........................................129
ПОСЕТА ......................................................................................136
КАМЕН .......................................................................................143
ЗЕМЈА НА ВЕЧНА ТАГА .........................................................149
ВОЈНАТА КАКО ДА БИЛА ПОЗАВЧЕРА ..............................155
СЕ ВРАТИВ ДА УМРАМ НА СВОЈАТА ЗЕМЈА....................161
ИСПОВЕД...................................................................................169
ЧОВЕК ........................................................................................180
ПРЕКАРИТЕ НА ЈОНЕ БУКОВАЛОВ.....................................187
КЛЕЧКАРОВЦИ .........................................................................196
ВКУСОТ НА СОЛЕНАТА ВОДА..............................................203
ЗАВЕШТАНИЕ ...........................................................................209
РАСКАЗИ ШТО БЕА ОБЈАВУВАНИ ВО РАЗНИ СПИСАНИЈА И ВЕСНИЦИ ...........................................................................221
СМРТТА НА СТАРИЦАТА .......................................................223
БЕЛЕШКА ЗА ПИСАТЕЛОТ .....................................................224
РЕЦЕНЗИИ..................................................................................226

**ПРЕЧЕК**

Одамна не сакам да се навраќам со мислите на педесетите години, на оној пречек; дури и сега самиот тој збор ме измачува, умот ми зема лоши патишта и ми нуди најстрашни мигови; посакувам мислита да ја истерам, оти дотогаш и нашите мајки и жени умираа природно на постела, од разни болести и од старост, а умираа и при раѓањетто или овенуваа од сиромаштијата, но многу изумреа и од лошата мажачка. Само најмногу им се сушеа мислите од тугината за своите мажи и деца.

Со години сега наоѓам мир во големиот австралиски буш, удирам по дрвата "Џери" со остра секира, од бес, сé до изнемоштеност зашто ми навираат спомените за пречекот, а мислите ме туркаат до работ на гибелта, до одмазда што не смирува, туку ме навраќа пак на тие спомени.

И сега си припомнувам...

На пречекот бевме дојдени јас и татко ми. Двајцата свечено облечени поранивме да стигниме до преминот што беше чуван од стражари. Беше тишина, не дуваша ветре.

Високо на небото немаше ниту една ѕвезда да блеска и не се гледаше дали нешто виреe на земјата. "Можеби исчезнаа и ѕвездите?", си реков во себе. Но зазорум провеа ветре од кај леринско и почна да ги тркала облаците. Еднаш почнав да ги бројам, изброив доста и ги витосав, почнаа да ми шаренеат очите.

Не многу настрана од нас се слушна лелек, од едно човече, стегнато во шајачното палто. Полека ни се приближуваше гледајќи милосливо во нас.

- Натаму е мртва зона..., само до тука. И јас чекам, како истеран пес. Не гонат како лиот... и од каде? Од нашите огништа.

Така зборуваше и сам си одговараше. Јас само го гледав и си мислев: "Најмногу приличуваше да му залафи татко ми", но тој

беше обземен од возбуда и само ми ја стискаше раката се посилно, небаре сакаше сета радост да ја преточи во мене. Кога убаво напукна зората, оддалеку се покажа човечка силуетта, што доаѓаше накај нас и стануваше се појасна со ликот на жена. Чекореше строго, гледајќи накај нас. Чекавме со сигурност, добивме официјално писмо од леринските власти, дека на мама и е одобрено да се исели, веднаш!

Така подвлечено пишуваше на грчки “...по лично барање...”

Тогаш татко ми од вечерта ме зеде од детскиот логор каде што скоро ме имаше пронајдено. Ме избања во леген и ме изнаоблече. Ми направи перче од густата коса, но јас веќе живеев четири години без родители и на тоа не се радував. Ги имав подзаборавено, но само слушав за мајка ми дека ја зеле Грците и ја обвиниле поради татко ми, зашто бил учесник во македонската војска.

Сега сме дојдени на пречек, двајцата да ја дочекаме мама што по целиот пат ми ја опишуваше татко ми.

- Ене ја... - рече, кога виде силуета да приличува на жена.

Таа е, Елена... Лена е, по одот е таа... Мајка ти е – ми ја затресе раката. Ме полазија морници, но јас не ја паметев.

Бев многу мал кога ја зедоа од дома и ја депортираа на островот Лерос. Само знам дека немаше кој да ме дои.

Татко ми за миг се стаписа.

- Не, зар не е Лена?

Жената доаѓаше се поблиску, чекореше безволно, ситно и збркано, болно. Во левата рака држеше документи, а во десната торбичка во која имаше збрано сé што останало во животот и ништо друго.

- Ле н о! - извика занесено татко ми, но таа пак така безволно ни доаѓаше во пресрет, се поблиску и поблиску. Молчеше. Косата

беше истрижена, облеката излитена. Носеше војнички цокули врзани со разнобојни врвки.

Ја кренав раката со силна желба да ја поздравам, но кога го видов безизразниот поглед кон мене, си ја прибрав раката како да ми беше подудрена од некаков тресок.

Гледајќи ја така, се́ повеќе се обесчувствував...

Татко ми очекуваше дека ќе се фрлам во прегратката на мојата родена мајка и тоа најмногу го почувствува тој, и можби умре со татквата голема тага.

- Л е н о о о о!, - викна татко ми. Таа подзастана и гледаше збунето, но веќе беше близу и татко ми потврдно рече:

- Таа е, Лена!

Ми ја остави раката и зачекори кон неа. Останав сам. Ниту јас, ниту мајка ми не се помрдна. Молчевме, а татко ми и таа се гледаа во очи и само уште неколку чекори беа оддалечени еден од друг. Но, кога мислев дека на таа оддалеченост ќе се фрли во прегратката на татко ми и ќе проговори, таа одеднаш го сврти погледот наназат, но пак зачекори исполнувајќи ја наредбата на грчкиот стражар што и викаше: “Емброс, емброс!”, (Напред, оди!), таа безволно доаѓаше накај нас со недоверба.

Татко ми се вознемири, небаре уште за чекор ќе се разминеа.

Жената го впери погледот во татко ми, застана и така строго го гледаше држејќи ги цврсто документите. Потоа ја испружи раката и посака да му ги предаде, чиниш придружувајќи се строго службено, но тоа, така било во логорите кога преминувале од еден логор во друг.

Таа одеднаш направи чекор наназад гледајќи го татко ми со сините очи без израз. Потоа заплака. Солзите се тркалаа како порој по нејзиното издолжено лице. Лице напатено, и чиниш не беше возможно да се поверува колку и било некогаш убаво. Не

знам дали таа во себе рече: “Зарем сте можеле да ме заборавите и да дозволите толку да ме испустат...”

Но таа немаше глас, и беше одземен од патилата и повеќе не можеше да раѓа како нејзините предци што го множеа и одгледуваа родот. Таа, сега, требаше да умре неприродно.

Човечето со шајачното палто кое веќе заталка до мене, во тој миг посака да ме земе во заштита:

- И оваа е од нашите остатоци, - но во тој момент ни го сврте вниманието стражарот што викаше “Емброс!” и си ги плескаше рацете, чиниш нешто големо исчисти, и на крај со рацете ни покажуваше да бегаме сите, подалеку од Елада, “Ексондоси! Ексондоси!” (Искорнете се!)

- Од каде, песу! Од каде не тераш, од нашите огништа, а стражарот продолжи да плеска со рацете, давајќи ни до знаење дека со нас расчистил.

На човечето му подзавре крвта и сé потешко се совладуваше, нешто го мачеше, го правеше да биде бесен, несовлсдлив, наликуваше на претепан ѕвер кој бара одмазда.

На враќање за Скопје, ни ја раскажа приказната за своите деца, кои насилно им ги собрале кралските власти - кралицата Фредерика за да ги направат јаничари, а тој ги бара и ги оплакува заедно со жена си, веќе со години.

- Ја имаат измачено многу. Има преживеано најстрашни моменти, живеела под лоши услови, - ми шепотеше човечето, кога гледаше дека тонам во тага за мојата мајка.

Другиот ден бев одведен пак во детскиот логор за да ми биде “посреќно” детството. Но мајка ми умре во февруари во педесеттата; си припомнувам како ја изнесуваа по снегот.

Крепкиот мој татко сега се одликуваше со едно необично својство, ме прегрна, ми ја притисна главата до својата црна

кошула и жалосно ми ја стискаше раката. Тој ден првпат изгледаше како старец. На погребот плачеше.

Беше студен маглив ден. Зад ковчегот одевме сите деца од логорот, а по нас имаше многу соборци на моите родители.

Над ковчегот имаше многу цвеќиња, а мајка и беше многу убава.

Јас заплакав кога почнавме сите еден по друг над спуштениот ковчег да фрламе по грст земја...

**СРЕДБА**

Кога ја завршивме военaта академија, на свеченоста беа дојдени стари офицери, родители и најблиски. Посетителите влегуваа, келнерите сновеа, разнесувајќи кристални чаши, зелени, розе, жолти...

Стоевме во круг.

- Да, јас знам, Вие имате и радост. На пример, во атака!

Ах, тоа треба да е великолепно! Сите војски, кои одат во бој, како на празник! Вистина? Вие офицерите, викајќи “Да живее татковината” умирате со насмевка на усните... - насмеана ни зборуваше сестрата му на Анестис.

Јас ја стискав чашата со вино и чекав топла рака...

Родители немав, а не знаев дали имам и блиски. Го познавав и го сакав само господинот доктор Папајанис. Тој се грижеше за мене, а еднаш кога го прашав дали ги познава моите родители, суво одговори – “Не”. Потоа, како да се премисли. - “Знам, татко ти беше војник од спротивната страна…” Јас повеќе не го прашав.

Годините си минуваат. Кога ја добив зрелоста посакав да го пребарам светот, да дознаам за луѓето... Оти тоа што не можев да го избришам од сеќавањето ми беше само тоа.

Свеченоста заврши... Тој ден добив и одликување кое силно блескаше на моите гради, а кога ме виде докторот Папајанис, се доближи до мене и топло ме бакна.

Ме фати под рака и така одевме како занемени...

- Одисеј, ти си добро момче, но... почна тој и пак замолкна. Чувствував дека градите ми беа преполни со радост, а докторот Папајанис како да го слушаше возбуденото чукање на моето срце... Седнавме покрај една маса. Тој молчеше. Зеде и запали цигара од која ненаситно голташе чад. Докторот потона во

длабоки мисли. Нешто го мачеше; ме погледнуваше, ја отвори устата да проговори, но потоа пак ја затвори.

Забележав на неговото лице како се оцртуваат мачни белези.

Не можев да се воздржам.

- Докторе, ти имаш нешто да ми кажеш? Зборувај! Ме погледна, а во неговите очи забележав замагленост од машка солза.

- Колку би се радувале сега да те видат родителите... и пак замолкна. Моите гради за миг останаа празни. Чувствував како со црпка да ми ја извади радоста, оти тој за моите дваесет години не ми рече ништо. Ме тераше само да учам, да завршам, и, ете, тој ден дојде па ми рече:

- Одисеј, ти сега заврши - се насмевна и стана да ми наздрави со чашата коњак што ја испи до капка.

- Годините се како натоварени вагони, а ако запреш со погледот на работ од тунелот на животот, ќе видиш само како исчезнуваат - проговори докторот. - Овој ден, одмна го чекав.

- Ти си сега убаво и учено момче, а знаеш ли од кога сме пријатели? Повлече длабоко чад и ме погледна во очите.

- Од војната... Од војаната, Одисеј. Ти беше малечок.

- Кога си роден јас незнам, но кога те дадов во домот, го ставив датумот на денот кога те најдов. Верувам, сакаш да знаеш сé, одамна ме прашуваш. Но прости и ако и сега не ти кажам сé...

Јас немирно ги местев лактовите над белиот чаршав и со скаменет поглед ги примав како удари зборовите на докторот Папајанис. Тој полека почна да ми раскажува...

Беше јулска ноќ, небото како да се тресеше, се збиваше густиот чад помешан со правот и одвај се гледаа на небото преплетените патеки на усвитените ѓулиња, а земјата татнеше како вулкан од огнот и не можеше ништо да се види:

Ни месечината, ни ѕвездите... Убавината што ја даруваше природата во тој летен ден ја одзеде човекот. Еве, во тој црн чад те најдов. И кога ја пуштив раката да те приберам, ти ме пресретна со силен и исплашен детски крик. Но, јас те зедов и те смирив. Уморен бев таа ноќ, но успеав да те нахранам со чај, а војниците се шегуваа со мене. Името Одисеј ти го даде еден војник. Расплакан, те галеше и ти зборуваше: "Ако бидеш жив, ќе ти бидам на венчавањето кум". Но, подоцна, како што дознав, тој загинал. Кога се смирија престрелките, ти веќе спиеше завиткан во шинелот. Пред да легнам се слушна еден силен рафал кој те разбуди и тебе. Утредента дознавме дека стражарите убиле некоја жена, која трчала избезумена кон селото. Таа успела да вика: "О, не, не сум војник…"

"Војниците убија жена... и јас ќе бидам војник. Зар и јас ќе убивам?..." - ме жегна мислата го прашав:

- Докторе, зар не беше таа жена мајка ми? Тој ја поткасна долнат усна и ми одговори. - Незнам, Одисеј. Знам дека беше од бегалците. Како што раскажуваше војникот, ништо друго не рекла. Само касајќи ги од страв своите усни таа ги затворила очите и риела во рафката земја, барала место да се скрие.

Селото беше пусто, луѓето беа избегале. Каде се разбегале по светот не знам, селото и ден денес е пусто. Ти распрашај се.

Долго го чекав да проговори, па ми рече: - Од нив ти беше родот, Одисеј. Гледаш, Одисеј, на судбината било угодно да си поигра со луѓето... Јас со тебе подобро ја паметам војната. Да, дете мое. Но, Одисеј, ако си намислил да ги бараш, оди. Само најдобро е да им ја фатиш трагата уште од селото...

Се разделивме расплакани.

- Довидување, мој докторе!

- Добро патешествие, Одисеј, и не заборавај ме...

Патувавме ден и пол и ете стигнавме до селото.

Патиштата беа тешки, земјата излокана, камења, па сега јас чекорев преку тие вдлабнатини. Повеќе од урнатините беа срамнети, а на покрупните разголени камење им виреа врвовите од земјата како зглобови преку засушена кожа. На сред село стоеше црквата неизгорена, но ѕидовите набабрени и кога влеговме внатре Анестис сликаше, а јас застанав, пред една ѕидна икона на која горниот премаз се излупил како на изгорено тело, а под горниот слој фигурата остануваше иста.

Но, во долниот дел човек може да прочита друго писмо. Го повикав Анестис и го прашав: “Какво е ова писмо?” Тој се доближи до мене и ги собра рамениците како фтесен. Кога излупивме повеќе од напластената боја се виде цел ред.

Анестис чепкајќи, ми рече: - Одисеј, ова е славјанско писмо и го впери апаратот да слика. Ја слика иконата така недолупена од напластениот дел. - Ќе ја чувам сликата, - рече Анестис.

Другиот ден ја минавме границата и патувавме по асфалтниот росен пат. Поминаа неколку дена и едно утро Анестис ме праша: - Се сторија неколку дена што сме туѓинци.

А, Одисеј, не слушаш ли?

- Размислувам, Анестисе, за иконата. За луѓето кои ја напуштија земјата. Гледаш, Анестисе, колку дебели да беа пластовите на бојата, времето ги нагриза, а оригиналот на ѕидот си остана чист. Зарем и со човекот не е исто? - “Докторот ми рече дека од нив тие родот. А кои се тие, не ми кажа сé...”

- Беше 9 Мај. Анестис и јас ја љубевме крајпатната убавина. Тоа утро зората мрзливо се спушташе како појас над распенавениот Вардар, опсипувајќи го со сончевото сребро.

Колата јуреше како залутана птица. Стигнавме пред градот.

Анестис туку одеднаш сопре и двајцата се погледнавме на десната страна од патот во споменикот “Мајка” која стоеше тажно. Имаше доста луѓе. Полагаа сите цвеќе. Се загледав во

фигурата и не знам што ме натера, дали љубовта и тагата за мојата мајка, инстиктивно точно ме погодило в срце, скинав цвеќе и јас како сите положив пред фигурата “Мајка”.

Фигурата малку наклонета напред, чиниш се движи. Нејзината силуета читко се оцртуваше на сводот, не засенчувајќи ја...

Лицето не изразуваше само бол, немаше на очите ни горка солза, ни очајување, туку беше исполнето со строга величина и достоинствено. “Мајката” стоеше гордо за своите деца кои го дадоа животот, а во рацете држеше голема плетенка од ловорови и дабови лисја. - симбол на вечна слава.

Беше сончево и осветлената фигура како да беше полиена со злато, но пред мојот поглед, водениот превез од солзи ми се маглеше, а сакав да оддадам почит на мојата мајка.

Се доближи еден средновечен човек и ме праша.

- Вие да не сте туристи?

- Да, грек турист, - му одговори Анестис. Тогаш тој ни се обрати на грчки, а зборуваше доста лошо.

- Ретко е патник кој не ќе призастане покрај неа. А ретко некој гледајќи ја фигурата “Мајка” што ќе помисли, не ќе се присети за момент на далечното минато, на тешките моменти од војната... Ете и јас со син ми секоја година доаѓаме тука. Потеклото ми е од Леринско, но војната како со метла не збриша и старо и младо. “Ете ги тие луѓе” си помислив. Тој тажно се насмевна и ме праша.

- Вие, господа, на долг пат, да?

- Да, да, господине, - му одговори Анестис.

- Од каде сте, се доближи и некако пријателски го прашав.

Човекот се сврте и ме загледа мирно.

- Ох, момче, моите патила се долги, што да те мачам.

- Му подадов цигара и како закован со погледот остана во мене. Сега можев да му ги видам нажалените и немирни очи.

- Како ви е името, момче?

- Одисеј, - му одговорив.

- Да си жив, Одисеј... Имаш ли родители?

- Не, - одговорив отсечно.

- Не. Тие умреа од старост или од болест, - не, не...

- И јас, Одисеј, носам болка, седни, ќе ти раскажам како на чедо. Денес и така е празник. Не работам.

Седна и русокосото момче покрај мене. Анестис скокна и не сликаше неколку пати.

- Јас бев војник. Ја оставив жена ми дома со две деца, ова - покажувајќи му на момчето и едно мало дете. Но, од жена ми и од малото Јованче ни трага.

- Син ти не знае грчки? - го праша Анестис.

- Не знае. Но сега подобро што не знае оти го обзема чувство на тешка вина, ако ме разбере ова што ви го раскажувам.

Луѓето што бегале заедно му велат: "Ти си крив за мајка ти и за брат ти". А за братчето најмногу плачи.

Бегалците бегаа како река суводолица одеднаш кога ќе надојде и си го изгуби коритото, својот тек. Здивна, го протри лицето и пак продолжи.

- Како огладнет булук, каде бара повторно пасиште...

Мајка му се вратила од сред село по храна за малото, а на ова му рекла: “Одите по луѓето, ќе ве стигне мајка...” Но паднало некое ѓуле и луѓето се распрскаа и деца како деца се изгубија. Стравот им ги оддели рачињата... Малото Јованче се затаило некаде, а ова тргнало, барајќи го низ толпата луѓе.

Мајка му ги стигнала далеку. Го прашала ова, таму во ноќта и кога дозна дека малото останало в село, таа го избакна ова и тргнала да го бара малото. Селаните и викале да не оди, но мајчинската болка ја натерала да не се врати.

Ме опфати плач, липав како мало дете, ги прегрнав и двајцата и ги стискав со сета сила. Не можев да им кажам ништо.

Чувствував како и во мене распукува напластеноста од дваесетите години... Но помислив “Дали сум должен така без звук да се потчинам на судбината?”

Му ги слушав натажените зборови.

- Изгледа и ти си напатено... не си господско дете.

Го одврзав од шамивчето прстенот и му го подадов, кој на разделбата ми го даде докторот и ми рече: “Чувај го...”

Го погледна, ја пушти раката и го стегна во своите гради...

- Ох! Моја... Елено... Собра некаква сила, ги рашири рацете и извика:

- Јованче? Јованче, сине... Ти ли си роде мој...

А брат ми остана како стаписан, не можеше да се прибере...

Анестис, плачеше и тој.

Татко ми со сета болка ја погледна фигурата “Мајка”, и болно изговори:

- Сега, како да сме сите на оваа С Р Е Д Б А.

## ПЕСНО ПРОНАЈДИ ЈА МОЈАТА МАЈКА

Колку што се сеќавам, тоа беше средба со немите сведоци на војната и бевме среќни кога ја пронајдовме нина Филевица, на островот Макронисос. Тоа беше во шеесетите години, по војната. Тогаш таму уште талкаа неколку жени, хранејќи се со плодови. Се разбира, таа тогаш не́ не пречека со посебна радост, но во животот се се менува...

Нина и потоа беше нешто незадоволна. Од очите се излачуваше болен поглед, небаре зениците беа полни со мртовци, со толпи луѓе што и минале пред погледот.

Откога ја донесовме од логорот, цела година имаше обичај да зборува сама со себе, но и во таквите моменти ја почитуваа селаните и никому не му, паѓаше на ум при минување да не ја поздрави, да не и рече: “Филевице, Бисеро! Добар ден”.

Но таа останувaше замислена да гледа пред себе, чувајќи некаква тајна во себе; нешто неостварено, нешто што го загубила во животот, но очевидно е дека во срцето и тлее некаква постојана надеж, дека нешто треба да пронајде, да проговори, но таа само ги подлупуваше струпјето по телото и по малку како да почнуваше да раскажува по нешто.

Катаден тоа, па тоа. Забележително беше бледа во лицето. Нејзините зборови зачудувачки многу прилегаа на молитва. Се разбира, имаше некаква тајна и во таа молитва. Во неа лелекот без заслон клука. И пак молчи ко осамен камен во полето. И ги следев мислите, ја следев болката. Чуму ти е таков живот, кога тајната на чувствата и законите се збрани во црна точка. Три души сме со иста коба. Со години мислата е сенка низ старите дамари. И врз мене болникаво тропат погледите на стрико Филипа и тој заличува на мемлосана карпа биена од куршумите на војната, ни од него не добивам благ поглед. И на двајцата со нина како и од живите да им е страв, како да се озаконила мислата во овој наш дом “Поарно во светот сам, без надеж, копнеж и жар, без вистина што горчи...”

Со години мислата е сенка. Но, веќе почна да не оди боса и во последно време како да се смирува, го сменува и раскажувањето, се обидува да праша, гледа со љубопитност во стрико Филипа, во мене, во куќата, ги превртува своите невестински руби, се напроменува, се потстокмува и сé така минува времето со излези влези преку прагот изабен, од влезот на тивката осаменост.

Полека се буди оваа проклета куќа и нина посакува да гледа кога стрико Филип нешто делка со теслата. И сé така нешто и чемрее во душата како откинато. Без сведок, така катаден венее и денот.

Така и тој со години талка низ дворот откако се врати од Ташкент како поранешен воин на Ѓраѓанската војна во Грција. Него го беше погодил куршум во шиперот, поточно во крстот, и оттогаш оди вудвосан и по нешто делка, го поправа плетот, ги потстругнува подгрбавените штици од подот, да му минува времето. Тој, пак, не сака да му го спомнувам минатото, мрази, се лути и вели: “Урнатините на нашиот живот се како правот што се натрупува врз заборавените предмети”. Но, сепак со сигурност може да се каже дека положбата на нина длабоко го има потресено. Тој пак досега за нина не ми се имаше доверено ниту со еден збор. Живееше сама со една силна страст, да го вратиме во животот од урнатините, но понекогаш ниновиот недоверлив израз го огорчуваше и чувствуваше вина. А беше учествувал во сите најстрашни борби. Во партизани бил убавец и бестрашен јунак, како што велат соседите наши, а можеби и нина Бисера се сеќава на него. Ние со брачко Павле бевме мали. Јас стрико Филипа го видов тука в куќи, кога тој се врати од Ташкент.

Беше облечен со руски кожув и бујна Форашка - “Узбецка е” велеше - тој. Дури ми беше малку смешен кога ме прегрна и ми рече: “Внучко! Дорогој мој. Ох ти какој молодец. Ти веќе си пораснал. Ти сега си мој син.” Ме потстегна во прегратката и нешто прошепоти: “Бог нека ги прости татко ти и мајка ти...” а над мојата глава почувствував топли солзи. Кога се опулив во него, тој посака да го скрие погледот, но не смогна сила и пак ме прегрна. Во неговите очи видов болка за тате. За тате и за

мама сега дознав, само толку дека загинале во борбите на Грамос, а јас израснав по логорите, но живеев само со една желба - да се вратам дома, мислев дека војната заврши и ќе се сретнам со мама и тате. Преку кожувот почувствував како длабоко воздивна стрико Филип, можеби пак се потсети на тате и уште посилно ме зеде во прегратката и ме куражеше со зборовите: "Сега ќе ја пронајдам и нина ти и Павле".

На Павле, се сеќавам многу малку, во тоа време не гледаше нина, а сите други беа во партизани, но тоа траеше малку, набргу останавме без нина и потоа и нас не собраа сите во логорите по наредба на кралицата Фридерика. А бевме толку мали со Павле, си припомнувам уште тогаш се загубивме. Тој најверојатно е жив, но... За него носам вина, а тоа го знае само нина, а можеби затоа таа не ми зборува, како да ме проучува до дното на душата, но којзнае дали и Павле ми има простено за нашата злокобна игра, кога во процепот на вратата му ги отсеков двата прста од десната рака. Тој трчаше по мене, а јас му ја треснав вратата да не ме фати. Нина најмногу боледуваше, но таа, можеби, ја чува тајната пред стрико Филипа, оти тој сé до денденес не знае, не боледува барем за тоа.

Сега в куќи сме тројцата: стрико Филип, Нина и јас.

Живееме сложно, можеби ни се враќа среќата, помалку сите тоа го чувствуваме. Стрико Филип многупати се загледува во нина кога нешто делка, чиниш повово се вљубени, а и таа си ги подлупува струпјето, некако срамежливо, но и таа го погледнува. Многуте брчки што уште длабоко се всечуваат меѓу јаболчниците и го прават милосливо напатеното лице.

Избраздено е со неверојатна мрежа од брчки, но со својот поглед како да нé проучува сите.

Еден ден нина проговори, кога стрико Филип насмеан, посака од копнеж и тага како да се наоѓа клекнат под виножито и ја моли: "Кажи ми нешто, Бисеро! Прозбори ми, јас не сум виновен за сé... Колку што ти боледуваш за Павле, толку и јас и сите ние..." Тука ме спомна и мене и од тоа бев задоволен, дури тоа го забележа и нина.

Со голема зачудувачка тага, речиси со восхит, нина замавна со главата. Во тој миг погледот на стрико Филип Калинев му засветка. Но нина и натаму молчеше како да држи чедо на гради и го дои, та тагата и се збигорила во градите.

Уплавот на нејзиното пеплосано лице, врз кое паѓаа неколку ретка безбојни влакна, зборуваше за горчината со која си припомнува на шумот на морето, на мирисот на солта и ветрот кој на затворениците им го навеваше човекот и моќник, командантот Циримокос, со шише пиво, пеејќи со своите големи усни, смешно покриени со пена, за чие лудило никој не ја знаеше причината. Си припомнувам кога им се обраќаше на затворениците: “Ти!” и не ја испушташе од очи, а тие гледаа со отапени погледи. Можеби затоа уште зјапа страв од нејзините очи.

Еден ден нина, отсечно, со растревожен глас, со јадри гравушки солзи ни ја раскажа својата судба. Како ситно да везе и се губи во шарата, во црнобелата боја на судбината. Таа, пред да се случат чудата во пролетта 1948 година била многу религиозна, но поради стрико Филипа и дури учествувала во собрањето на жените во организацијата како илегалка. Била поканета лично од Наумка Камењарска да членува во АФЖ. Тешко ми е да ги слушам нејзините раскажувања, затоа што таа цело време додека раскажува плаче, велејќи дека тешко и паѓа кога се присетува на крикот на жените кога им ги земале децата, а нив ги облекувале во униформа и ги праќале во Маркосовата војска. Сега таа се измачува, а луѓето тоа не го сфаќаат.

Во пролетта 1948 година, еден ден била во градината и наеднаш како да слушнала нечиј глас кој сасема јасно и рекол:

“Бисеро, слушај што ќе ти речам и кажувај им го тоа на луѓето”, почнал гласот, а Бисера останала вкочанета: “Децата што им ги земате од прегратките на мајките, тоа е најголем грев на човештвото и на својата татковина што сте ја обездетиле куќата. Бисеро треба да знаеш дека нема татковината да го напушти човекот, туку со тоа што го правите вие во АФЖ - то, човекот го туркате да ја напушти татковината. Тоа било

напишано и во Светото писмо, дека никоја татковина не го напуштила човекот...”

Се вратила назад дома не можејќи да се соземе, но сепак, никому не кажала за она што и било речено, можеби, затоа што самата не можела да верува дека токму нејзе е речено, ниту дека е можно тоа што го слушнала. Сето тоа посакала да го раскаже на Наумка Камењарска со која требаше утредента да се сретне и да заминат со една голема група одземени деца и однесени во слободната територија на Маркосовата војска.

Замелушена, се уште вомјазена, рече:

- Беше околу полноќ, на третиот ден на Велигден, четириесет и осмата година. Силен тресок ја откорна вратата и, гледам, навлегоа во одајата брадести жандарми, со автоматите вперени во нас. Децата се притискаа во мене и се тресевме како лисја, не знаејќи што не чека. Не ни дадоа време да си дојдеме на себеси. Одеднаш ги турлосаа децата кон ѕидот, а мене со тупаници и кундаци ме удираа по глава, по грб, по сето тело и ме истуркуаа надвор од куќата. Потем се така до сред село. Таму имаше многу жени. Не натоварија во еден камион и утрото не однесоа во Лерин.

Ги поткрена вегите и си припомна на другите жени.

- Ех, видов работи што нема никогаш од умот да ми излезат. Тоа беше на островот Ѓура. Нас жените не плашеа и не мачеа. Бараа од нас да се откажеме од мажите. Од тебе, Филипе... - се загледа во нас, како да бараше признание.

- Таму видов работи што целиот мој живот не ќе ми се избришат од сеќавањето. А тие што не мачеа викаа дека сме во “грчкиот рај”. Видов жени како ги стават во вреќа и ги спуштат в море. Тие беа оние кои не сакаа да носат мртви од логорот до “гробиштата” кои беа наблизу во едни скрки. Се плашев да не ја дочекам смртта врзана во вреќа, се принудив да носам мртовци, но еднаш, тој моќникот Циримокос ми нареди да носам една пулумртва, недоумрена, но јас не знаев...

Нина како нешто да проголта и молкна, остана недоискажана. По малку како да ги истера лошите мисли па продолжи:

- Таа беше белокоса. Напред имаше големи перчиња.

Не беше стара. Лицето и беше долго и пеплосано. Имаше долг нос. Ја носев до “гробиштата” но таа по патот се освести... Ја пласнав на земи и оттогаш повеќе не знам што стана со неа, и со мене... Таа ти беше била Нумејца Ристујчина... Стрико Филип, слушајќи ја нина, покажа некаква машка агресивност на одмазда. Нина го гледаше долго и повеќе не сакаше да кажува за минатото

- Војна беше, Филипе мој - рече нина, но останавме живи, а брат ти Алексо и снаа ти Ангелина гнијат на Грамос.

Нина ме трогна, кажувајќи повеќе работи од младоста за мама и тате. Но сега ни се враќаше животот. Таа, дури посакуваше да зборува за весели работи и се повеќе ме сакаше.

Многу пати ми велеше; “Ти си сега наш син! Те имаме само тебе...”

По војната се растурија сите логори и секој си го бараше најблискиот, луѓето пееја, се веселеа, се сретнуваа, тагуваа кога се даваа разни концерти од деца што со години живееа незадомени. Тие беа деца на ужасот на овој свет. На сите полека им се враќаше животот, трагите на војната се бришеа. Нина сега имаше желба да оди на молитва, да гледа нечија свадба, изговараше нежни зборови, но и натаму на лицето се оцртуваа сувите дамки и строгоста, но кога ќе се подисчешлаше прилегаше на стара расцутена јаболкница.

Тогаш на стрико Филипа како да му дареше некаква искра која благо му го расветлуваше тој темен простор што го носи во душата.

- Колку убав ден - рече нина, слушајќи ја вревата на улицата, а тоа беше на самиот ден Велигден, по обичај нина ни меси погача. Тој ден заедно појдовме на плоштадот, а наближуваше

приквечерината. Пред насобраниот народ веќе пееја млади, кои на далеку беа познати со убавиот репертоар на народни песни. Внимателно го сосредоточив погледот кон пејачот врз кого паѓаше сноп светлина. Се стаписав. Ми запреа и здивот и срцето. Сакав да викнам, но музиката засилено го поткрепуваше гласот на пејачот: “Песно, пронајди ја мојата мајка...”

Луѓето ракоплескаа со неодолива милосливост и разгаленост на душата, а некои дури и плачеа. Уште еднаш добро му ја забележав раката со која го држеше микрофонот.

Ликот ми препсаше на нина. Таа притаено ја забележа мојата вознемиреност, но помисли дека ми е од песната... Извикав колку што можев и неможев:

- Павле - е - е! Бате - е - е!

Тој се сврти кон рефлекторот, а јас уште подобро го видов. “Тој е” реков во себе уверливо, зашто по мојот извик, тој направи чекор накај нас. Нина се поткрена, потоа и стрико Филип. Забележав како нина ги оцари зелените очи, и стрчувајќи се по мене падна шамијата. Низ музика, сега се слушаше треперливиот глас на нина. Мајкината љубов во неа се креваше гласум кон изгубениот син.

- Павле - е - е - е! Сине мој! Тука сум! Павле, сине мој!...

Забележав јадри радосни гравурки солзи од очите на нина. Го стискаше синот во своите гради. Ние со стрико Филипа не знам дали се прегрнавме со Павле. Најверојатно ние во тој миг сакавме да ја препуштиме сета радост на нина. А си споменувам: така со музика не испратија до дома, свирејќи ја песната: “мајко, синот твој те бара насекаде...”, но Павле сега не пееше, туку радосно плачеше, гледајќи во нас, во нина.

Таа, пак, милувајќи му ја раката без двата прста, разбрадена, без шамија чекореше како стар ветеран со насмеано лице. Од препатеното зло, на лицето сега беа останеле само уште неколку подгорени струпје.

## ТУЃИНЦИ ВО СВОЈАТА ЗЕМЈА

Ја зеде в раце излитената капа и се сврте сожаливо, чиниш сака да каже: “Погледни ме, човеку, и следи ме во мислите, сакам да видиш какви се патилата на моите земјаци, да се увериш сам, кога ќе го слушнеш шумот од врвежот на патилата. Ќе поминеме со мислите низ она што се дишело во јамите на веков, да видиш дали тие патила имаат мерило... Оти таа тајна ќе ја однесам в гроб. Тоа сега ме мачи во остатокот на годините...”

Чекаше извесно време, да не кажам јас, па ме праша:

- Што забележувате, мистер, во вашето патешествие? - клепкајќи со избледените сини очи и пак продолжи без да чека одговор.

- Дали гледате дека од оваа земја и веков капнат, испепелен, кинисува и си оди. Кинисуваат луѓето по светот и си одат, а на крај кога си оди сé од едно живеалиште и птиците одлетуваат. Остануваат бреговите голи и нешто од човекот на тие векови...

Останува просторот нем и подивен, останува жилавиот живот за сите нив кој се уште стражари на својата земја, што ги имаат сите достоинства и недостојни на елински чувства и свест...

И сега, кога гледам дека сé повеќе заронувам во длабината на веков, чувствувам сé поостра болка од вешта рака. Кога велам вешта рака, мислам на онаа рака што замавнува и го прогонува човака. Оти, за да се уништи човекот воопшто не е потребно тој да се убие. Се постапува така, чиниш му се подронува животот, изгонувајќи го од својата земја и тој почнува полека да умира.

По извесно време, како да му го подјадува нешто и неговиот род и така сé си умира. И ако се подразмисли човек, само малку ако се размисли, ќе почувствува во тоа прогонство едно копнеење, а тоа не е така осетно, но е мошне жестоко.

Сигурно многу пожестоко, отколку кога би се убил човекот со пресуда. Тоа би било убитство. Ама оној другиот начин, тоа е

еден вид бавно задушување, тоа е осудување на изгонетиот човек на подолга и поболна носталгија...

Ете, за тие луѓе, за таа земја, сакам да ти отворам муабет.

Му ја подадов раката и му реков: - “Маи неим ис Џим”.

Си ја наведна главата и како да ме замоли:

“Ајде, Џиме, ако сакаш да ѕирнеш низ пукнатините на нашиот живот. Ќе видиш дека за сите нив тој единствен живот е изгубен... Оти што и да зборуваат Историодифистите, во мојата престава толку е зацртана оваа земја, тие изгонети луѓе, што не можам да ги избришам од мислите.”

Го почувствував неговиот бол и знаев од татко ми, дека тие луѓе ги понесе некаква бура и, чиниш, се истуркани камења од надојдена вода што лежат покрај брегот на реката, така и тие луѓе катадневно ги истуркува некаква сила и така остануваат немоќни, неможејќи никогаш да влезат во текот на животот.

Тоа се тие Македонците, што ги нарекуваат Славјано - Македонци што не станале Турци, што добиле сега нови имиња и комплетна топоономастика, јазик и со илјадници послужиле за размена за еден заскитан Грк по таа нивна Пондија и Црно-морските брегови, а подоцна, тој Грк треба да го докаже неговото постоење во оваа земја...

И сега, по логиката на законот, “Елинската држава ќе опстане само ако е национална чиста”. Тогаш многу од нив кои не сакаат да се елинизираат, кинисуваат во страдања и несреќи по светот. Кинисуваат по својата патека по која животот не им бележи ништо.

И, ете, секој од нив има животна приказна, проткаена од патилата на животот, та сега ја носи, излитена, проѕирна, испарталена...

Тие трагаат по животот како слепите самоилови војници и некој допрва го почнува тој живот, ќе прашаш, зошто?

Строг е законот што им налага да си ја остават својата земја. Строг дотолку што тој народ стана скитачки, одделен од другите луѓе и секој момент животот може да им суди како што сака.

Ете, живеачката нивна, далеку од нивната земја, пушта корени, длабоки и широки сѐ повеќе, а сега на старост се враќаат како преморени птици да умрат на својата земја.

Така ми рече и Мистер Крис Корин, "Дојдов да умрам на својата земја" и сето ова ми го зборуваше на англиски.

Сакав да го прашам, но тој веќе се сврте кон шалтерот да слуша.

- Така, така, си го барате селото, а него го нема! - му рече човекот од полицијата во Лерин, пред сите нас што чекавме за разни информации.

- Што барате таму? Таму нема што да се најде, освен урнатини и пустелија, -продолжи.

- Не, не, тоа постои! - настојуваше старчето.

- Тоа се вика В'мбел. Акого нема, тогаш, вие сте го прекрстиле. Тоа имаше македонско име како и јас, - одговараше престрашено Мистер Крис, а човекот од полицијата продолжи да бара низ црвеникавите линии на картата. Во главата на Мистер Крис рој мисли:

"Ох, сега веќе сум на татковата земја. Одамна сакав да се најдам тука под тие покриви... Си припомнувам кога ќе се рашуркаше тој пролетен дожд и тој ѕун излиен како од илјада ведра, подгонен од ударите на громот и шумниот тресок од бурната струја, нѐ успиваше на рогозината мојата мајка, а кога ќе станевме по слабините ишарени од дебелите р'жанични плетенки.

Колку сакам да влезам уште еднаш во мојот двор: ќе бидам опкружен со она што го добив при раѓањето, со интимноста на нанабрените ѕидови, а на крајот на ѕидот да ја видам таа престара фурна од каде го вадеше мајка ми топлиот леб и не ситеше.

Покрај летниот чардак кага јаболкницата, чиниш, е натоварена со снег со своите гранки истурени во просторот.

Колку е убаво човек да се зарие во тој цут и да се засити за миг од медениот вкус, од вкусот на својот двор, оти тој е негов и само негов и за тоа дојдов."

Гледајќи на неговото избраздено лице, сфатив дека тагата што го принудила на ова доаѓање во својата земја е многу голема.

Веков го поминал во очекување и како орел со скршени крилја сака уште еднаш да го поздрави сонцето; живееше во надеж дека еден ден ќе се врати.

И туку, одеднаш, човекот од шалтерот извика:

- Но-о, Мистер Корин, тоа да не е во Југославија или Бугарија или Албанија, оти таму има такви имиња, а вие го барате во Грција.

- Јес! - малку налутено одговори старчето.

- Јас тука сум роден, но вие го викате сега М о с х о х о р и.

- Па така кажи човеку! - му одговори полицаецот.

Посакав да го придружувам, оти ми остави впечаток, тој Мистер Крис што се радуваше како дете. Ми причинуваше задоволство, а сето негово држење ме потсетуваше на мојот татко и кога стигнавме во селото В'мбел ми рече:

- Јас тука имам покојни родители, -рече вадејќи од колата надгробни плочи на кои пишуваше:

БОЖИН КОРЕНОВ
1856-1952 г.
ЉУБА КОРЕНОВА
1860-1948 г.

- Одамна сакав да им се оддолжам на моите родители, оти тие со години ме чекаат-рече, кога ги постави над гробните мермерни плочи.

- А вечерва, ние ќе треба да го прославиме нашето доаѓање. Ќе треба да запалиме толку голем оган во оваа темница колкав што беше тогаш кога тука гореа сите огништа, а по огнот доаѓа и човекот. Ние во оваа земја немаме знаме да се вее, ниту наша ѕвезда која треба да не води, но затоа силните огнови се рамни на сето тоа...

И, навистина за тие луѓе, огнот беше повик за таквата радост, за средбата со тие што отидоа со руси коси и кадифени очи, а сега се во длабока зрелост и најубавото од нив го искуба туѓината. Таа туѓина како душегризница во глувите и долги години што се тркалаат и само трагите можат да се одмерат во нивната душа...

Стоевме покрај силниот пламен што се нишаше од ветерот ту лево, ту десно, а низ црната ноќ продираа гласови и доаѓаа околу огнот луѓе насмеани и задоволни од тој висок пламен, чии искри се растураа низ темницата и важеаа како повик. Си припомнувам: околу Мистер Крис Корин, сите го викаа - Ристо Коренов, а тоа старче во кое радоста се зали во неговите гради, не се воздржа... Пееше толку убаво што јас сега кога се припомнувам уште сум под тој впечаток.

Во муграта од далеку, гледаме ни доаѓа астиномот Кириос Платанос Андонакис, а по него македономахот Крлес Петру, штрбав и со црни мустаци. Беше свиткан, со вовлечена глава во рамениците, исклештен. Непомирливо и злобно гледаше во нас. Тој мислеше дека само со такво држење ќе го докаже своето големо патриотско гесло.

- Вие Славофоните, како да не знаете колку имате право во оваа земја. Вие Мистер Крис..., а и ти Мистер Џоне, што си се смешал со нив и со овие огнови?... - не запраша иронично Кириос Платанос.

- Вие со тоа што сторивте, дури и покојните сакате да ги предизвикате во оваа стара Елада. Вие гледам и во прогонството не заборавивте на таа славјанштина. Но по законот должен сум само да кажам: да се изгаси огнот и пепелот да се закопа. А надгробните плочи да се извадат и да се препишат и тоа:

(ТЕОФИЛОС РИЗОПУЛУ и АГАПИ РИЗОПУЛУ)

- Вие можете вашите родители да ги прекрстувате, моите не!-му одговори Ристо Коренов.

- Уште еднаш ви велам, во името на законот!

- Јас во чест на моите покојни ви велам дека ќе протестирам пред целиот свет.

- Вие го прекршивте законот, -рече Кириос Платанос, -а за тоа се оди в затвор, но бидејќи сте туѓоземци, ќе ве молам да се извадат овие споменици и да се напишат на грчки и англиски, а Петрос Боцарис, Георгиос Минопулос и сите други од селото што избегаа, кои ве придружуваа вечерва, да им се суди по законот. Однапред можам да кажам за тежината на казната. За таквите е островот -Лерос.

По овие зборови возбудливо се одзва Петре Бочваровски.

- Рековте на Лерос, господине Платане. Таму е подобро отколку во својата земја да живееш како туѓинец. Тоа за човекот е срамно.

- Господине! Еј, господине! Јас сум Ристо Коренов, осуден на прогонство, а сега што пеам, тоа е моја болка. Не е лесно, господине Платане, да изберете само една таква вечер во седумдесетте години. А за нојеска да бидам толку слободен,

господине Платане, требаше да имам туѓо државјанство. Да се оттуѓам... А и сами вие знаете колкаво е вашето проклетсво-рече и му покажа на урнатините и на празнотијата. Знаете колкава е тежината на злото што го истуривте врз нашиот живот. И кој ќе ја измери?... Незнам, ќе бидете ли пак вие што се прогласувате за големи заштитници на човештвото..., вие што во нашата сопствена земја не правите труѓинци? Ова е едно мое големо утро, господине Платане, и во оваа вечер си ја видов судбината како тече по вашето строго корито, по овие патишта оставени од нас отуѓените, што не прошива тага таму некаде... и сега гледам, луѓето ги нема, чиниш избегаа од крик и татнеж тежок, во ова време ново...

Јадосливо се искашла и замолкна.

Мене страсно ми се сакаше да стапам во расправа со тие наречени господари, но несовршеното знаење на јазикот, ме задржуваше.

- Вие Мистер Крис немојте многу да забележувате! Тоа ќе ви пречи на вашето патешествиие.

- А вие, Мистер Џоне?...

- Јас дојдов само да ги видам луѓето и земјата на мојот татко...

- Не ви дозволувам...

- Токму така, господине Платане, зошто, навистина, сега станавте господари на ова наша земја!

**БЕГАЛЦИ**

Многу години останав во душата сосема закопчан.

Не можев да му се обрнам на срцето за минатото. Но, каде да го чувам... Јас сум сосема сам... и, сега, кога си припомнувам, тагата како тапа стапалка броди во мојата душа и ја гони во недофат...

Па, што да ви раскажам пријателе? Јас и сега сум секогаш тажен, особено кога гледам оган и дим. Погледнувам на синкастиот дим што лебди, на она што согорува и си припомнувам: утрото беше сиво, одеднаш се слушна врева, се појави толпа од луѓе, темни фигури измешани со домашни животни заедно трчааа. Толпата постојано се наголемуваше како грутка снег што се тркала низ некоја падина и како сé поширока и шаренолика река се влеваа луѓето меѓу двете езера на Преспа. Бегаа, полуоблечени и по патот си ги дооблекуваа останатите делови од облеката. Трчаа деца и жени, со несигурен чекор итаа старците. Над земјата лебдеше густ чад и така им ги дразнеше носниците на сите живи суштества, дури ничкосани бегаа, а зад нив остануваа голи ридишта, трапишта, урнатини и опалени стебла. На припеците лежеа осакатени, вошлосани војници. Огновите прилегаа на јазици, или чиниш се веат шамии, како самовили да играат. Излегуваа низ чадот опалени луѓе и се прашуваа – “ каде сега?”

Земјата како да беше испрана, или небаре се чини да се пролетни суви ветрови што ги растопуваат снеговите над црната земја пропиена со влага. Така и војната, ги гони луѓето од своите огништа, а земјата останува пропиена од нивната крв. Слушам бучава, грачат гаврани, а смртта полека лази по земјата, следејќи го човекот. Завиткана во долама на стравотија, рамнодушна, безлична, нема како сурова црна рака го досегнува човекот, но тој стапува во борба вооружан со мислата, чекори до светлината на животот, наросувајќи го со крвта на срцето својот мачен, осамен, непознат долг пат...

Но и колку да брза човек ќе посака да слушне, да види да забележи: - “Зошто човекот го гони човека?” Оти овие луѓе,

засекогаш секојдневната среќа, среќата домашна ќе ја нема... Ќе ја немаат својата татковина.

Најпотребното, нели? Но, кога и да е, никој од нив нема да заборави да викне: “Каде си ти, каде, татковино моја?” Оти, никој од нив не понесе сé...

И, ете, тие престанаа да бидат стебла со длабоки корени во таа земја. Тие престанаа да бидат плодни корени. До тогаш тие се интересираа само за своето парче земја, на кое беа израснати како стебла со длабоки корени. Тие неизмерно ја сакаа таа земја, бидејќи таа ги хранеше. А сега, како откинати лисје ги завлече ветрот и ги развеа насекаде... така одеднаш ги снема тие луѓе како плисната вода на песокот... тие тагуваат прогонети по светот, како облаци понесени од лошите ветрови.

А за човекот е доволно само да му се распара конецот на животот и неговите стапки од одот се нижат како бисер од разни мониста, бели, црни, тешки и лесни.

И таквиот бисер е сопствен, не личи ни на еден друг, но можеби тatkвите бисери приличуваат по форма на многу луѓе, но не и по тежината и боја на монистата и сега така од животот ќе се ниже тој бисер... и тешко е да се загнезди човек од туѓа земја.

Никогаш нема да ги заборавам тие дни...

Чекорев сам и последен. Патот мирисаше на крв и пот, расфрлани нешта. Луѓето газеа боси над искршена срча, а сакатите се молеа налегнати како крајпатни камења, очекувајќи ја смртта. Само мајките беа присебни, итаа со своите деца барајќи скривалиште. Тука го гледаш човекот како чекори болно, растажен, несигурен до следната станица на животот. Пред човекот се растегнале стапалки во недоглед, некаде водат... трската и врбјакот осакатени дремеа, а усвитените ѓулиња што паѓаа во езерото, чиниш се жаби исплашени што скокаат од брегот, се забиваа во тињата за секогаш.

Бегалците, како пролетно јато птици, илјадници стоеја на работ од албанската земја и со свртени очи гледаа во димот, слушајќи

пискотници и се збогуваа со она што го завеаја ветровите во тешки намети... беа во жална состојба, исцрпени и капнати...

На земја, на припеците, со денови лежеа покрај камењарникот, очекувајќи ја топлината на сонцето поделена подеднакво, спиеја, хрчејќи испотени, запарени луѓе. Тоа беа повеќето жители без кров: старци, жени и деца, ретко осамени војници кои си ги изгубија своите единици или бараа некои од налегнатите.

Деновите се влечеа гладни, а ветрот им донесуваше пиштење и некаков вкус на пепел. Се чувствуваше бескрајна тага во виењето на црвениот ветар. Фучеше тој црвен ветар, го бодеше човека и околу него виореше во облак со мирис од изгорен вкус...

А во далечината останувaше една осветлена бара, тоа беше разлеаното езеро на Преспа. Неколку карпи, како да сакаа да го видат ужасот, излегуваа од водата, парајќи ја со главите светлата површина. На песокот лежеа напуштени рибарските чунови, плискајќи над нив разлутено брановите. Тогаш почувствував како срцето ми се исполни со некое големо чувство на длабока тага. И за прв пат чув од утробата на земјата: “Збогум, мој сине, збогум мое чедо, знај, дојде време, треба да одиш, зачекори и оди... оди”.

Поминував низ едно село, тука- таму забележав расфрлани партали од облека. Во едно гумно покрај плевната на ѕидот навалено седеше едно дете. Викнав: “Момче! Ајде, со мене...” Но кога се доближав до него ме опфати жал, тоа беше прободено, а играчките околу него мируваа. Имав само толку време да го наместам на грб.

Од гласот и шумот на мојот од, на неколку метра се покрена еден пристар човек, лицето му беше облеано со крв.

“Човек ли си?”, запраша тој. Јас се притаив. Тогаш тој почна да трча низ дворот со раширени раце. Трчајќи силно се тресна од еден ѕид, и од болката почна да вика: - “Луѓе, браќа, сите што горите со љубов кон луѓето и сакате правда на оваа земја!

Погледнете на пакосниците. Ете, тие се, молчат! Но, знам, еден ден и тие ќе умрат, но пакоста нивна ќе остане... и само нашата чест како луѓе што си ја сакаат својата земја, ќе остане како најубав украс. Оваа не е ваша земја, оваа е земја на оние што избегаа, што сега од болка некаде се во длабок молк. Овој двор е на мојот внук и тој еден ден ќе се врати по крвта на татко му и сега по мојата...”

Уште потешко ми стана, но сепак молчев.

“Молчиш, а? Страшлив си! Јас, иако очите ги изгубив од болката, уште издржувам. Или ти причинува задоволство да ме оставиш да се акам по ѕидовите...”

А јас не се задржав и почнав со него да викам и да ја правам на парчиња машинката што ја носев како војник.

Вистината да си ја речам: толку ме возбуди и ме трогна тој старец, што сега понекогаш се наоѓам под неговиот впечаток.

Сега чекоревме двајцата. Старецот со надеж дека ќе го пронајде внукот низ бегалците...

По патот имаше многу луѓе кои бараа помош. Можеби ги бараат семејствата, како што јас си ги барам моите. А јас не можам да си припомнам, кои беа тие.

Сега си припомнувам: низ толпата чекореше и една слепа старица. Во рацете стискаше едногодишно машко внуче.

По патот ја водеше, клинкајќи со јазикот истурен една кучка врзана за појасот. Одеднаш во ноќта ја здогледав како ја моли кучката да го пронајде внучето.

“О, господе! Кој ја заколна земјава да живее без луѓе, без питом добиток. Зар нема повеќе луѓе на оваа земја”, викаше старицата.

“Тихо, мајко”, и реков.

“О човеку! Дојди, дојди синко”, ја нишаше главата молејќи ми се:

“Остани малку со мене, имав внуче, сега тука го изгубив. Друго сé што имав, остана во огнот... Ете тука бев седната во близината, но животното што ме водеше, ме завлечка... Одамна се вртам, слушам врева од луѓе и пукотници, но сите бегаат...

Остани малку со мене, човеку! Те молам. Ете толку време го молам господа, но тој, нека ми прости, оглувнал.

Овие што не гонат се посилни од него. Па да ли се луѓе, бре синко. Да не е некоја божја сила, што сака да го запусти ова парче земја. Тоа и гозборувам на кучката толку време, но што да сторам кога песот не ме разбира.”

Старицата стоеше возбудена, од нејзините слепи очи течеа солзи. Таа ми ја подаваше раката и некако ме фати за полите на искинатиот шинел. Сакаше многу да ми каже, како да бев јас одговорен за војната.

“Ете, синко, тука останавме и јас и кучката, но таа ја нема, а јас – слепа”.

Кога го пронајдов, тоа беше обесено за дојката на кучката и локаше ненаситно, а животното лежеше мирно.

Застанав и долго гледав.

И се заканив на кучката, и таа квичејќи стана, а бебето гугаше на глас и кога слушна старицата ми рече:

“Сполај ти, синко”.

- “Земи го мајко, тоа е сега сито...” реков.

Старицата се натажи. Брчките се натрупаа на челото.

Само видов кога ги затвори очните капаци над слепите очи и страшно ме потресе врисокот..., а таа бегаше назад избезумена

и колнеше... По малку, по нејзе истрча и песот. Отидоа далеку, далеку во ужасот...

Сам. Го слушав само одѕивот на планината. Во просторот се ткаеја патиштата од усвитените гранати. Езерото како да беше потресено, стегнато молчеливо и темно меѓу планината, ме повикуваше на збогум...

На прашливиот пат, траги од крв. Пред мене, со раката обесена на војнички ремен преку вратот од тешкиот слом со сета болка, еден војник застанат над една плоча, чекајќи ги капките од топлата крв да капнат, запишуваше:

“ЗБОГУМ РОДНА ЗЕМЈО”.

**КОБА**

(Низ сенките на прогонот)

До залостувањето на вагоните пропатуваа босоноги.

Под грижата на една “Мајка”, назначена од комитетот на бегалците и некои од домашните кои не беа способни за војна.

Поделбата по вагоните не беше така строга. Од големата толпа деца, како што се полнеше вагонот, така и се формираше групата од машки и женски малолетници до десет години, а тие поголемите патуваа по друг распоред.

Подот од вагоните беше послан со слама, а во двата спротивни ќоша имаше кофи со вода за пиење и за нужда.

Прва влезе Парашкева Дабевска на која сите и викаа “Мајко”. Така им беше речено, а таа се грижеше за сите нив.

Процепите уште со влегувањето беа зафатени од посилните, од поголемите. Тие, слабите, помалите пропатуваа без ништо да видат... И тука владееше посилниот.

Писок. Забревтани вагони. Процепите беа фатени.

Разделба. Отѓување на потомците... Останаа само шините што ја покажуваа насоката и едни раце издигнати со вечно збогување. Помалите тоа не го видоа. А ќе си го запамти ли родот секое од овие деца?

Ноќ е. Се чувствува страв. Сите се со лица без израз, без разбирање... Здодевност. Се чувствува тој железен ѕид меѓу светот и нив. Само лутината на студот се упива во тие ѕидови и, ништо...

Однадвор луѓето насетуваа, но детскиот лик не влегуваше во нивните очи. И нивниот глас стивнат, уплашен, не допираше до нивните уши.

Деновите траат, патуваат во уште поголема животна неизвесност. Во присуство само на едно сурово гладно секојдневие, помеѓу овие железни ѕидови, во кои злобната судбина ги напика сите со по една заедничка “Мајка”.

Ноќ е. Би требало со ѕиркањето низ процепите од вагоните да се забележи сѐ, да остане сѐ во сеќавањето, втиснато во детските души. Во потомците...

Некои исцрпени се превртуваа на тврдата “постела” и долго размислуваа за тие слики, на разделбата од едни раце што сакаа да останат барем уште малку, само малку... и кинисуваа со една надеж: “Можеби по нас ќе допатуваат: и тато, и мама, и баба и...” и така заспиваа ничкум.

Патуваа. Само силното затресување на вагоните при секоја станица ги разбудуваше децата, гледајќи на светлото што им се напикуваше низ секој отвор, низ пукнатините, како оптегнати синџими, шарејќи ја темнината накрсно, а во ќошковите од тој тресок се отплиснуваше вишокот од кофите.

Нивната “Мајка” држеше неколку главчиња од послабите, што блуваа по долгото клатење на вагоните...

Излиеното се цедеше под сламата и капеше под вагонот како раскапана чешма. Се издишуваше. Вагонот не држеше сѐ во себе, а тоа беше од оние децата...

Секое стискаше по една излитена торба полна со трошки од 'ржен леб, месен од рацете на својата мајка, од житото на својата земја. Во вагонот сите патат за нешто, како и големите и малите сега се во трагање на животот. И ништо, ништо, од никои... записот што треба да го стори секој, не само за својата судбина, но за сите нив... За бесот на насилникот што ги прогонува... и за тие дотраените вагони?

Ќе може ли Парашкева Дабевска на сето тоа да се сети, да раскаже на потомците, колку ги имаше? Многу! Колку беше тој нивни живот во тие вагони? Чиниш, во вагонот е само еден живот, само една “Мајка” за патувачите...

***

Пак низ процепите гледаа на тој свиреп ветар што ги одронуваше лисјето и ги однесуваше каде сака. Едно со друго, дацата не сакаа ниту да се погледнат в лице од страв да не заплаче, оти играта тука им беше отсутна, во просторот што беше нем и ладен...

Ноќ е. Во Краков на катедралите ѕвонат часовниците.

Веќе три дена е празник. Улиците се преполни со весели луѓе.

Децата со знаменца, вртелешки им мафтат, тие на чело со својата заедничка “Мајка” минуваат низ плоштадот како протерано булуџе од јагниња. Срамежливо со нивните ткаени груби облеки.

- Просим пане, од каде се овие деца?, - прашуваа развеселените луѓе.

Од Костурско, Леринско и Преспа, од Македонија, - им одговараше Параскева Дабевска.

Есен е. Дождот, чиниш, ги залива нивните траги...

погледите им се раштркани, се потсопнуваат, колонката уште е цврста, се држат за рачиња, но не знаат каде патуваат.

Преладени децата кашлаат. Недела е. Во домот се одмара и Парашкева Дабевска. На сите им е тешко да одвикнат, сега од “Мајка”, да ја викаат “Тетко”, оти таа веќе ги предаде на воспитувачите. Тешко беше и нејзе. Сега е ништо без нив во туѓа земја и не сака да ги напушти, а животот вели да оди во некоја фабрика. Таа не може да биде воспитувачка, педагог, не ја познава детската психа, таа само ги донесе, но децата пак се собираа околу неа, а таа боледуваше, така и ја памтат тие. Парашкева Дабевска не можеше без нив; се чинеше дека треба да остане врзана за судбината на тие деца. И така боледувајќи умре, а на закопот децата плачеа како на своја мајка.

Неколку деца стоеја на прозорот. Им доаѓаа желби, за нешто големо и семоќно. Секакви мисли им се трупаа во главите.

Гулабите од спротивна страна, тажно ги преместуваа своите модри нозе... Тие љубопитни птици гледаа во туѓинчињата, во нивните заматени очи, што по стаклото о едната страна плискаше дождот, а од другата страна на прозорот се разлеваше нивниот плач по притиснатите носиња на ладното стакло. Едно од децата им вели: “Дедо ми велеше, ако на животинките им ги земеш младенчињата, тогаш, нивните родители нема да навраќаат во своите седела...” А можеби и со луѓето да е така?! Кој знае...

Пред нивните прозорци поминуваа забревтани локомотиви и здивот го оставаа над вагоните што се нижеа низ маглестиот чад.

Некои од децата се пречкаат крај прозорците: “Тоа е нашиот воз, можеби доаѓаат нашите мајки, татковци, баби...”

Слегнуваат патници. Доаѓаат од далеку, од другите градови. Се враќаат во своите домови, со своите да празнуваат.

“А каде сум јас?...” - прашуваше секое дете.

*КОБА (Низ сенките на прогонот):

Три најважни причини беа за да го напишам овој расказ (роман), па нека суди почитуваниот читател, дали во сé што се случи во Граѓанската војна, не водеше нашиот разум или туѓите идеолошки пропаганди, па дозвливме да ја обездетиме македонската куќа и ја промовиравме мекедонската жена-мајка во борец на ДАГ, за по ликвидацијата на ДАГ и многуилјадните жртви (1945-1949) и со тоа да доживееме национален пораз.

А сето тоа се потврди по ликвидацијата на ДАГ кога од емигрантете по Европските земји, враќањето на политичките емигранти(Грци и Македонци) и овие одземени деца на своите

родни огништа, беше условено со: "...Враќање само Грци по род."

"Нова Македонка" весник на АФЖ.

"...Денеска сите се насолзивме. Се трогнавме како никојпат. Седевме во сенката под една топола. Никој од нас уште не спиеше. Се стемнуваше и ќе тргнувавме на работа, ноќе работевме. И... еве ја другарката Цвета од АФЖ. Само што иде, ние се радуваме. Кога е со нас, не знам зошто не се плашиме нито од топот.

Овој пат ни донесе писма од нашите деца, коишто се наоѓаат во народните републики. Ги читаме писмата, рацете ни се тресат. Срцето ни чукаше силно, но нашите ластари беа далеку. Што убаво ќе беше да ги бацевме малку!

Но тука идат аероплани. Алтилеријата фрла гранати по нашите села.

Колку е убаво што нашата Влада ги испрати таму нашите деца, за да се
спасат.

Сега ни се наполнаа очите со солзи. Ни пишуваат дека живеат добро... Само за вас мислиме, ни велат, вашите маки, војната...

Кутрите. Кога ќе си ги видиме пак? Ќе ги видиме кога ќе се ослободиме. Што убаво... Но за да се стори тоа ќе треба да го победиме фашизамот. А за да го победиме поскоро сите треба да се бориме. И ние во укреплениjата се бориме.

Ваношка напревивме повеќе три (3) бункери. Тоа го правиме за да ни се вратат побргу нашите деца, за да си одиме дома ние и нашите мажи..." Читаме:

"...Не, јас не го оставам мојот другар, мојата сестра и брат ми да се борат овде, а јас да заминам со децата. Знам дека тие ќе бидат безбедни, имам полна доверба во избраните афежитки, а јас овде ќе можам повеќе да придонесам за борбата."

СТАВОТ НА КПГ**

Пишува: Василис Барџиотас-главниот комесар на ДАГ.

“...Исправниот и достоинствениот човечки потвафат на ДАГ се карактеризира од владата на Атина како… “Собирање на деца”... “чедоубиство”... и “јаничарење”. Но вистинско собирање на деца и јаничарење направи и истата држава на Атина, од кои деца на партизаните од ДАГ, со невиден терор и не човечност, паднаа во нивните раце и ги имаа затворено во разни логори, во таканаречените “Школи на Фредерика” во островот Лерос, каде навистна ги воспитувавaа на јаничарење и им велеа на децата дека нивните родители се предајници и треба да ги осудат…”

СТАВОТ НА ВЛАДАТА ВО АТИНА

Грчката влада на 27 февруари 1948 година достави официјално барање до ( United Nations Special Committee on the Balkans (UNSCOB):

“Дека грчки деца се движат под притисок од партизаните подалеку од границата, во Албанија, Бугарија и Југославија, исто така и во други држави на источна Европа и се задржуваат во овие земји.”

Подврдено, исто така, дека од “Предатели на Генерал Маркос имале почнато попис на околу 28.000 децата на возраст од 3 години до 14 години, во Северна Грција.”

Целта на оваа акција може да се објасни со следното:

Да се заплашат грчките семајства и со тоа да помогнат на партизаните.

Да се обучат грчките деца со комунистичка идеологија.

Да им се уништи грчкото сознање и да се одалечат децата од својата нација.

Да ја напуштат обработката на земјата и да се пренудат фамилиите на избегат од внатрешноста кон градовите за да ги згрижат своите деца.

## НА МРТОВ ДЕН

Сурова магла се постелуваше по острите карпи, завиткувајќи ја долината во студенило и непровидност.

Неведнатите стебла како да се жалат на времето, дремејќи излетуваа од нив по некој нездрав жолт лист. Скриено плачат и одвај може да се долови тој нивни плач од сувиот ветар што ги бие.

Булуците ги нема да пасат по стрништата, не блеат по белите плочи, каде што лижеа сол уште како јагниња. Го нема младешкиот, ѕвонлив и свеж глас... Троската се простира над изриениот селски пат и се преплетува. Стапалки нема.

Тишина...

А животот, сепак, како да продолжува, иако човекот е сосема отсутен... Многу води ќе истечат и векови ќе одминат и многу ќе се измени, но никој не ќе може да ги спречи птиците да летаат високо низ розовите купови облаци над бескрајно разлеаниот Вардар. А луѓето кога и да е, постои надеж, ќе ја испеат својата судба со зборовите на новите години.

Замислена, престегната со шајачен елек чии рабови се опшиени во три ката со гајтан на винска боја и испреплетени со срма- старицата чекореше сосема сама. Подзастана и го фрли погледот кон планината; опалените стабла се сторија небаре луѓе кои одат по 'рбетот нејзин. Пресушениот јаз како да ја фати за рака и кога стигна до меѓата таа ја подисправи старечката снага, собра малку сила и рече:

- Добар ден градино.

- Добор ден, Стопанко. Дојде, а си остарела, уште повеќе. Косите ти побелеа сосема. На стапче се крепиш.

- Поминаа години, градинке. И ти си огрдела, има толку години да дадеш род. Денес така наминав, овој ден е на мртвите. Дојдов да соберам цвеќе.

- Знам, Божано, те чекав, но ти гледаш дека сум гола.

Питомото цвеќе одамна го нема. Тоа си замина со младите...

- Тогаш, барем да ве видам сите; нивата, ливадата, корijата..., оти побегнав од пустите мрачни мисли. Го оставив немот и тргнав низ полето. Во куќата сé ми молчи. Само јас разговарам со нештата кога ги употребувам, а и ги колнам, плачам над нив, ги подредувам, а некои ги чувам како очите...

Нивјето стегнати и голи се простираат низ полето и уште меѓите бележливо означуваат поделено парче земја...

Старицата го фрли погледот во широкото поле. "Земјата сега се одмара, таа одамна го даде својот род." - прошепоти старицата. Стои скаменета пред нивата, а на лицето се појави скришна насмевка која и ги растегна начичканите брчки.

- Седни, Божано, не стој! Нозете те болат. Седни на каменот! Ти ретко доаѓаш само кога се овие тешки дни, што ги празнуваш.

- Дојдов, оти уште како девојче бевме заедно, си спомнуваш? Колку бев палава, тогаш! Што бев, едно босоного девојче. Дедо ми ли беше тој, што ти ги стави меѓите или прадедо ми; старост, не си спомнувам, но знам, ми рекоа ова КОБА И парче земја е наше. Бев чудна девојка, имав 19 години кога се сретнав со Донета. Тој беше вратен од овчарче, замовченото лице му беше румено, српот му блескаше во рацете, прибирајќи ракојатка класје, ме погледнуваше накосо... И сега, кога ги затварам очите, го гледам како тогаш. Кошулата ја носеше наметната на рамото под српот, а градите испечени како тврд камен. Насмевката негова ме правеше да бидам позабележлива...

Недалеку од каменот каде седеше старицата, растеше клен. Божана го гледаше. Полето го осветлија жолто-розови сончеви зраци и го покрија лесни прозражни облачиња што се испарија од раната магла.

Селото, притаено покрај присојот, даваше жива слика иако таму сега немаше човечки живот.

- Доне беше работлив, ја жнееше 'ржта мајсторски, не успеав никогаш покрај мене да му го слушнам српот, ракојатките една по друга и полозите ги распостелуваше како налегнати дечиња. Одевме секогаш први на работа. Сите други спиеја кога ние кинисувавме за в поле. Еднаш бевме легнати тамо кај дрвото, на крајот, над посланата ѓурдија на Донета.

Ни беше прва ноќ. Тешката рака на Донета ми ги галеше образите, челото, косите и од внатре од дланката слушав колку радосно и силно чукаше неговото срце. Го прашав: - “Доне, ти веруваш ли, ќе живееме среќни”. Одговори.

“О, верувам, верувам, среќа има”.

“Ако се подели земјата и водата на сите по токму и ако си ја имаме и ние нашата нива, ако ораме и сееме, ако ја жнееме нашата ‘рж, да, ќе бидеме среќни...”

Поголема радост човекот не бара. Среќата за орачот е да го жнее она што си го посеа.

Погледни, за сите има место, земјата за сите им ги отвори своите гради - живејте луѓе! Гледаш ли, какви зрна ‘рж ни дава...

- Не знам зошто, но тие зборови ги засакав премногу, ми дадоа голема радост.

Го прегрнав и му го целував сонцеопаленото топло лице. И сега уште, кога си припомнувам, плачам. Не знам зошто. Еднаш ме прегрна и ме отркала над ‘ржта, ме стисна силно и извика на сонцето:

- Еј, сонце! Погледни, ова е жена ми: види ја, и затоа плати ми, сонце со твоите зраци, со своето силно светло.

Не можев да се воздржам од радоста што ми ги поплави градите... Старицата го фрли погледот далеку и долго остана нема.

Божано, ти кога доаѓаше, запаметив, ти носеше лулка, со снопјето правше сенка; ти ништо не велиш за тоа..., каде ти е родот? Старицата како потресена стана од каменот и го притегна елекот, со шамијата се забради.

- Душманко, знам, немам солзи, седум лулки беа, затоа избегав од дома. Смртта нивна тешка е, јас сум мајка која ги испита страшните удари на судбината. Кој ќе ја измери мојата горчина? Многу пати го замолив господа да ми ја прати смртта. Господе..., Немам во мене повеќе сили... не можам јас..., прати ми ја смртта, те молам, тебе, боже..., - викаше старицата.

Погледна на кај присојот и се присети: "Сите тие куќи над брегот некогаш гореа, колебајќи ги ветерот, косите јазици од пламенот кој проникнуваше низ црниот чад, и кон небото летаа црвеникави искри".

Сега во душата нема смирување. Ете, селото е толку старо што само еднаш запамти дека околу него не зеленеат градините, не белеат нивите, а на присојот само урнатини...

Срцето на Божана заклокоти, рацете се стресоа.

- Нивичке, ти, досега одмараше од жнеењето. Ти го знаеш целиот мој живот. Сега сме сами, ти и јас. Денес е денот на мртвите. Кажи нивичке, кажи ми родна земјо, во кои времиња и која мајка се намачи толку, од седум да немаш да видиш ни еден? Стопанот го закопав редно, а Георѓи, Петре, Васил, Елена, Ристо и Велика...

Доне додека беше жив одеше по коските, насетуваше по крвта, се распрашуваше и ги донесе коските на Георѓи и Ристо. Тој умре и коските останаа неприбрани.

- Не знам, Божано. Такви лоши времиња најстрашните стебла не паметат.

- Ох, нека сум јас последната мајка, која ги чека така своите синови. Нека не даде бог, никоја мајка така да чека, оти, секој поглед во зорите кон ’рбетот од планината ме тера да викам, деца побргу дома... Ми остана само едно крајче од животот. Кога гореше оваа земја, таа се спаси одејќи во туѓина.

Отидов да го видам, тој ми е најмалиот син, живее во туѓа земја, отпишан е и не е син на оваа земја, а е мој син... мој!

- Знам, Божано, не плачи, јас сум крива што те потпрашав...

- Јас не знам дали е ова светлост или е мрак, и гледајќи кон сонцето ти извика: - Ах, сонце, ти што грееш топло и ја гледаш земјата, зборни им на луѓето!

И ти мајко земјо, ти што ги храниш луѓето кои се заселени на сите твои краишта... ти драга земјо, зборни им на луѓето. Јас имам уште еден син и тој беше син на оваа земја, оти тука го родив, на ова тло.

- Не, Божано, такви гласови има многу, зборни им ти.

И ти си човек. Ти си на твојата земја. Ти на ова земја излула седум лулки.

Старицата полека, стапка по стапка киниса...

Сега пак студенило во душата и во долината!

- Одиш, Божано.

- Одам, ме викаат мртвите, ако останам жива, пак ќе дојдам. Но силите си одат денизден... Вчера на сон беа собрани околу мене и ми зборуваа: “Зошто мајко, не сакаш да се поодмориш малку, ти си толку слабичка и уморна... Остави ме да ти ги стоплам рацете. Ох! Рацете... Колку ти се студени и жилави!

Што повикуваш така, што ги рашируваш безочајно...

Оди мајко... Оди и живеј кај Борче, ако е далеку од нас, тој беше и најмал нека те гледа...”

- Си разотидоа расплакани, ги испокарав. Им реков:

сакам да бидам со нив на земјата што ги родив...

## СЛЕДОТ НА ИСЧЕЗНАТИОТ РОД

Како на денешен ден ја закопавме нина Пандојца.

Беа само гробарите, стрико Пандо и јас. Дуваше силен ветар, ни се напикуваше дури во коските. Лош ветар, небаре ќе не однесеше некаде пустелијата со мртовецот. Тоа го рече и еден од гробарите што личеше на џин. Силен маж, со малку одземен глас, но тој најмногу заслужи за закопот на нина.

Необично брзо ја спуштија во гробот, само стрико Пандо нé задржа кога пријде кон отворениот ковчег и ги бакна рацете, челото и усните на нина, и рече: "Нека ти е лека земјата, ти ми беше верен сопатник", и потоа сите немо ја буричкавме ископаната земја, фрлајќи бучно над ковчегот, се додека не се прибра сета ровка земја, што беше извадена од ископаната дупка. Најпосле, тој, џинот го зеде крстот и го заботи силно, така што, на сите им се пристори, како да го допре мртовецот, кога се слушна тапиот удар на ковчегот.

Потоа сите си ги истресовме рацете со нечујно плескање, чиниш извршивме некакво тајно дело и ги повторивме зборовите на старецот: "Нека е лека земјата".

Никаков обичај не се изврши, како кај другите покојници, само старецот Пандо, извади едно шише и ни се обрна: "Да се напиеме за душа..." и сите по ред голтнавме од ракијата, но најпојќе тој џинот. Подавајќи му го шишето на старецот му рече: "Стари, ракијата добро ни дојде, против овој ветар" и остатокот од шишето стрико Пандо си го допи пред куќата, кога се вративме.

Сега ја гледам сликата на нина и ме прави да плачам, оти така едноставно ја испративме. Таа пред умирањето се научи да се смее на глас кога ќе го видеше човека да ја сожалува и да биде кроток со погледот. Многу ги сакаше луѓето кои пред неа беа горди, чиниш со тоа таа причинуваа некакво задоволство, но одамна имаше минато тоа време кога нина не сакаше никого, а при крајот на животот како да се враќаше радоста, изгубената младост, станувашe сé погорда. А тој, стрико Пандо, во младите

години подмамен од некое исконско чувство кое му ги разгоруваше неостварените желби, ретко се свртуваше околу нина.

Можеби, нина премногу го сакаше. Тој, омилен меѓу луѓето, умееше да им објасни што е тоа слобода, ропство, пониженост и им читаше реферати, потсетувајќи ги на сето наше минато. Им донесуваше примери за слободоумноста на човекот и неговото опстоење.

Повеќето му веруваа, а некои се плашеа да не ги досотрат платениците на бандитот Статис Хондрокукис.

Тогаш, трепереше и нина по него, но тој беше храбар.

Врталиште не му се знаеше. Така и го разбираше нина: "Дека тој му служи на народот..." Можеби со таа мисла, сакаше нина сега гордо да го заврши животот. Умирајѕи му порача на стрико Пандо да не биде од свештеник опеана и да ја закопат без поп... Нина веруваше во господа, но повеќе си го сакаше мажот кого таа сиот живот го сакаше и остана да му верува, па и сега заради нејзе да не биде грден од луѓето што тој во тоа време им агитираше против религијата и сé што го заслепува човека, околу непотребните обреди.

Сами сме на овој помен, јас и стрико Пандо. Тој пие и си потпевнува, а јас си припомнувам на онаа крвава мугра кога, зедно со силниот ветер, се појавија околу нашите домови наоружани бандити со долги бради, што ги носеа за да бидат пострашни. Многупати доаѓаа, но сега го бараа стрико Пандо.

Ја тепаа нина, силниот ветар ги запретуваше долништата, а тие се наблазнуваа како чопор од волци. Ја одвлекоа подалеку од нас, помисливме дека ќе ја убијат. Сите очекувавме истрел, но по малку ни застана здивот кога се појави силен пламен и боботеше во куќата на нина. Гледавме вџашени. Тогаш ја видовме како трча нина со разголени гради и без здолниште да го гаси огнот, а тие брадестите седнати како сватови подалеку, ручаа конзерви и се кикотеа, мазнејќи си ги брадите. Нас ни

беше дозволено да гледаме. Нина викаше: “Помош, луѓе, браќа!!” викаше нина, колку што имаше сила по нас народот:

“Народе е е е!!!”

Пред нас притрча баба ми Велика, но еден од брадестите ја удри со кундакот по глава и таа умираше полека пред нас.

Нина, кога почувствува оти не може да му се спротистави на високиот пламен секнаа солзите, па почна со невиден бес да фрла што ќе најдеше околу себе. Се обидуваше да влезе низ големата врата, но чадот и пламенот ја соборуваа.

Тетеравејќи се избезумена трчаше околу куќата викајќи: “Јано о о!, Гоц е е е!!, мајќи ни... Пандо о о о!!”. Тоа го правеше сé додека не се слушна струполувањето на ѕидовите и во тој миг надваса прашината која создаде огромен облак пред нина и од тогаш таа остана нема сé до пред смртта кога почна да се смее на глас.

Највознемирена беше кога дуваше силен ветар, гледаше во виорот од прашината и остануваше немоќна, трчајќи низ урнатините, задржувајќи некои греди што стрчеа.

Нина правеше врвки од облеката и ги врзуваше цврсто. Тоа го правеше и дење и ноќе, само ако ја пробудеше ветерот.

На почетокот, ја мразеше ноќната светлина, огнот ја тераше да плаче, но водата правеше задоволство што везден ги поливаше урнатините и дворот. Сé повеќе се оттуѓуваше од сите нас и храна примаше само од сестра ми, која тогаш одвај имаше заодено во третата година и за сето време повторуваше: “Нино, кој ги изгоре Јана и Гоце и баба, а нино, каде се сега? А, нино? Кадесе нино?”

Нина ја земаше во раце и ја стискаше во извалканите гради, а сестра ми плачеше на сиот глас.

Од мене со задоволство примаше зрели сливи, што ги нудев со грст од моите длабоки и широки џепови. Ги јадеше со задоволство, но никогаш не сакаше помалку од два грста.

Храната ја сместуваше во стари грништа, оштрбени, што ги имаше присобрано од отпадоците низ кои сега се меткаа глувци. Со неверојатен бес се однесуваше кон лимените конзерви што имаа етикета. Ги ставаше помеѓу два камења и ги толчеше одмазнички. Така удирајќи, заскитуваше по долот низ трњето сé додека не ќе ја изгубеше обезличената лименка.

Се враќаше изморена, немајќи сила спиеше каде што ќе најдеше.

Еднаш надојде многу војска за да ги запоседне ридовите над нашето живеалиште, поради некаква стратегија; ридовите биле важни, но кај сите жители завладеа таков страв што сите мислеа ќе не изгорат како глувци. Нина не се исплаши, се нафрли на војниците и почна да ги каменува.

Фрлаше со сé по нив, ги навредуваше и ги грдеше. Им велеше:

"Ете, пукајте, моите гради ништо не ги пробива. Тие се јаки.

Сакам да умрам за сите овие луѓе што се плашат, јас сум дел од нив и оваа е нивно што го чувам...", покажувајќи на урнатините. " Пандо мој ме научи да умирам за народот, за овие... и за вас... Пукајте, зошто ги носите тие пушки, да им се мочам во цевките. Ха а а, ха а а и во машкоста ваша".

Многу од војниците ја зедоа на нишан, но кога ја виде главатарот им рече: "Не, оставете ја... Оставете ја за да ја запамети и поколението, оти тешко се убиваат тие луѓе што сакаат да умрат за народот... Подобро човек да ги убие овие, плашливците", покажувајќи на нас, главатарот со презир рече:

"Таа и како неа ќе му објаснат на светот за сé што секој направи во војната. Оставете ја. Храбра си ти, жено!".

Потоа си ја прибра војската и ги запоседна ридовите, а нина победнички се врати во дворот. Седна над еден камен и питомо гледаше во мене и во сестра ми, и почна мирно да се треби од вошките, гмечејќи ги одмазнички помеѓу двата големи прсти. Понатаму од нас стоеја жителите, чиниш чувствуваа некаква вина. Се слушаа зборови: “Проклети сме, изигруваме човечност, ја жалиме, а Пандојца изгуби се заради нашата чест, сега е одредено да се брани сама...”

Но, нина не им обраќаше никакво внимание, само кога ќе фатеше низ косите голема вошка се насмевнуваше и продолжуваше да прави патеци по косата сѐ додека не се здодееше со прошчењето, потоа продолжуваше да ја преместува храната од едно грне во друго. Но најмногу сакаше да ги полива цвеќињата што во урнатините слабо виреејa. Така си живееше нина сѐ до тој ден кога присилно не иселија од нашето живеалиште.

Сега го гледам стрико Пандо, тој веќе ја допи ракијата.

Ме загледа и тогаш му ги видов очите со колкава болка ме гледаат, како нешто во него да се крши, ми рече: “Не требаше да ја испратам, така нечујно...”

***

По закопот на нина Пандојца, од родот останавме јас и стрико Пандо. Тој сега за никого не води грижа. Се облекува од оние излитени шеј што на луѓето им се отповеќе, но од некоја причина не сакале да ги фрлат, туку од сожалување сега му ги даруваат нему.

И храна прима од секого. “Питомста го одржува”, велеа тукашните луѓе што сакаа да го распрашуваат за сѐ, дури и тоа од кај му е коренот. Но, повеќето велеа дека не му се знае потеклото. Па и за срамни работи го опитваа, но за тоа повеќе го задеваа дечиштата и вдовиците што шетаа натутулени во Паркот на “Жената”.

Катаден стрико Пандо, тука, низ луѓето, си минува итајќи некаде да стигне, чиниш небаре некого од најблиските бара. И по дожд и по студ, стрико Пандо си шеткара гологлав, а понекогаш ѕирнува љубопитно во некоја полничка жена, што влечка со себе палави дечиња. Застанува, ја вади пожолтената слика од длабокиот џеп што допира по гола кожа и гледа, ту во жената, ту во сликата на која што е тој и нина Пандојца, со дечињата во скут.

Во тој длабок џеб стрико Пандо има собрано сѐ што му остана и сѐ најмило што го чувствува, сѐ што му ја топли душата. Но, сега кога ја гледа сликата ги замижува очите и прави така, чиниш не знае да заплаче. А никој не може да му забележи за нешто алчно. Луѓето, се разбира, по некој од нас, сакаме да знаеме сѐ, особено кога нѐ напуштаат грижите, ни станува многу убаво на душата да си ја напикаме нашата вродена љубопитност во нечија судбина. Тогаш нашите чувства дрочат кога ќе им најдеме духовно поило, што не ни го чепка болот и сакаме тие мигови да си ги минуваме отпуштени, задевајќи ги оние што сакаат да го закопат тоа што ги прави да имаат помалку радост од сите нас, што живееме среќни, насмеани, загрижени затоа што немаме поголема љубопитност, што им се потсмевнуваме на старомодните модели и сѐ повеќе ни се раѓа желба да се пречкаме.

И тој, стрико Пандо, ми стана неподнослив кога постојано ме распрашува за баба ми Велика. Јас стопати му кажав, а тој пак истото ме прашува.

“Ти кажав, бре стрико Пандо”, му велам. Ја закопавме по сите наши обичаи, што ни ги оставија старите.

Но, тој пак: “Ама дали имаше и поп?...” и... “и, што” му велам налутено. “Закопот траеше цели два дена. Ноќта ја чувавме со запалени свеќи и кандило. Мајка ми постојано дотураше масло и ги колнеше бандитите што ги изгореа Јана и Гоце”.

Му кажувам на нина што тогаш многу плачеше. Му кажувам како нас децата ноќе нѐ тераа, но ние цела ноќ ја сонуваме

нашата баба што ѕверски ја уби бандитот Хондрокукис, барајќи го него, стрико ми Пандо.

Многу сака да ги слуша тие подробност, но јас ете налутено му велам: “Што туку се распрашуваш! Ти знаеш дека баба ми беше обична баба. Таа не беше некоја позната жена!” Строго го укорувам и мислам со тоа ќе престане да ме опитва, но тој мирно ми вели: “Ти, внучко, не лути се. Таа ми беше мајка...”

Но, сега, во последно време, стрико Пандо заборави на баба ми Велика, ја загуби сликата со нина, не погледнува во никого, а и мене не ме прашува ништо. Јас, пак го гледам како шеткара и се одродува, а поминот на тој стрико Пандо, чиниш го однесоа ветриштата, па и затоа тукашните луѓе со право велат дека не му се знае коренот...

Но тој сега шеткара и се така, нов - помин. Глув, банален, неспособен да ја носи во мислите ни нина ни баба ми Велика, ни Јана, ни Гоце, бега од нас луѓето, а јас кога си припомнувам и ја видам сликата на татко ми, плачам и поради тоа нема да бидам никогаш спокоен.

Но, ете, сега ја примив и веста за смртта на стрико Пандо и не знам како тоа се случи. Но сигурен сум, умирајќи тој патеше, бидејќи од пред повеќе години знаев дека така ќе биде, оти нему му беше одземено повеќе, отколку на сите нас и остана ранливо да шеткара и раскажува.

Јас многу сакав да го слушам кога тој сакаше луѓето да го слушаат неговиот помин, раскажуваше за се. Затоа и чувствуам вина, но не знам дали за сето тоа јас од неговиот род сум виновен, за тоа што стрико Пандо остана недоискажан.

Но, кога тој знаеше да зборува едноставно, почнуваше вака:

“Мене и дедо ти Ристо не фатија подалеку од селото.

Ќе направиш еден саат ако одиш пешки. Беше девети мај, четириесет и шеста година. Местото се вика Крамоло. Таму оравме. Напладне, туку одеднаш гледам брадести луѓе, што

личеа на распопени попови, наоружани до заби. Наеднаш се нафрлија на нас како оси. Додека не удираа, не опитваа за браќата ми. Повеќе опитваа за татко ми Мано. - Каде се, предајте ги!... Прво дедо ти го врзаа, потоа мене. Од таму не однесоа во Костур. Не тепаа до смрт и така не турнаа во една мрачна визба. Не извадија пред суд и првото прашање им беше: - Во каква организација членувате, Ристо и ти, Пандо? И кој ви се организаторите?

- Сами, ние народот, му рече дедо ти, а јас му велам: - Ќе се бориме, ами што, не ќе живееме како робови".

Не осудија на дваесет години строг затвор и не пратија на островот Ѓура, без да знаеме дека во нашата куќа направиле пустош.

Кога подзастана, чиниш се кажа, па го прашав:

- А како беше таму?

- Таму? Хм, - мавна со рака.

- Ние затворениците го викавме "Островот на смртта , Дахау" на Средоземното море. Ѓура, внуку, е нешто самостојно. Нешто ново. Островот беше концетрационен логор на современото варварство. Тој беше демонски остров, чиниш проколнат и од самата природа. Секој ден ни даваа солена риба. Жедта му го стопуваше телото на човека. Пукаа камењата од горештината, а само на одредено место се даваше вода. Кога одевме да се напиеме, над нас паѓаа стапови, божем сме задоцниле. Островот за цело време беше во облаци со прашина и лопатите и копачките се дигаа и се спуштаа... Се слушаа свиркања, ѕверски викања, пцовки, експлозии, стапови, еден од друг се кршеа. Тој што не успеваше да се напие вода уште повеќе му се распламтуваше жедта. Водата беше лоша, солена, горчлива, одвратна. Еднаш, еден чиниш го фати лудило по вода. Очите му беа впламнати и исфрлени од капаците. Јазикот му трепереше меѓу устата, но во тој момент го удрија со стап и пак не му дадоа да се напие вода. По еден саат умре. Се викаше Јован, беше од леринските села. На островот Ѓура нема ни капка вода.

Над таа стена не живееше ништо. Нема никаков живот, само илјадници скелети.

Има врв од сурови карпи, без пристап. Еднаш за казна ме однесоа со хеликоптер до врвот и ме оставија над еден крш од камења. Останав седум дена. Сам со гладот и жедта. За прв пат се исплашив од човеколиков лик. Тој беше пред мене донесен, но тој не издржа и беше умрел. Така лежев над кршот, а на работ над една остра карпа, тој висеше. Јазикот му беше сув и изваден, очите испупчени, рацете виснати. Орлите го имаа начнато и беше облеан со крв.

Останав седум дена. Толку беше најголемата казна и ако издржиш, те враќаа и те нарекуваа “бесмртен”, а потоа оставаа друг на тоа место. Првиот ден бев цврст, но вознемирен. Ме правеше горд некаква внатрешна сила. Само, од орлите мршојадци чувствував страв што долетуваа и гледаа со итрите очи кога ќе бидам готов...

Јас со сета силина ги каменував, но лошо нишанев. Во најжешкото сонце лежев со заматено сознание. Повеќе се плашев од змии отровници, што патем поминуваа горделиво низ кршот.

Стравот ме совлада во последниот ден и му се предадов како босоног противник... Посакав да присоберам сила и да станам да се фрлам од највисоката карпа, оти знаев дека Сурлас и Хондрокукис, таквата моја храброс не ја сакаа, туку тие уживаа да гледаат со двогледот како полека човек се приближува до стрмнината кон која можеше постепено да исчезнува, да потонува пред нивните очи што беа способни да замислат такво нешто. Тие беа луѓе со напукната совест... Но, во тој миг, мојата желба за одмазда се натрупа во некаква огромна сила за да се вратам, да им ја пресечам како со нож нивната смеа. Се зафатив за неколку исушени коренчиња, но тие се поткинаа, и пак слушам смеа. Не сакав да погледнам во стрмнината зашто за миг ќе бев строкалан. Чувствував како нешто да ме фаќаше за нозе... Лежев подолго. Смеата им секна.

Помислија дека испуштив душа, но кога дојде зајдисонце, ми се пристори како камењата да се поврзани и постегнати за земјата. Ги пипав сите камења, а не тие што се корнеа лесно им го слушав стркалувањето и трескавичното одбивање од поголемите карпи и мислев дека последен ќе бидам и јас, но еден камен што личеше на закопан зглоб, се обидов да го откорнам, но не можев. Тогаш ми стана мил, го прегрнав и лежев на него со доверба, оти кога собрав сила, потпирајќи се на него со телото, се вратив на кршот каде што останав до седмиот ден, но смртта и тука ја чувствував како лази покрај мене и се обидував да не ми се напика стравот во мислите, па да не можам да изречам здравоумна мисла. Помислував, но не можев да проверам дали ме имаат нападнато мршојадците и мене?

Дедо ти и тој тоа го издржа. Но тој не издржа кога му ја покажаа сликата на татко ти Мано на која се гледаше како му е отсечена главата и закачена на стап. Така го шетале низ Костур.

Хондрокукис едно попладне пред шаторот на дедо ти му рече:

“Го познаваш овој?” дедо ти се стресе, посегна силно да ја фати сликата, а Сурлас го удри силно по главата со еден грежлав стап... Ниту ми дадоа да го закопам, туку ми рекоа:

“Тоа си одело службено”. Умрените ги носеа зад карпите еден врз друг.

Подобро ми е да не си спомнувам. Но секојдневната мисла дека ќе ги сретнам моите...

Молчеше долго, молбено гледајќи во мене.

- Спиевме во големи шатори. Шаторот ми стана омилено место и сите што бевме внатре се кажувавме наши.

Тоа тенко платно не огради и станавме свои. Не чуваше од ветар, дожд, погледи, а бевме од триесетина мајки. Јас бев од најпостарите и затоа кон мене сите се однесуваа со почитување. Моето место беше во ќошот. До мене беше Петре од Мала

Преспа. Тој Петре невројатно вешто фаќаше муви и со омраза ќе ја згмечеше во своите груби раце, а со задоволство по отварањето на раката велеше: “Што голема беше”, кикотејќи се со зборовите: “Се што е понемоќно од мене, само така... Доста ми е , Хондрокукис и Сурлас...”

Кога се требеше од вошките, се соблекуваше угол гол.

Ги фаќаше и ги напикуваше во едно шишенце што го нашол од некаков напиток. Во шишето имаше вошки кои беа фрлени пред долго заборавено време, но секоја новофрлена ја гледаше љубопитно како ќе се однесува над толку пцовисаните вошки и дали тие погладните ќе ја изедат.

Ги поистоветуваше со луѓето... “за ваквото убиство...”, велеше Петре никој не може да се осуди во карпите и во логорот. Велеше дека не сака да биде директен убиец, и тоа го срамнуваше со нашето во карпите и во логорот. Велеше дека не сака да си ги валка рацете како капетанот Хондрокукис, што уживаше да гледа крв.

“Јас и секој од нас над овие суштества имаме повеќе право од колку Хондрокукис и Сурлас со нас. Вошките се лично мои...”, велеше тој Петре, убиецот на вошки... Тој, Петре, со тоа се задоволуваше што и тој може да се одмаздува... Но, со нежестока постапка да изврши над вошките Е К С О Н Д О С И. (уништување).

Така, многупати, ми раскажуваше стрико Пандо, кога знаеше да зборува... Денес, случајно ме донесе патот во овој парк и слушам смеа и гласови. “Го нема Пандо да ни мине...

Ха, ха а а а а... Кој знае каде се витоса”.

Седнувам на клупата што шаренее од сонцевите зраци низ миризливата бујна липа и размислувам како заврши животот на родот наш, чиниш тоа беше животот, што немаше ни почеток ни крај, а мене нешто ме тера уште упорно да опитвам и сакам да знам каде му е фрлена главата, а каде му е телото на мојот татко.

## ПОТОМЦИТЕ НА ЕДНА МРТВА ВОЈСКА

Оставината на “мајка” Марија Василева ја разгледавме по враќањето од закопот. Беше оставила само една црна шамија, врзана крстум со четирите крајчиња. Личеше на торбулињата од скитниците. Беше нагнетена така што одвај и се одврзуваа крајчињата.

Шамијата беше полна со фотографии, писма, наредби, задолженија и признанија, напишани уште од крајот на четириесеттите години.

Во собата беше штама. Немо си ги подававме еден на друг, секоја разгледана фотографија или прочитано писмо.

Некој се задржуваше повеќе, туткајќи го в раце писмото или сликата, небаре чувствуваше во себе нешто болно, но никој ништо не коментираше. Не имаше од секаде, а Џон (Ване) Долински и јас бевме дојдени дури од Канада на закопот на нашата “Мајка” Марија.

На една фотографија имаше и едно слабо, кожа и коски, малечко детуле, со преврзана рака и со вџашен поглед...

Џон ми ја подаде сликата и ми рече: “Џорџ, овој е брат ти Мите, пред павилјонот број 4 во Тулѓеш!”

И сега си припомнувам...

Долго живеевме во долината на густата шума, исплашени од авионите кои сееја смрт. Навечер, мажите слегуваа долу до куќите од селото, крадешкум се пикаа и носеа брашно, сол и се што се нашло. Жените месеа леб, правеа пити. Но тоа траеше кратко. Долго траеја: - студот, гладот, плачењето за спиење, за детска игра, за малку човечка среќа.

Кога беше најстудено, се што ќе капнеше замрзнуваше. Во една таква вечер мама не изнаоблече мене и брат ми Мите во нови рубишта и не нахрани со јанија од пилето, што го чуваше за тате кога ќе се врати од фронтот.

Можеби тоа го сторија сите, но тогаш си помислив “галаба е празник”. По вечерата, мама се наведна и ми прошепоти: “Сине, вечерва ќе бегаме...” По малку дојдоа луѓе со пушки, партизани и разговараа со постарите.

Квечерина. Тажната колона тргна. Одвај се одвоивме од мама. Солзите уште долго ни го матеа погледот... Зад нас остануваа високи пламени јазици. Гореше селото, а куќите се претвораа во пепелишта. Тогаш бев мал и не можев да ја сфатам големата трагедија, што не снајде...

Колку повеќе се оддалечувавме од родниот крај, толку повеќе размислував и не можев да си најдам одговор за тоа - што толку им згрешивме на луѓето та, ете, не принудија да го напуштиме своето топло огниште. Помалите, испозаспани ги ставаа во кошеви, натоварени на коњи, а ние поголемите одевме по нив. Патувавме ноќе, но полека, а една по една, од колоната исчезнуваа нашите мајки, наоѓајќи по некоја причина да се вратат. Останаа уште неколку, кои беа задолжени да не водат. Изодивме доста, но мајка ми ја немаше... Сурова разделба. Кога се искачивме на ридот, зад нас останаа огромни думани... Зазорум беше, кога стигнавме во Браилово. Не бодреа дека тука веќе не можат да долетаат авионите, од кои најмногу се плашевме. Не разделија во групи: во една поголемите, во другата помалите. Брат ми во едната, а јас во другата. Тоа утро многу солзи пролеа брат ми. Јас го гледав и си мислев: “Мама не беше толку лоша, таа ќе дојде, нема да не остави. Ќе дојде, а ти не плачи... таа ќе не стигне...”, а тоа ни го велеше и Марија Василева.

Одевме пак во колона, облечени со нови ѓурдичиња и опинци, а ние, поголемите и со по едно торбуле преку рамо.

Личевме на победена војска.

Првпат видовме воз. Влегувавме во него по ред се додека вагонот не се наполнеше. Потоа однадвор се залостуваше железната врата. Во ќошот имаше поголеми и мали канти за вода и нужда. Брат ми беше во друг вагон. Не сакав да се

одделам, но... Потоа, видов дека и другите беа разделени. Кога застануваше возот, на прозорчето што беше оградено со железна решетка, се туркаа начичкани главички и викаа: “Мамо! М а а м о о ! Т а а т е!”

Приквечер од замор ќе не собереше сонот, легнувавме на постланата слама, наредени како стомни.

Нашите две “мајки”: Марија Василева и Параскева Иљоска, најмногу плачеа кога ние заспивавме и низ солзи ја слушав “мајка” Параскева како и раскажува на “мајка” Марија.

Едно пролетно утро, дојдоа и ми ги зедоа децата со намера да ги пратат по островите за да ги “јаничарат”, да не можат да ги земат партизаните, како овие тука... И, така, останав без маж, а сега и без деца. Мажот ми Петре загина на Грамос. Децата не ги давав, но сосила ги фрлија во еден камион со другите збрани деца. Лена беше најмала, не сакаше да ме пушти од прегратките. Ми ги имаше свиткано рачињата околу вратот и ме молеше: “Мамо, не давај ме... Мамче, не давај ме...”, но во тој момент дојдоа двајца корофилаци, еден ме удираше со кундакот од пушката, другиот ми го откина чупето од раце. Потоа ме зграпчи за плетенките и ме влечкаше како партал по прашливиот селски пат, фрлајќи ме сред село... Се бранев, ме болеше тегнењето на плетенките, кои ги имаше заплеткано во своите шепи... Ни се закануваа дека никој не смее да се обиде да пријде, зашто ќе го стрелаат.

По малку децата ги однесоа и ги затворија во едно училиште во Костур. Потоа ги потоморија во Грција, можеби на некој остров...

Липајќи “мајка” Параскева низ солзи ги изрече последните зборови: “Секој гледа да ја ограби Македонија...”

Размислував цела ноќ, со закопана глава во сламата, за мама, за дедо и баба, а најмногу за тато и постојано се прашував, зошто оваа жена тргнала со нас, а се оставила таму?...

Но, овие “мајки” во железниот 'рѓосан вагон, за нас беа се. Бдееја над нас и дење и ноќе, не заспиваа и не будеа, ни ја подаруваа толку посакуваната мајчинска љубов и топлина.

Утредента изгладнети, некои послабо облечени, се будевме со трепет во душата, од страв. Се припивме до скутот на “мајка” Параскева и Марија. Тие ни беа единствена надеж и поткрепа при друҗењето на вагоните, при писокот на локомотивата...

Тие ја делеа нашата судбина, не куражеа, ни ги бришеа солзите, не заспиваа, не разбудуваа, не држеа во прегратка, ни ветуваа дека еден ден ќе се вратиме дома, ќе си ги најдеме мајките и татковците, братчето и сестричката, небаре и тие веруваа заедно со нас дека така мора да биде, ни ја мамеа горчливоста на нашите судбини...

Во руменилото на зората возот зазбивта неколку пати и застана. Се одлостија железните врати и од вагонот не симнуваа едно по едно, фаќајќи не двајца мажи под мишки.

Тогаш брат ми си ја скрши раката. Скокна не сакајќи да го прифатат луѓето на врата. Потоа долго боледуваше...

Кон павилјоните во Тулѓеш тргнавме како надојдена река, се испомешавме на плочникот во големиот двор. Се баравме еден со друг, но најтешко им беше да не пронајдат нашите “мајки”. Во домот имаше многу деца на кои не им се знаеше ни името ни презимето, ни родното место. Едноставно биле собрани во збеговите преку границa и така со години, како сенки, ги бараа своите најблиски, својот идентитет...

Најверојатно за да бидеме рамноправни, или којзнае зошто, во Калиманешти ни ги одзедоа имињата. Тоа беше последно што го имавме, тоа наше основно национално обележје. Потоа, околу вратот ни врзаа метални плочки, на кои од едната страна беше гравиран ликот на генерал Маркос, а од другата - бројки што требаше да ни го заменат нашето име.

Јас добив број 521 и кога ме прозиваа на романски, требаше да се јавам на зборовите: “Чинч суте доузеч ши уно”. Брат ми

Мите е закопан со бројот 125. Тој умре од болка во душата за мама. Имаше само три години. Нам не ни беше дозволено да одиме на закопот на умрените деца. Тоа навистина беше глупаво, зашто јас бев тој што го најдов умрен.

Кон крајот на 1948 година, пак со воз тргнавме за Полонија. На границата не пречекаа Полјаци со комплетни послуги, медицински персонал. Во возот лекарите ни извршија детален преглед, а на секое дете по потреба, му одредуваа кај треба да оди на лекување. Луѓето беа многу љубезни со нас, а истовремено беа вџашени - како тоа партизански деца, чии родители се уште водат борба на Вич и Грамос, да немаат имиња?

Кога стигнавме во домот “Барбурка”, не облекоа во нови руби, а се што соблековме со се плочките, што се фрлаше на куп, личеше на ослободена логорска војска. Животот често беше полн со суровост и жестоки поигрувања. Полјаците ги викавме добри чичковци, а најмногу го сакавме пан Пјотр Пшежински. Не сакаше и тој, не викаше “потомци на една мртва војска”. Стар опитен Полјак, поранешен бизнисмен и филантроп, долги години бил по логорите. Многу не сожалуваше и ни велеше дека по судбина сме исти, бидејќи и тој во логорите имал број, но без лик на некој водач. “Вашата судбина е потешка, зашто ви го обесија на врат да го носите генерал Маркос”.

Така минуваа месеци, чиниш векови. Се прашував:

зошто не се јавува мајка ми, татко ми? Многу деца почнаа да добиваат писма, се допишуваа со своите, а јас толку долго тагував...

Еден ден бев пресреќен. Треперев, кога “мајка” Параскева ми го даде писмото од мама. Ми пишуваше: “Синко Ѓорѓи ќе дојдам да ве земам со Мито и ќе одиме во Русија, кај татко ви. Многу да ми го чуваш Мито...” Се обидувам да не се присеќавам на тоа, само во мојот ум тоа време е празен, сив простор...

Кога заврши граѓанската војна во Грција, по неколку години почнаа да се расформираат домовите. Павилјоните остануваа

пусти со високи разлистени дрвја пред нив и плочникот затреперуваше полека, дури човек го фаќаше страв.

Времето беше пријатно, август 1952 година, разделбата беше трогателна. Се делевме од нашите “мајки”, од другарите со кои исполнувавме еден живот. Ова е последната композиција. За рака не држеа најблиските што не пронајдоа и секој од нас размислуваше за нови средби...

Крај домот “Барбурка” минуваше железничка линија:

за Шќеќин, Згожелец и Варшава. Стоевме на височрамнинката.

Кога наближа композицијата, како да и се параше срцето на “мајка” Параскева. Сите знаевме дека доаѓа часот на разделба.

Неми, без глас се збогувавме. Секој ја вртеше главата да ги сокрие солзите. Таа остана со притаени чувства и долго, долго ни мафташе со црната шамија, не знаејќи кај да појди, оти секој од нас одеше кај родителите. Таа беше силна, јадра жена, со јасни сини очи. Така и си ја припомнувам. Никој од нас не понуди да ја земе да се одолжи; сега ја сожалувам, таа не беше туѓа, таа толку години беше наша “мајка”. Можеби таа остана за век и веков таму, не знам...

Јас и мајка ми заминавме за Ташкент. Композицијата беше полна со бегалци, со жени и деца и полека се наближуваше кон Ташкент. Надвор пеколна жештина, во душата неизвесност. Со мајка ми надвиснувавме над прозорецот. Цврсто ми ја стегаше раката. По толку години требаше да го видам тате. На перонот мешаница, довикувања имиња, потоа морничав плач и цврсти прегратки. Ближеше долго посакуваната средба со мојот татко. Мајка ми ми велеше: “Татко ти ќе ги рашири рацете, а ти фрли му се во прегратка. Така ќе се препознаете...”

Се сеќавам: крај перонот имаше тројца високи мажи.

Се отргнав од рацете на мајка ми и потрчав кон нив. Застанав на половина метар. Гледав во очите. Никој не ги рашири рацете.

Мажите немо гледаа во мене. Се свртив. Полека, плачејќи, се вратив и и го фатив скутот на мајка ми.

Повторував: “Ме лажеш, никој не ги рашири рацете, не е тука тате!”

- Ѓорѓи синко! - ме пресече остар машки глас зад грбот.

- Сврти се, јас сум татко ти!

Се свртев полека и збунето. Тргнав кон човекот што истапи неколку чекори. Застанав пред него, му го погледнав лицето. Беше некако остарено, смугрено и со огромна лузна на образот.

- Ти не си мојот татко! - му реков налутено. – Татко ќе ги раширеше рацете за да ме прегрне.

- Не можам, злато мое, не можам, Ѓорѓи, синко мој, не можам да ги кренам... Тие не се мои.

- Каде е Митко? Да видам колку пораснал - и рече на мама...

Кога тргнавме накај општожитието во приградскиот логор “Јалангач” број 12, се фатив за татко ми, држејќи се за ладната протеза, а јас со години очекував да ја почувствувам неговата топла крв.

## ТАЛКАЧИ

Автомобилот комбе подзастанува со виор од прашина пред големата порта и набрзо му отвара службеник кој се поздравува само со возачот. До целта стигна веднаш, возејќи забрзано преку една уличка и застана точно меѓу две бараки.

Во дворот бесцелно шеткаа неколку мажи и жени со разновидна облека, руска, полска,чешка и унгарска и кога ги видоа новодојдените повеќето од нив се стрчаа кон возилото, а неколку останаа на плочникот да се расправаат за националниот развој на Унгарците во заткарпатскиот дел, под романска власт. Домарот на прифатилиштето стоеше пред влезот број три, со врзоп клучеви и чекаше. Новодојдените слегуваа со куфери и разни торби, маж кој вешто држеше во забите папироска, облечен во азијатска топлогрејка и бујна руска форашка, а по него беа две жени со дете што одеше со војнички чекор. Возачот сврте со автомобилот и си замина намигнувајќи му на детето. Низ ходникот се слушаше само одот на домарот кој носеше тешки потковици. Тој им подаде клуч од собата тринаесет; соба со асиметрична положба и пет кревети, мијалник и оштрбено огледало.

Домарот, кога оцени дека Добрин Сувогорски е глава на семејството, му подаде список да потпише и да ја прими состојбата во собата. Им покажа во која просторија се дели храна и им го кажа времето што беше определено, согласно со режимот на прифатилиштето. Откога излезе овој, секој по своја желба седна: креветите се затресоа и почнаа да крцкаат, а еден кревет остана празен.

Румена Сувогорска пред да седне здогледа по чаршафите дамки од мрсни капки, а на секое ќоше од чаршафите и перниците имаше печат втиснат од управата. Штиците на подот беа намачкани со црно изгорено масло, чешмата капеше, закачалката беше на самата врата. Над вратата стоеше закачен изразито робусен звучник, малку накривен и се слушаше тивка музика. Румена го сврте погледот кон таванот и се загледа во светилката од која, чиниш со мака излегува светлина; цинично се потсмевнува и гледа во Добрина.

- Прифатилиштата насекаде се исти! Десет години талкаме од едно во друго... Туѓи чаршафи, кревети исклатени од бес, излигавени перници и заеднички нужници. Мирисам на туѓа мочка. До кога? - му се обрати на Добрина.

- До кога ќе чекам пред вратата на колективен нужник?

Не дочекувам да излезе испостраната, па јас да клекнам. Преку трулите штици да слушам машко шуркање, или некој мене да ме слуша како се пнијам...

- Детето ми мириса на дезинфекција, на хлор и на дидитиви, - стана бесна и отиде кон огледалото над мијалникот. Се чешлаше и постојано зборуваше.

- Го хранам со лажици од кои јаделе луѓе заразени од сите видови болести, разни идиоти. Погледни го! - му се сврти на Добрина. - Ми личи на агитатор. Дури и неговите екстремитети ја загубиле симетријата. Не знае да заигра, се врти околу нас, смрдливците. Навикна и тоа да прислушкува и да шепоти во доверба "само тебе...", чиниш илегалец е. А, што да речам што цели десет години ме следат погледите на сенилни старци? Понекогаш полни со злоба, затоа што станале немоќни,- иронично се смее, префрлувајќи ја долгата коса преку рамото на Добрина предупредувачки - ми се здодеа од шалтерите и чекалните. Молби, таксени марки, изјави и докажувања. Десет крштелни имам со различни датуми. Кое е точно !? - се смее на глас. Првото, во кое не заведоа со презир и туѓо име? Во другото само датумите се грешни.

Добрин тргна кон неа и подвикна -Зошто толку сакаш да ме разубедиш?

Знам, има луѓе со две лица, едното за жената, другото за другите луѓе. Јас не сум виновен што револуцијата создава и такви. Знам, и сега жените не се создадени за да бидат разбирливи, туку да бидат љубени, гулабице моја!...

Мајка и гледаше во Румена како се чешла пред огледалото, се доближи со нежност и ја погали по лицето.

- Румено, мајкина, иако си минала низ маки, имаш убава лика, - и рече мајка и Петра, која веќе со нив беше уште од петтото по ред прифатилиште. Румена, чиниш небаре доби полет, се сврте детински:

- Ах, мори мамо! Ако Добрин имаше малку љубов за мене, како што се фалеше кога ме зеде, јас не ќе имав време да се исчешлам.

Хм, каде би била мојата моќ, кога не би постоела машка револуционерна вообразеност? Тие таквите кога ќе дојдат на власт, стануваат префинети егоисти. Мамо! Жената која повеќе не е сакана , треба да прави се само да не плачи, нели сум жена на револуционер ?... Тој знае да ме убеди, дека секаков раскош го расипува човекот. Убедувањата му биле такви. Така бил задоен како револуционер - одмавна со главата и чешлето падна. Добрин сега се повеќе молчеше. Не ги слушаше луѓето и во разговор не се мешаше, па затоа и за него се помаклу знаеја. Се чувствуваше виновен за неуспехот, но сега, слушајќи ја Румена нестрпливо изговори:

- Јас само ти предложив, а ти имаше право да си бираш маж. Румена, чиниш, одвај чекаше, веднаш се одзва, но сега како и таа да носеше некаква вина: - ете, те избрав. Си бил убав, си бил големец, на функција, сакав да станам жена на големец, а сега и јас имам толку право на радост и среќа, колку што тебе ти признаваат другите... И што ни останува, како што велиш: “Вистината ќе победи”. Но, не губи надеж дека лагата и клеветата можат да навратат и тука, и тука мој Добрине! Ти, Добрине, си одлежал осум години во логорите.

Гледаш, животот ни мина само во сурова борба, во талкање и искуство - разлутено ја притегна славината што постојано капеше и со видна гримаса на очај ја тресеше раката.

- Сега очекувај да ни минат во сеќавање прифатилиштата и логорите, а ги има доста, миличок, само присети се на: Елбасан,

Бурели, Варшава, Вроцлав, Згорзелец, Љубљанка*, Бутирка*, Лефортово*, Краснојарск, Иркуцка, Варкута, Алма - Ата, Ташкент, Крајова и уште ли? За нас правдата задоцнила.

Јас имам такво чуство…

Добрин сакаше да и пристапи, но остана како стаписан:

- Ти сигурно очекуваше пречек каков што им следува на ослободители? Па, што ако сум пречекан како обичен?

Сакам да сум ослободен од сечија милост. Милоста за мене е понижување. Човек ни самиот себе си не смее да си доделува милост. Тогаш се чувствува како заробеник.

- Ти мислиш од тебе зависеше пречекот, мој Добрине?

Не, не од тебе, туку од други зависиш за таквата твоја несакана милост. Тоа требаше да го кажеш.

- Јас бев војник и му служев на својот народ, ако сега е прерано да ми се признае, тогаш што?... Но, ти со својот песимизам, знај еднаш засекогаш, дека не можеш да ме очаеш. А јас, навистина не можам да најдам начин ти повеќе да ме сакаш. Ти гледаш дека сега сум ништо... И навистина ти толку многу сонуваше што сега се помалку почна да веруваш во мене, - се врати до креветот и легна да задреми. Ја спушти капата на очи и процеди низ заби.

- Доста!

- Јас, ќерко кон татко ти имав право да ја извршувам својата должност. Ти не личиш на мене... Јас кога страдав за татко ти бев среќна. Сега штом ќе се вратам во Лерин ќе му раскажам. Татко ти на грчките острови животот го мина. Што треба јас да барам од него? И знај дека мажот гледа подалеку - рече мајка и Петра Прстенарова.

- Јас тоа го правев десет години по овие прифатилишта. Ме ставаа на должност како што бараа другите.

Сакам да бидам жена! Тоа веќе не е моја должност што сакаат другите!

Румена, нервозно, средуваше, вадеше од куферите, преместуваше и, речиси, сите придремуваа, а таа понекогаш очајно фрла поглед по ѕидовите и гледа разни гребнатинки, шари, потписи кои од кај дошол и отишол, а мислите не сопираат: “Ох, каде и да погледам, каде и да ги вперам моите очи и мисли - никаде не ме очекува радост. Смрди на гнила истрошеност, се е старо, сиво...

Нешто ми ги задушува чувствата. Длабока опасна безволност ме води се до гнасниот пекол на очајот и чувствувам празнење на срцето, а јас сум жена што треба да го живее времето во надеж, оти сум жена на револуционер, а сега веќе него го сметаат за излитен пустеник...

Прифатилишта! Секаде се исти. Ист мирис, се е исто и домарот и звукот на чиниите, музиката обилува од маршеви, а син ми слушајќи ја си го загуби својот природен од... Ќе рече ли Бог да опустите! Ох, не, луда ли сум што зборувам, син ми е роден во нив. Не, тој ги сака”.

Се доближи до прозорецот, потоа фрли поглед над наткасната, ја зеде в раце тетратката во која Добрин водеше разни белешки:

“Словените не оставија на мртва стража чекаме фрлени во заборав уште од пред Самоила живееме во грчот на времето што лачи злоба...”

Вичо, 1947 год.

Преврте неколку листови и пак се задлабочи да чита “Велат дека личиме на мумии побакарени од бронзеното време...”

- Па добро Добрине! - воздивна и се загледа некаде далеку низ прозорецот. “Види го ти поетот мој”. Потоа, ја обзеде некакво смеење и се пласна на креветот. Сите ги разбуди кога продолжи на глас да вика: - Еј, поету мој!

Навистина сега личиме на мумии.

Добрин ги протри очите и смирено им се обрна на сите:

- Сонував чуден сон. Сакате да ви го раскажам.

Румена гледајќи отсутно, рече:

- Ти пак нешто идеализираш? Имаш право, живееме со надеж. Значи, има што да се сонува... Велат дека надежта е втора душа. Ајде да ти го слушниме последниот сон.

Добрин се почувствува неудобно и завладеа тишина.

- Велиш, идеализирам? Хм, -изусти со чувство на вина.

- Ти треба да знаеш кој страсно си го сака татковинското, тој е чувствителен за она што му припаѓа, возбудлив е на навредите, но возвишен е и горд што издржува!

Румена го погледна попреку и му рече:

- Ех, мој Добрине - и остана така да го слуша сонот, но Добрин веќе го симна погледот и поцрвене. Тој сега не можеше ништо да каже, омразата му го стегна грлото, а сепак реши да ја праша, придавајќи му на својот глас пожалосен тон, отколку што чувствуваше.

Си ја мразела ли мајка ти во животот? А, зошто сум ја мразел јас? Да, мене ми се случи да ја мразам својата родена мајка. Сега сите се свртија кон Добрина и го гледаа.

- Кога бев ученик, се до завршувањето на гимназијата ја грдев, зошто таа не знаеше да зборува грчки. Ех, толку ме имаше опиено учителот. Кога велеше овие домородците се од варварско потекло, се чувствував понижен оти сум роден од такви родители, но при крајот на студиите во Солун, почувствував голема вина на душата што и ден-денес ја носам.

Сите го гледаа заинтересирано.

Но, зборот ми беше за сонот. Сонив дека држам предавање за националното прашање во Лерин, пред многу народ. Добив толку аплаузи, што на крај се втурнаа многу старци да ме бакнуваат. Јас оттогаш се преродив, но веќе се срамев пред мајка ми и татко ми. Тој туѓ грев уште го носам, бидејќи некој ми го натрупа во крвта и сакаше да ме одроди... И се така ми течеше сонот во осознавање. А ете сега и летото четириесет и деветтата година, во одблесокот од големиот воен пожар бев осуден заедно со други како шпион и предавник на револуцијата и ми беше отворен вториот картон од раководството на грчката партија. Првиот картон ми беше од владиниот режим на Грција; за моето осознавање што сум ги будел масите од македонскиот народ. Румена иронично го погледна и му рече - си сонувал тоа што не треба, - и почна силно да се смее. И туку одеднаш појачано загрми звучникот:

“Внимание! Внимание! Се моли Добрин Сувогорски да се јави кај иследникот Строгов, во павиљонот број еден, соба број два”.

Објавувањето се повторуваше неколку пати. Румена слушајќи го внимателно, престана да се смее и туку со гола рака замавна по огледалото и од тоа таа почувствува некакво задоволство, што тоа, веќе не постои и почна по ѕидовите да пишува разни пароли што ги слушала низ револуцијата и прифатилиштата, а мајка ја повторуваше молитвата, неколку пати се потихо во сбеси.

Сега се слушаше само одот на домарот што доаѓаше убрзано кон нив.

****

- Нам ни дадоа ручок, - му рече Румена и го загледа вознемирено, бидејќи тој се задржа кај Строгов цел ден. Беше блед.

- Што тие Добрине? Ој, човеку? Значи и тука ти отворија картон? И што ти рече?

- Такви биле нормите... Не тврдиме, зашто, немаме докази, но мислиме, можеби, си превоспитан... мислиме дека доаѓаш како руски шпион...

Добрин гледајќи ја со укроб на душата рече: - Во изјавите од моите соборци стоело, дека сум бил руски шпион.

- Ех, боже мој оваа казна нема свој крај... Каква иронија? За нас, што сега не завикаа Егејци, уште долго ум, со разум не ќе може да пресуди?

Идризово, во шеесетите години.

## СПОМЕНИТЕ НА МАЈКА АДЕЛА

Во возот од Варшава до Израел ме придружуваше госпоѓа Розмари, но таа нема чувство на грижа, само дремка потпрена на пердето што го држи збрано како подзглавје. Ја гледам во сувото лице и мислам на мојата мајка Адела, која боледува по мене. Ме има само мене, а еднаш се осмели да ми рече: “Слушај, моја Естела (понекогаш така ме викаше), време е да се разделиме. Можеби ќе ти биде подобро, ти остани во Варшава. Јас морам да заминам за татковината, за Израел. Таму е гробот на мајка ми. Не сакам да те следат моите еврејски патила. Нас, Евреите, не вика татковината.

Израел, моја Естела, Израел. Ти си сега Полјачка, образована.

Имаш убава лика. Имаш се мила моја...”

Го отворам пасошот и читам:

“Стела Јан Ботвинска, родена на 22 јули 1949 година, во Албанија. Ќерка на Јан и Адела Ботвински”.

А знам, на мајка Адела родата и почина во Лавов, но страданијата се нижеа се до ден – денес. Малечка и кротка е мајка Адела. Ја гледам на сликата во прегратките на својата мајка Естела кога патувала за Сибир со товарен воз до логорот Варкути, а татко и Мојсе бил војник во Австро - унгарската војска. Во заточеништво поради кутриот мој дедо Мојсе.

Оттогаш во детската душа на мајка Адела болно, се врежаа страданијата... Но, и сега, нејзината скромност и добродушност ја прават уште понежна.

Кога станала возрасна си одбрала професија медицинска сестра и бездруго сакала животот да биде исполнет со благодарност и со чувство дека им помага на луѓето. Затоа и се определила на страната на страдалниците и онеправданите. Животот минал во бел мантил под тешки воени услови.

Немирот и борбениот дух што го исполнуваат нејзиното битие не можат да се сообразат со нормите што се наложуваат за повлекување во спокоен семеен живот. Таква е мајка Адела.

Брачната врска не успева; дел од нејзиното семејство е во Израел. Но мајка Адела зборува со гордост за минатото. За Шпанија, каде била учесник во граѓанската војна; се одѕвала на повикот на загрозените во републиката и останала во редовите на интернационалните бригади. Храбра жена е мајка Адела.

Потоа се нижат логорите во Франција, депортацијата во Израел и приклучувањето кон силите на антифашистичката коалиција. Пак во униформа, медицинска сестра во израелските единици во состав на британските сили на боиштата во Африка и Европа. А велат Израелците се плашливци! Јас се гордеам со мајка Адела.

Во илјада и четириесеттата се враќа во Полска, во земјата во која ја минала својата младост. Пак медицинска сестра, се до ден - денес...

На втората фотографија ме стиска со сета мајчинска љубов, лицето е исполнето, стравот избришан, патилата истекле како река. А за татко ми Јан, ја прашував, а таа ми велеше: “Твојот татко загина во војната. Овој е Јан, тој е твојот татко, тој беше мој соборец... Убав беше Јан и моја прва љубов, но војната руши се, моја Естела, се. Беше ранет во главата, го лекував, плачев и на крајот останав на крстопатите на Европа. А јас, моја Естела...”

Го барав и јас татко ми Јан Ботвински. Најмногу кога бев малечка и кога одев на училиште. Ги гледав татковците на моите другарки.

Тие се правеа силни и уверени во своите татковци, Ми велеа: “Ти имаш лош татко, ниту еднаш не дошол да те земе од училиште. Тој можеби е пијаница, нeранимајко или ве оставил...” Но, мајка Адела ја имав за се...

Еднаш си спомнувам а светилките од столбовите ме удираа како мечеви госпоѓа Розмари понекојпат своето незадоволство го покажуваше со кисели гримаси, незадоволна од положбата на своето корпулентно тело, настојувајќи да зафати поголем дел од седиштето.

Утредента пристигнав во пристаништето Ака. На станицата беше надошол многу народ. Се враќаа мнозина Евреи од Полска, од Унгарија, од Русија - ги имаше отсекаде.

Немаше нерасплакан човек во нечии прегртаки, зашто судбината беше ги разделила луѓето со години. Сега плачеа, можеби и од среќа, којзнае? Мајка Адела викаше струполена на едно седиште, стискајќи букет од бели рози. Извикуваше:

“Естела, тука сум Естела! Тука сум мила моја, Естела!”

Ја загубив Розмари, но сега бев со мојата сакана мајка, која веќе не сум ја видела две години кога таа ми рече: “Јас ќе се вратам во татковината Израел, таму е гробот на мајка ми, а ти Естела, ти си Варшавјанка... Доврши ги студиите, па млада си, можеби и ќе се омажиш...”

Минавме цела ноќ заедно со мајка Адела, но таа е вознемирена, радоста се враќа во некаква болка, помислив дека е изнемоштена во овие утрински часови. Таа ми рече:

- Ах, моја Естела, тоа беше четириесеттидеветтата во Драч, Албанија. Ноќ беше, чекавме со полскиот брод “Мицкиевич” да товариме бегалци од логорите на Елбасан и Бурели. Надоаѓаа како река, изнемоштени, уплашени, а држеа и по некоја незначајна посатка земена набрзина, а не даваа да им се одземе. Носеа дури и разни домашни животинки... Ти беше најмалечкиот патник, безимено двомесечно дете. Те стискаше во груби пелени една ковчеста старица. Ми се чини се викаше Јана, но таа не можеше да ги искачи импровизираните скалила. Те прифати еден морнар и те донесе во просториите наместени за болни. Кога те виде бродскиот лекар, го укори морнарот: “Зошто си го зел? Зарем не гледаш дека е полумртво? Остави го тука, но по два дена ќе треба да го фрлиме во морето”.

И реков: - А ти мамо Адела, каде беше? Ме погледна в очи и продолжи: - Таму на бродот. Бродот беше полн со старци и болни, а личеа едни на други. Ние им зборувавме на полски, а тие на македонски јазик, викаа за помош. Кога те видов се стаписав. Те зедов в раце, а ти беше речиси мртва. Ти го ставив прстот во уста и кога забелжав дека имаш сила да цицаш, реков: Ќе оживее, докторе! Ќе оживее! А тој ми рече:

Нека биде само твоја грижа, но не заборавај, Адела, дека на овој брод си војник...

Кога докторот попушти, бев пресреќна. Но, ти беше на работ на смртта. Косата ти беше стуткана, кожата слепена во скоравените пелени. Те боледував, моја Естела. Те потопив во рибино масло, тоа имав при рака. Потоа те завиткав во бели чисти чаршави. Те хранев со инјекции, оти немаше сила да цицаш. Многу инјекции, секој час и на секаде по твоето омрцлавено тело, по нозете, по стомкот, под гушата, на секаде каде што можев да најдам здраво место. Драга моја Естела, кај мене се јави оној мајчински инстинкт, но моите боски беа суви.

Ја исеков гумената ракавица, направив цуцла и те хранев со мајчинско задоволство, а ти ми возвраќаше со гугање, а потоа со смеа. Во мене се прекршуваше љубовта и болката, а кога пристигна бродот во пристаништето Гданск, патниците со олеснување излегуваа на палубата. Многу сакав да ја видам старицата, но неа ја немаше. Ти беше болна и требаше да одиш со болните, а здравите по прифатилиштата. Дознав за онаа старица, дека заминала со групата за Унгарија.

Војна беше Естела. Тогаш владеат сурови закони, за секого...

Ти остана безимена, бледа, неокостена и ти требаше подолго лекување. Но мене ме јадеше јанѕа. Те однесов во болница и помина подолго време, а јас немав мир, немаштија царуваше насекаде...

Те зедов и те однесов во мојот скромен дом, те радував, те радував моја Естела.

Но еден ден ме повикаа на ново патување.

“А детето...” -  им реков.

“Какво дете?” - ме праша капетанот.

Моето дете, што го најдов на бродот - одговорив. “Кој вам Адела Ботвинска, ви даде одобрение да имате дете?” - строго ме прекори капетанот.

Дали другите жени што работат овде барале од вас одобрение да имаат деца? - го прашав со истиот тон. Зарем е лошо да се биде мајка?...

Гледајќи ме сожалително капетанот ми рече: -Ама таму има многу други деца кои чекаат на нас, Адела!

Во тоа време добив писмо од Израел. Ми соопштија дека умрела мајка ми Естела. Почувствував болка и тага, но на закопот не можев да појдам, а сакав да го чувам споменот на мајка ми. Ти, моја Естела, го носиш нејзиното име.

Те израснав, ти посветив вистинска љубов, сакав да и се оддолжам на мојата мајка. Но мојата радост почна да ми ја поматува помислата, за тоа дека еден ден треба да ти ја кажам вистината. Живеам распната меѓу разумот и чувствата.

Се плашев, Естела, да не ти се случи нешто, да не те загубам...

Ти не си Еврејка, ниту Полјачка. Од старицата дознав дека по потекло си Македонка, некаде од Костурско.

Молкна за момент. Мисли небаре бара по своите сеќавања и спомени како нешто важно да и недостасува...

- Жената што те родила беше останала во Албанија, боледувала од тифус, и била пред смртта, а татко ти - војник...

Лицето беше бледо и болно, гледајќи во белите рози затрепери душата како виолина, но зборовите небаре и застнаа в грло. По неколку моменти собра сила и одвај изусти:

- ...Јас не сум ти мајка... Моја ЕСТЕЛА

- Не! Извикав. А мајка Адела ме гледаше занемена и плачеше над белите рози, а имаше сила само да ми го подаде писмото од Црвениот крст, со кое ме бараат моите родители од Скопје, Македонија.

## ПОСЛЕДНОТО ОРО НА ТАТКО МИ

По закопот на татко ми, се враќавме на островот, во родниот крај на мајка ми. Беше април. Ноќта беше студена и влажна. Сите патници седеа на палубата. Месечината разголена, црвеникава, се тркалаше низ брановите како фрлена сребрена паричка. Времето беше мирно, без ветрови.

Утрото, кога болсна пролетното сонце, се покажа островот со сета раскошна убавина, небаре преку ноќта се се разбудило. Островот, чиниш, беше почнал да дише со широки и длабоки воздишки. Можеби така ми се пристори од сино-зелената боја на водата или од утринското сонце, како сето да се беше истурило над островот. Сувата карпа беше си ја променила својата лика. Се беше раззеленето; пчелите ѕунеа, мирисот од цветот на дивите јаболкници се ширеше на секаде.

Високата карпа, небаре како со магнет го привлече бродот до малото скеле и сирената даде знак за слегување.

На припекот, под потпорниот ѕид, седеа баба Каљопа и дедо ми кого сите го знаеја на прекар - "богот Борнеј". Така го викаа и селаните – "богот на северниот ветар". Тој седеше на еден огромен камен, изморен и јадосан, поднаведнат, со месестиот нос на потемнетото лице, а баба Каљопа, ковчеста и кревка како стакло, слабичка со стегната снага во грубиот црн шајак, ја држеше дланката над очи, се мачеше да не види сите како се враќавме од родниот крај на татко ми. Баба ми повеќе ја сожалував отколку дедо. Сега тој како да беше дел од карпата: со побелената густа коса и со нееднакво виснатите мустаќи навистина прилегаше на некаков бог, скутлен со долгиот нос, со ќесиња под очите. Со никого не разговараше.

Молчеше и се напнуваше да не пронајде меѓу патниците со својот избледен вид.

- Клеопатро! Еј, Клеопатро, тука сме и викаше дедо ми, и сиот вџашен како да се пробудил од некаков длабок сон, праша:

-Каде е Божин?

Мама и јас молчевме и немо чекоревме кон нив.

Тој, пак, но сега некако строго, ми се обрна мене:

- Симонче, каде е татко ти?

Мама, забрадена со црна шамија, задушена во плач, одвај изусти:

- Бог нека го прости. Божина го закопавме во неговиот роден крај...

Бродот како да се закрла од силниот писок на сирената и си замина, а патниците полека се искачуваа накај селото на стрмната падина, до работ на висорамнината. Прилегаше на накострешена птица која се подготвуваше да првне во синилото.

Мама ги собу чевлите и киниса боса по спротивниот стрмен пат. Газеше над острите камења. Од стапалата течеше густа, црна крв. Болката се оцртуваше на лицето, но таа чекореше и изустуваше по некој збор: "Нека боли, сетики полесно ќе ја поднесам болката за мојот Божин. И тој вака одеше по камењиштава. Него насила го тераа. Сакаа да го скршат... Нека тече... Сакам да ја заборавам болката за него... Ме турка силата на тагата да го видам уште еднаш.

Можеби тука ќе го сонам како првата средба..."

Нејзината тага и ден-денес јанѕа ми е на душава.

Баба Каљопа одвај чекореше по истиот нагорен пат и ја прекоруваше, молеше, ја довикуваше да се врати, но мама беше веќе искачена на калето, како што го викаа селаните: домот на боговите. Потоа се слушна силен вик и одѕив:

"Божине! Б о ж и н е е е!" Баба се вознемири и молбено и довикна: "Клеопатро! Врати се... Клеопатро. К л е о п а т р о о о о!..."

Дедо ме погледна и рече:

- Судбина е. Нека биде како што сака Господ... рече вадејќи ја сликата на тате и мама скриена во пазувите, заплака, но кога ме забележа дека го видов, го смири лицето, си ги избриша солзите, па ги отвори рацете и цврсто ме гушна.

***

-Ти не знаеш ништо, а треба да знаеш, родители ти беа - ми рече и продолжи. -Тоа беше во триесеттите години, кога Метаксовата диктатура најмногу го погоди македонското население. Реакционерниот режим во Грција во тоа време со особена жестина се беше нафрлил врз македонскиот народ во тој дел на распарчена Македонија, угнетувајќи го бесмислено и задушувајќи ги и најелементарните права на Македонците.

Со закон им беше забрането употребата на мајчиниот јазик, не само по училиштата, туку и по домовите. По сите македонски села биле отворени вечерни принудни училишта за учење на грчкиот јазик. Сите возрасни биле принудени да ги посетуваат тие училишта, оти луѓето по поделата на Македонија и во дел од што му припадна на Грција не го знаеја грчкиот јазик.

Задолжително требаше да го учат и возрасните, дури и такви старци кои не беа способни сами да се движат, па нивните помлади беа принудени да ги носат на раце до училиштето и назад. Така ги носеле и дедо ти Јанкула и баба ти Лина, раскажуваше татко ти. А, еднаш, претседателот на Леринската и Костурската околија, некој си Цакцирас дошол во селото.

Тоа било пролетта 1937 година. Тој бил познат терорист спрема македонското население. Бил страв и трепет за секој Македонец. Со него го влечкал како личен секретар еден Македонец, а станал гркоман, од селото Косинец, се викал Маркопулос, со закрвавени очи, црвени како сливи, во кои се уште му се наѕирале траги од пијанство, а бил должен да ги повика селаните. Кога Цакцирас се искачил на скалилата до влезот на црквата, насобраните селани почнале да му

ракоплескаат, а тој бесен и на тоа им се обратил со следните зборови: “Не ме одушевуваат вашите ракоплескања. Вие не треба да ми ја покажувате мојата работа оти добро го познавам минатото на вашите дедовци-мислел на илинденското време, а и сегашната активност на младите, затоа запомнте дека ќе дојде ден кога јас лично ќе ставам оган од четирите страни и нема да дозволам никој жив да излезе!” На тие што му се противеле, насила им давал да пијат рецинусово масло. Потоа се знаело дека со денови не можеле да си го заврзат гашникот, ги терало многу по надвор.

- Ех, што ти било! Да Симонче, ова сакав до го знаеш... - со горчина ми рече дедо, па продожи;-Арно ама, тие како татко ти, со нивнита гордост, нивнате пламенити чувства, веројатно сакале да останат што е можно понезависни и најмногу се спротивставувале, но силата на полицијата ги собрала и со еден воен брод беше донесена една голема група интернирци и по жешкото сонце ги тераа да се искачат на калето. Таму им го имаа одредено живеалиштето. И така ги оставија без ничија грижа...

А баба ми Каљопа, ниту уста не отвори, ниту глас пушта, само запре за миг, стаписана, па ја крена раката да си го избриши образот.

- Што ја чепкаш таа стара приказна - му рече на дедо - Ми, го тревожиш детето! Но дедо ми упорно продолжи да раскажува:

- Ние од островот, од нив разбравме дека се водело војна и дека повеќемината ти биле од земјата на прочуеното македонско царство, ако си слушнал за Филипа ИИ и за неговиот син Александар Велики. А знаеш дека овој остров е проклет. Сув остров, гол и затоа го носи името: “Островот на ветровите”.

Тука живеел богот Аилос и оттука управувал со силните ветрови. Во грчката митологија островот Анафи се прикажува со името Аиолиа, според името на богот. А цел свет знае за големите бури, што се појавуваат како планини. Оттука минал и Одисеј, кога се враќал од Троја за татковината. Дури и сега постарите жители знаат на кој камен си отпочинал Одисеј,

додека барал благослов од богот на ветровите. Тогаш богот ги запрел силните ветрови за да исплови Одисеј кон саканата Пенелопа. Можеби го сожалил поради големата љубов кон саканата. Ти не знаеш дека боговите пред убавите жени и клекнуваат. Легендата зборува дека и нашите претци ги донесле тука со намера да изумрат, но ете, останавме со векови. И нам не ни се знае коренот од кај ние. Посилниот те носи, кај што тој сака... Но овие луѓе што беа донесени во четириесеттите, беа од питоми места, а како да беа осудени да умрат тука. Оти тоа се знае, таквиот човек набрзо ќе го почувствува принудното пресекување од светот. Меѓу нив беше и татко ти Божин. Убав и силен маж. Силните не умираат лесно. Тој како да беше роден во знакот на "Даб". Како и сите дабови и таквите луѓе се силни, моќни и мирољубиви. Во себе имаат голема сила, па им ја нудат и на другите како заштита. Не поднесуваат крв и болест. Истрајни се, горди и стамени.

Необично си ја сакаат и ценат својата слобода, но и слободата на другите.

Си припомнувам, беше лето. Тогаш топлиот ветар што доаѓа на островот, дури од Африка, за нив беше неподнослив, а за луѓето од тие краеви, дури и смрт. Таков ти е овој наш остров; сув и крастав, вријат муви, комарци и други бубачки што го подјадуваат човека. Но најстрашно е зиме, под силните ветрови и при бура на море. Тогаш треба да се внимава и на сигурно да се гази, да се оди со кратки чекори, чунки ветриштата го носат човека како глотка. Тука дури и дрвцата што растат итро им се покоруваат на ветриштата. Дрвцето уште набрзо налегнува поземи, па така згрчено, само опстанува, а тешко му е на човекот, ако тоа не го знае. Кај тие луѓе почна да се јавува една чудна болест; се сушеа како стебла без корен. Станаа кожа и коски, со впиени очи и подуени образи. Во долгите зимски вечери, зборуваа сами со себе. Со години чекаа да видат снег, а тука никогаш нема паднато. Им се јави страшна вртоглавица, почнаа да им отекуваат нозете; на рацете и лицето им се појавија жолтеникави плускавци и по пукањето од нив течеше густ гној. Живееја така лежејќи по ѕидините, а зимскиот студен ветар ги поткаснуваше како змија.

Почнаа да умираат. Прв умре Неделко. Беше од родот на татко ти. Тој повеќе умре и од болка, кога дозна дека селото им го запалиле, а луѓето кои успеале да се спасат избегале во јабана. За тоа боледуваше и татко ти, а другите тагуваа по изгубениот живот, но ним им било пишано да умрат тука.

Неделко, кога бил да собира тревки, гладот го принудил да јаде зелени смокви и живи полжави. Одел со подуен стомак, а нозете му се треселе како прекршени стебла. Легнал в постела со страшни маки. Неговите офкања одекнуваа по целиот остров, дури и боговите се беа исплашиле. По три дни, бладајќи по жената и детето - умре. И многу други изумреа по скрките, собирајќи полжави, ракови, глувци и жаби. На почетокот им давале смрдлива чорба сварена од внатрешните органи од псовисани животни. Од таквата помија многу повраќале. Жесток и неподнослив режим бил воспоставен во овој логор што се наоѓаше врз она огромната скала над самото море. Ене онаму горе. На логорот имало некојси поручник Бугас, се правел поголем дури и од тогашниот министер Мањадакис, постојано ги предизвикувал логорашите и со груби провокации, уценувања и недостојни постапки. На оправданото реагирање на логорашите, тој со другите стражари со оружена акција против своите жртви. Можеби и татко ти ќе беше мртов, арно ама... Гробот на Неделко му е во скрките. Ене, онаму, кај големана пресека. А можеби има уште и живи. Велат дека понекогаш се појавуваат од кај длабоката пештера. Но до таму да се дојде, до тронот на боговите јас знам уште како дете, дека е непроодно. Тие биле многу, можеби некои од нив ги прибрале и боговите. Ги сожалиле, но од нив имаше и умни господови луѓе кои на луѓето не им посакуваа зло...

Таму е и изворот од кој полниме вода. Ти, знаеш, тој е единствениот на островов. Мајка ти со другите моми од селово дури од таму носеше вода. Таму се беа запознале со татко ти... Можеби, тие спомени ја натераа и мајка ти сега да намине таму...”

***

Молкна. И ветровите како да стивнаа. За цело време напнато го слушав, но пред очи се уште беше орото што го играше татко ми. Ми доаѓаше да заплачам, но напати пофтував да ги движам стапалките, тргнував наназад, левата малку ја поткревав напрсти, потклекнував, потоа останував разочаран.

Ама уште ми е пред очи Леринското Поле, кога патувавме за селото на татко ми. Толку нашироко се простираше зеленилото на житата по нивјето, та и меѓите меѓу нив не се забележуваа, па сето заедно прилегаше на огромно разбрането море.

- Па ова е земја на парадизот* ! Ние на островот сме биле осудени. О, боже, боже каква неправда!-повторуваше мама. Татко ми се насмевнуваше и се радуваше на оваа посета по цели триесет години од војната.

Природата како со рака те влече, а ти трепериш да ја радуваш убавината...

Кога стигнавме во Лерин, татко ми од се срце на мама купи нова роднокрајска македонска бела руба. Елекот беше извезен со разнобојна срма, а полите од фустанот опшиени со шарен гајтан, во разновидни фигури.

- Сега личиш на горско цвеќе, скинато од планината Вичо. Ех, моја Клеопатро- рече гледајќи ја така, небаре одново се беше вљубил во неа.

Тате си одбра платнена кошула со шарен вез на предницата и на ракавите и си ја стегна половината со шајачен појас. Тој беше толку расположен, небаре одново му се врати нешто одамна загубено.

- Ви текна да се присетите на младоста-шеговито им рече продавачката со добронамерна насмевка и продолжи-Пазар се не се врти околу љубовта? Околу загубената младост... - Тате и мама се насмевнаа, без збор да изустат.

Така развеселени се упативме кон родното село на татко ми намамени од пролетните мириси, пред нас се брануваше ржта,

дивата трева како балсам ни ја разгалуваше и смируваше душата и како да не правеше посреќни и отпуштени на оваа прошетка. Татко ми најмногу се задржа крај урнатините на неговата куќа, раскажувајќи ни за целиот негов род, за животот. Од подалеку се слушаше музика, која се повеќе ни го привлекуваше вниманието.

- Тука, во овој наш крај, пред собирање на летината, на сам ден Петровден се прават свадбите-рече татко ми и полека се упативме кон црквата што беше изградена над една висорамнинка. Пред убавата црква имаше многу народ и во тој миг зетот и невестата излегуваа по венчавањето. Сите не плени кога видовме како милозливо излегува невестата. Беше на врвот на совршена и блескава убавина; се на неа, почнувајќи од распуканите алови усни, покажуваше живот и здравје во нејзината чудна руба и се што ја правеше убавината беше соединето во вонреден сооднос, во толку хармонична рамнотежа, што човек одвај можеше да поверува дека тоа е можно, дека таа убавина ја гледа пред очи. Таа додека излегуваше пред сватовите, имаше величествена и кралска става, а подоцна, кога, речиси, срамежливо се фати за рака со својот вечен при-дружник-изгледаше сосема малечка и миллава и мила.

Секое нејзино движење беше исполнето со милосливост, со кроткост.

Чекореше со сета ревност и зрелост на една идна жена. Кога ги даруваше сватовите, зборуваше со тивок и нежен глас. Главата беше накитена со прекрасна, разнобојна срма, беше милолика и горда како планински цвет. Случајно се загледав во мама и видов како таа сронува солза радосница.

- Зар ти не си била таква невеста? - ја прашав. Татко ми се сврти кон неа и ја прегрна преку рамо.

- Не, нашата свадба... - рече мама и подголтна. Во тој миг музиката ни го сврти вниманието. Сега невестата чекореше со ситни чекори, одвај допирајќи ја земјата со прстите на стапалата и со филигрански изливи го водеше невестинското

оро. Потоа се наредија сватовите што ги играа ората: “Старското”, “Женското”, “Ситното”, “Машкото рамо за рамо”, “Бајрачето” и сега татко ми беше на чело на орото. Тој сам го нарача: - Свирете ми го - “Пуштеното”!

Мама и јас плескавме со рацете. Потоа ни се придружија и другите. Свирачите го спотинаа орото. Мама им лепеше пари и пак плескаше со рацете. Му се радуваше на тате.

Кога заврши орото, мама ги рашири рацете и почна да го бакнува. Јас со нескриено задоволство го гушнав и му реков:

“Стари, научи ме и мене на овие твои роднокрајски македонски ора!” Тој се насмевна со задоволство. Потоа гласовите не стивнуваа: “Море луѓе, зарем не е ли овој Божин?

Божин е! Галиба и Неделко е тука, живи се. Живи се, луѓе! Се вратија...”

Во тој миг пред нас минуваа зетот и невестата, зошто тие одеа по некаков ред од човек до човек. Невестата се наведна и им бакна рака на тате и мама. Мама побрза да ја дарува со паричка, благословувајќи ја милозливо, а зетот му се обрна на тате.

- Јас сум синот на Неделко...

Мама се вангелоса и ги прегрна младоженците, спомнувајќи си на стрико Неделко. Потоа истото го направи и татко ми.

- А, ти, чиј си? Убавино... - го праша татко ми детето што го држеа за рака младоженците, потштипнувајќи го за румените обравчиња. Тоа беше облечено во народна носија, а бушавата коса и игривите очи го правеа толку милосливо, што секој посакуваше да го погали.

- Јас сум кралот на баба Трендафилка! - му одговори, подавајќи му го каленичето* со вино.

- Ти да не си колупчија** ? Како се викаш?

- Божин!

- Божин? Па ти си ми имењак! - и татко ми некако се стаписа.

- Ова е синчето на Симона твој. Симон ми е побратим.

Како што бевте вие со татко ми. Ене ги, таму! – му покажа кон насобраните сватови кои се веселеа. Татко ми веќе го имаше во својата прегратка детето.

- О, боже! колку е мило - рече мама. Настана тишина.

Сите луѓе ги вперија очите на кај нас.

- Бабо Трендафилке! Тате, мамо го најдов дедо ми! - извикуваше со писклив глас детето. Татко ми се сврти кон нас со очите полни солзи, а детето се радуваше и викаше:

- Бабо! Бабичке, Трендафил о о о! Го најдовме дедо наш!

Во тој миг го видов татко ми како се струполува наземи.

***

Закопот беше величествен.

Сите стоеја стутулени еден крај друг, што поблиску до ковчегот. Со горди чекори се приближи детето со кралска става држејќи го украсеното каленичe. Се поклони и го положи крај рацете на мртовецот. Од убавите сини игриви очи му се тркалаа крупни солзи.

Настана тишина и плач. А кога гробарите го спуштаа ковчегот в гроб, музикантите го засвирија омиленото оро на татко ми.

## ТАЖНИТЕ РОЗИ НА ПЕНЕЛОПА

Чекорев замајан низ алеите на гробиштата “Бутел” со голем букет цвеќе во рацете. Го барав гробот на Филип Долински, мојот комесар од војната. Талкајќи така зачмаен, се присетив на трите денонокија кога непрекинато се одвиваше борба. Бурандарите понекогаш се искачуваа дури до самиот врв на Вичо, оставајќи зад себе трупови и тенкови да горат.

Само што ќе се загнездеа, ние повторно влегувавме во атака.

Потоа сосема ќе молкнеа нападите. И така, од ден на ден - цели три денонокија. Жалосна беше сликата на патот до врвот.

Всушност, пат и немаше, туку нешто што прилегаше на ораница. Гореше скрвавената земја: железо и трупови на убиени млади луѓе. Тешко ги разликувавме своите од туѓите...

Тогаш последен пат го видов Долински. Беше тешко ранет и не изусти ниту збор…

Утредента времето беше убаво. Ден што се посакува, да се дреме на сонцето по тешка непреспиена ноќ. По снагата ти се излева неразбирлива милина и како нешто длабоко да те уверува во желбата дека ќе живееш долго, долго...

Во таквите, мигови, Долински сакаше да запееме...

Многу негови другари и пријатели веќе не беа меѓу живите.

Жално, некого во четата бараш, а него го нема. Понекогаш ќе сретнеш пријател кого не си го видел од поодамна, ќе се израдуваш со него, ќе си спомнеш по нешто добро или лошо, што сте го преживеале заедно. А потоа, тој ќе си замине на една, а ти на друга страна. И, размислуваш: “Ќе се сретнеме ли уште еднаш?”...

Ете така заробен од таквите мисли го барав гробот на Филип Долински, еден од тие неволни војници.

Се доближив до гробницата и здогледав жена со убава лика, облечена во свечен фустан од светлосина боја, со бела заттилка. Имаше малку побелена коса, собрана и подигната во кок, со по некое перче од страните, а врзаната свилена индиска шамија околу вратот даваше посебен шарм и милозливост.

Се стаписав меѓу силата и покорноста, небаре се најдов пред некаква вина. Над гробот гореа свеќи со пламенчето свртено кон убавите рози. Пријдов поблиску и ја видов сликата на Филип Долински. Ме обзеде возбуда. Беше во партизанска униформа. Ја голтнав плунката и молкум се ракував со жената.

- Пенелопа - ми одговори и го вепри строгиот поглед во мене.

- Вие госпоѓо, на Филипа сте...?

- Јас сум Деспинис Пенелопа, почитуван господине.

На Филипа сум му соборец. А Вие? - љубезно се насмевна со белите убави заби.

Жената беше на возраст од околу четириесет години, но си велам се е можно...

- Исто соборец и пријател од тешките години – реков возбудено, барајќи најпогодно место да го оставам цвеќето.

Уште еднаш дискретно забележав како совршено фустанот.

Прилега на убавото тело, јасно истакнувајќи ги градите, колковите. Почувствував како ми тупка срцето.

- Јас првпат доаѓам, Деспинис Пенелопа. Живеам во Канада. Сега сум на минување... Ние сме една невина војска, па уште се пронаоѓаме...

- Јас доаѓам почесто. Живеам во Атина. Чувствувам некаква вина и не можам да си најдам прошка. Ја доживувам тајно неговата судбина, но таа, ете, стана и моја. Девојките секогаш повеќе му веруваат на саканиот, отколку на мајката - велеше

мојата баба Деметра. Мојата храброст, можеби, е несреќа, но тоа секогаш ќе остане тајна и речиси не ќе се обелодени. Ох, таа пламена и недопирлива свирепа болест, таа младешка сладост... Тоа е трогателен доказ за почитта кон Филипа. Тој блескаше од младост и убавина. Тој имаше благородно срце, силни мускули, раце, широки раменици, зелени очи... и она што го прави машкото тело убаво и привлечно. Тој беше смирен, доверлив, несебичен, зеленоок, со бујна кадрава коса, човек со благ дух. Ми се умилкуваше, а тоа постојано ме тераше да мислам на љубов. Ми ја разнежуваше душата, не можев, а да не му верувам. Но ете, од сето тоа ми останаа страдањата. Немам сили да ја откријам историјата на нашата љубов. Во воените мајски денови на Грамос, се зацврсти како вечен бигор. Сега си припомнувам: постепено доаѓаше есента. Во утрата над Грамос паѓаа такви думани од маглишта, што не можеше да се види спротивниот брег.

Навечер, во нашите земјанки почнуваше животот. Доаѓаа интендантите и делеа леб, конзерви и вода. Медицинските сестри мирисаа на лекови. Некои кашлаа, се жалеа што не им донеле цигари. Одеднаш ќе молснеше некоја ракета и тогаш сите движења се прекинуваа, луѓето бегаа под дебелите борови стебла. Ќе угаснеше ракетата и пак сите како мравките, ќе се прибереа, ќе се раздвижеа... преку денот одевме во рововите на сонце, водевме истребувачка војна со вошките. Некој размислуваше да си ја избричи главата само за да им го сотре засолништето на гадинките. Ме опфаќаше тага, да не го стори тоа Филип, тој имаше убава руса коса. Со подигнат дух, срцето ни го полнеше со некаква верба во победата. Човека го влечеше навиката праведно и искрено да верува и да простува, небаре тоа се некои закони на војната... До ден-денес никој не може да ми ја задуши страста, дури и сега си припомнувам како Филип ми велеше: “Кралице моја, чувај се за најсреќниот миг на нашиот живот...” Тоа ме храбреше... Љубовта е чудесен цвет. Душата ми стана изморена и истоштена од толку жестоки чувства. Ми го затоплуваа срцето нијансите на наклоноста негова, а сето тоа ми го заматуваше умот... Да уживаш и да трепериш е многу интересно. Потребна беше храброст да одгледуваш цвеќе на работ на ужасната бездна.

Тогаш се стрелаше... При една разделба, се приближив кон него. Чувствата ме понесоа, па којзнае како пред борците му го возбудив срамот... Долински искрено знаеше да сака, во својата љубов уживаше и трепереше...

Пенелопа потклекна, го заобли убавото тело и ја разврза свилената индиска шамија што и даваше чудна елеганција и женственост. Сега можев слободно да и го видам убаво негуваниот врат. Ми подаде локум, донесен дури од Атина. И јас клекнав од спротива на гробот.

- Потоа и вие знаете. Долински со ранетите отиде во Полска, а јас во Ташкент. Брзо го пронајдов преку писма.

Неговите писма одново ми ја закрепија душата, но тоа е трогателен доказ. По повеќе години ме посети во Ташкент.

Веќе ги имав завршено студиите по музика и свирев убаво на виолина. Се оддадов на музика, Филип беше надарен со некаква нежна убавина, а ми пишуваше и љубовни стихови.

Тоа ме инспирираше.

Го пречекав на перонот, ми се стори дека го згмечив во прегратката. Ми се чинеше дека никој не може да ми ја задуши страста, барем сега кога војната заврши...

Жената се сврте, со вродена претпазливост за своето достоинствено држење, небаре солзите беа скриена насмевка.

- Љубовта може да се прекине само во зачетокот.

Потоа оној што сака да ужива во нејзината среќа, треба сосема да се откаже од себе - велеше баба ми Деметра – продолжи таа.
- Посакав да му се приближам и да го извлечам од долгата осаменост. По вечерата, Филип секогаш се издвојуваше, ја земаше книгата и читаше. Си помислив: зар може уште да живее со војничка морална дисциплина мојот Филип?

Една вечер го прегрнав, почнавме да разговараме, за борбата, за другарите. Тој беше многу љубезен и од таа вечер нашите чепкања станаа како навика. Зборуваше за се и сешто, најмногу за овој негов крај, но и понатаму ја чувствувам неговата машкост резервирана. Некаква чудна срамежливост излегуваше од него. Тоа понекогаш ми беше тешко да го разберам. Како намерно меѓу мене и него да се издигаше граница, која небаре ни остана од војната и како преку таа граница ни сега не смееме да поминеме.

Филип се повеќе ми се допаѓаше, ме интересираше неговото воспитание и култура. Беше историчар. Неговата физичка стројност ме привлекуваше, а со своите обноски и со виртуозното танцување, ме освојуваше.

Не се заборава; бев многу среќна еднаш кога во Бољшој Театар имав солистички концерт, свирев со мојата милна виолина, публиката ми аплаудираше. Тогаш мојот Филип најмногу ме трогна. Се качи на сцената со букет бели рози и ме бакна. Во салата грмеше од ракоплескања. Тие денови сите ми завидуваа. Филип оставеше впечаток на крал; толку мажествен, толку моќен, што многупати посакував...

Ама еднаш дури му реков: откопчај ме... А тој ме прегрна и заплака како дете... кога ми ја откри вистината, се стаписав.

Почувствував како некој да ме удри по глава. Така жално се почувствував во тој момент што ме обзеде тага и плач. Ме вратија мислите пак во војната, поради него, но и поради себе, бидејќи тоа беше грев спрема нас двајцата. Го очекував во емиграција со години, во најубавата младост, страдна да доживеам вистински чувства, уште жива жена , која посакува да има род... носам болка од тој нежен и топол глас кога ми рече: “Кралице моја, Пенелопо моја верна, љубена моја, гледаш дека мојата машкост ми ја одзеде куршумот при борбите на Вичо. Другите рани толку не ме болат, но оваа со години ме пече во душата поради тебе... Кралице моја, дојдов да ти ја кажам вистината и да те замолам да си побараш среќа со друг”.

Тие зборови и денес ме задушуваат, оти знам: ако човек е достоен на љубовта, тогаш ќе биде љубен... Тој, најпосле, умре од очај во цветот на младоста, а јас решив да се доверам на себеси, да сонувам за среќата кога го минувам времето покрај гробот на Филипа.

Почувствував дека грев ќе носам за оваа жена што помислив да облечам бел, долг фустан. За црномурестата Пенелопа, висока, ладнокрвна и стрплива жена што ја нареков

- горда принцеза, која уживаше да ја покаже својата претерана гордост и верност. Ја гледав и слушав како смраморен. Од неа можеше да се научи дека среќата се собира секојдневно по малку... Ми ја натажи душата, оваа совршено загорчена жена, анѓел на чистотата. Не можам да и ја изразам едноставноста на движењата, со длабока сериозност кога погледнува во мене со толку справедливост и наивност... Молчев скопчан во душата оти знаев дека кај таквите жени навредата се отвора како амбис, но си реков: зарем можела толку да ме љуби и мојата покојна Елена...

Свеќите догоруваа, а над тажните рози, од убавите очи на Пенелопа како кристали се распарчуваа нејзините солзи.

## НОВА ГОДИНА ВО ЗЕМЈАНКИТЕ НА ГРАМОС

Надвор беше осамнал сосема бел ден, но во земјанката темницата се уште цврсто лазеше по ѕидјето.

Погледнав уште еднаш во војничките шејови во земјанката.

Како да сум сред безимени предмети; сама, без зборови, без одбрана тие ме опкружуваат и не бараат ништо, не се наметнуваат. Земјанката, како да е место за одземање на животот. Војна е и јас се вклучив во неа, не знаејќи зошто. Таа е машка работа, но ме вклучија оние што ме отргнаа насилно од мама. Знам, жената не е родена да убива. Сега сум со овие луѓе, кои ми дадоа и пушка, а не знам да ракувам со неа. Сите тие храбро ја поднесуваат судбината. Секој посакува да ја одбегне смртта; се се прави по наредба на комесарот кому секој му е верен. Комесарот пак правилно ги дели храната, одморот, сонот, водата, па дури и сонцето.

Во земјанката секој го свртува погледот од мене, за да не го забележи комесарот. Тој е престрог, дури и повеќе од војничкиот кодекс. Еднаш забележав кога Партена стана зарумeнето откај големото огниште и кога нејзините колкови грациозно се заклатија, врз неа се обесија очите на влашето Виорели. Збиток, во плеќите набиен како селска перница, а секогаш со некоја развлечена весела влашка песна на усните, што, речиси, многупати ја оставаше недовршена. Велеа, дека влашките песни немале крај. Којзнае, можеби, јас со такво чувство останав. Слични пееше и Цолакидис. Неговите свиреле на ќемане со една жица. “Така пееме ние, од Пондија” - велеше Партена.

Боже од каде се нема луѓе во оваа земјанка. Шаренило од народ...

Низ окното се гледа белината и овиснатите гранки натоварени со снег. Стрпливо ја чекаа пролетта и сонцето да им го симне белиот товар. Во тишината небаре им ја слушам тежината: крцкаат, се опираат, а некои пукаат од големиот студ. Ноќта ја минувам крај окното. Баба ми ме имаше научено да гледам во

ѕвездите и оттогаш ги засакав и им ги следам патеките и не се плашам што ми навираат некакви глупави фантазии. А можеби и баба ми е виновна што ми остави аманет: “Тоа прави го и кога си во невола, кога сеуште не си врзана за маж, а жената треба да се врзе за маж, оти таа и затоа е создадена” - велеше. “А кога ќе се врзе за тој што го сака, тогаш нека се држи до заклетвата за верност”.

Често на сон се онесвестувам од несреќа. Останувам стаписана со сета болка на светот во очите. Не сакам да поверувам дека со некој од овие мажи ќе треба да се обврзам со клетва за верност. Пушката е крај мене како студена змија.

Ја подгибнувам, ама се плашам да земам човек на нишан. Знам само песот во таков момент може да те гледа в очи кога нишаниш во неговото чело, а кај луѓето не е така... Комесарот ми вели: “Треба да знаеш дека и противникот го прави истото...”

Окното е стеснето накај излезот од цевката на пушкомитралезот. Така биле правени сите окна, по урнек на големите војни. Понекогаш земјанката ја викавме и “руска куќичка”. Во такви живееле болшевиците на Црвената армија.

Само од окното доаѓаше светлина. Но таа не беше обична светлина како онаа што затрчано влегува наутро низ прозорецот. Оваа светлина минува небаре со страв покрај цевката и нишанот и стрмоглаво се губи во разлигавените земјени ѕидови, црвеникави како расечено дебело месо. Влажноста се отплискува пред расплamтените цепеници, потоа се стегнува во мраз; но и тогаш се забележливи трагите од копачките и лопатите. Има расечени корени, кои уште долго излачуваат некаков сок што капе како од изморени очи, се додека коренот не прими облик на крастава рана. Речиси по цел ден поминувам, легната над сувиот папрат што врие од вошки. Ги има најразновидни, но сите се агресивни кога посакуваат да изнанесат што повеќе гниди во влакнестите предели. Потоа се растрчуваат по “храна”. А тие знаат само да цицаат крв. Најмногу одат по чисто тело. Тоа ме лути дури до полудување. Не знам зошто но, на Партена и недостига основна

чувствителност кога сме сами покрај огнот. Се поведува според случајот; ја нурнува раката меѓу нозе и нешто зграпчува, па го вади на видело со стисната дланка. “Вошка е, машка вошка! Одамна ме јадеше, бараше гнездо да снесе...” дрдореше одмазнички и со лутина ја фрлаше сосе влакна во разгорените цепаници. Кога сакаат да снесат, вошките се шетаат низ влакната, со некаков бес. Тоа го знаеше секој од нас. Но Партена беше интелигентна и понекогаш посакуваше да исполни нечиј живот. Се чешлаше, над некое вирче вода се дотеруваше, дури сакаше да биде и намирисана со некакво ливанто или борово масло, но повеќе се намирисуваше со мискиот сапун што ни го делеа само нам на жените.

Во земјанката немаше провев и не се очекуваше да тресне прозор или врата. Вратата беше направена по нечиј изум, од пластови папрат и добро се опираше на злобниот ветар што змиулеше низ окопите до нашата земјанка. О, боже мој, навистина почнав да си ја викам “мојата” или “нашата земјанка!” Понекогаш размислувам, дека во овој свет владее некакво лудило, но не можам кај овие луѓе да забележам некаква закана, злоба или грчење на усните со некаква желба за убивање. Човекот по природа е добар или зол. Ах, подобро да молчам. Но чудна е и нашата женска мистерија. Одамна забележувам, кога Александар влегува во земјанката, ми се насмевнува, но погледот отврднува од страв да не биде откриен.

Слаба сум и осамена. Сонот не ме остава. Размислувам, се обидував да навлезам во психологијата на војната и на човекот кој нечујно станува воин. Еден ден низ бледилото ги гледав војниците од спротива, се довикувавме со големите инки, се грдевме во името на нашите убедувања. Гласот на Партена ѕунеше низ високите борови дрвја. Еден и возврати:

“Ти си курва, затоа си со партизаните. Чесните војски немаат војници - жени...” Настана тишина. Посакав да ја одбранам, но си велам - тоа нека го сторат машките.

Студот ме собра во леглото. Лежев и размислував за разни незгодни работи, што можеа да ми се случат. Видов нова

цивилизација. Полека ги примав сите неволји, лежејќи во самракот и во студенилото. Во себе немав никакви документи.

Никој не ти бара ни извод од книгата на родените, просто си го имав само името - Мелина, а кај комесарот бев запишана Мелина Пападиму од Патра. Поминаа шест месеци. Не умрев, напротив, почнав да живеам со војната и таа како сите војни си имаше своја најубава неиспеана песна.

Така дојде и илјада деветстотини и четириесет и деветтата. За пречекот добивме додаток на храна: млеко во прав, печени компири и сите не исполнуваше некаква чудна волја за живот во земјанката наша - во таа земја под ветровите на Грамос. Сите си ја честитавме новата година и наздравуваме за сигурна победа. Војна е, можеби нема повеќе да се видиме пак така собрани.

Вистината за исихазмот ја научив, лежејќи со ноќи.

Најарно заспиваа тие што страшно грчеа, но јас таа вечер решив да го чекам Александар. Тој беше со извидниците од другата земјанка. Сакав да му ја честитам новата година.

Неговата порција стоеше негибната. Партена се припиваше кон мене, ја будеше студот.

Молчев и ги слушав чекорите на Александар. Тој внимателно ја поткрена навалената параван - врата и се почувствува остриот ветар. Прво ги испружи долгите раце, како да сакаше да приграби топлина, со сета кревка грациозност на своето високо тело, ја нагрна шинелата и седна на буковиот балван.

Го развлече погледот по исполегнатите и кога стигна до мене, се задржа за миг, над моите кревки истакнати колкови. Јас го задржав истиот ритам на дишење и ѕиркав под ракавот на мојата шинела.

На неговта офицерска униформа болскотеа светликавите копчиња, како гладни мачкини очи. Не знам што ме удри женскиот улав ум, посакав да го расчепкам огнот, како добра

домаќинка, за да се стопли подобро, но си велам: ама сум брлива. Кога ја дојаде порцијата, се протегна машки, небаре нешто повторува. Можеби тоа му беше задоволството од топлината, а јас траев тажна, ѕиркајќи со задоволство во неговото поткренато колено и во бујната коса со благо истурени прамени додека како магнет ме влечеше некаква волшебна еротика.

Со смирена миловидност, Александар се готвеше да си легне, а јас го следев низ претходно направената дупка преку параванот од напластениот папрат што не делеше нас од машките. Се притаив, но не можев да издржам повеќе од неколку секунди. Кога видов дека тој ги затвори очите, јас полека ја слизнав раката преку параванот и му ги допрев топлите усни. Така му упатив едно: "Среќна Нова година!"

Погледна плашливо. Се прибра потресен, а јас и натаму му ја запретував долната усна. Ме гледаше со толку возбуда со таква сериозност што милните сини очи останаа закована во мене.

"Боже што се случува?" Одвај забележително се подвоуми и како да ми подава суварка, ми ја допре раката. Прошепоти:

"Среќна Нова година и тебе, Мелина"

Одвреме - навреме ја подавав раката. Тој исто така беше возбуден. Цутеше од гордост. Ме гледаше, со отворените очи и со стегнатата уста личеше на скаменета фигура. Ама баш сум улавка. Посакував да ме прегрне, да ме стисне, дури коските да ми закрцкаат. Тоа можеби, и на машките им се допаѓа. Со насмевка и со отворено срце чекам да ми рече: "Ми се допаѓаш, Мелина!" Ќе му одговорам "Знам", а тој не чекајќи ќе рече: "Знаеш?"

Во тој момент, со поглед на вечно тажно дете ми подаде игла. Ја допрев и како, да ме жегна в срце остриот бодеж кога посакав да и го проверам врвот. Си помислив, зарем со тоа сака да ме удостои за идна домаќинка? Повтев да возвратам со бакнеж, но пречката од шумниот параван помеѓу нас ме остави со натопорени усни. Некој од полегнатите зарка и најверојатно

сакаше да се сврти на другата страна. Ми се покажа лицето со остар нос и со русите образи без насмевка.

Тоа беше Васил Клечовски - Побратимот, така го викаше Александар, потоа и јас така го завикав. Понекогаш двајцата околу огништето пееја убави македонски песни. Некои дури и сега ги паметам:

“Една чупа со две игли посребрени и два конци копринени ми плетеше чорапи
дали да ги носам или да ги пуљам...”

Ја пееја и онаа руската: “Волга, Волга, руска река, широка и длабока...”

Така се пееше во глувите ноќи, во земјанката под ветровите на Грамос. Побратимот Васил, зарка и пак заспа.

Настана молк.

Александар се растрепери како млад бор на ветар и од него се откина чудна воздишка. Комесарот рчеше. Претпазливо го лизгам погледот, по телото, размислувам на каков укор ќе бевме изложени, можеби и на најстрогите воени судови.

Законите на војната се чудни. Се ослободувам од вкочанетоста на мускулите. “Колку сум изморена...” Воздивнувам и јас, но чувствувам лизгање на телото по пластовите на сувиот послан папрат.

Долго гледав во огнот. О, боже мој, дури ќе заборавам кој ме донесе на свет. Да беше тука мама ќеречеше: “Зарем, веќе си избрала момче! Го сакаш?” Мама ќе се радуваше. Таа умееше да им каже на сите, на целиот наш род.

Најпосле се повлеков во студеното легло, ѕиркајќи низ параванот во Александар, кој уште се измачуваше како изморен јунец. Но како одминуваше времето, тој се повеќе се вгнездуваше во мојата потпукната корупка на животот. Таа вечер за Александар станав диво непристапно цвеќе.

Се обидував да заспијам, а некои чудесни цветови се отвараа под моите очи. Понекогаш, додека си гледав во рацете, мислев дека денот се измешал со ноќта. Ѕидовите од земјанката, лигави, развлажени никој не ги погалува. Повеќе од шест месеци сум во земјанката број два или како што ја знаеја сите "земјанката на комесарот Ликургос". Навечер сите околу огнот, седат додека не им дојде дремката. Машките расчепатени, така по навика, а од топлината на сите машкоста им се забележува...

Животот ми стана една чудна тешка алка што ми го стегаше здивот околу вратот. Можеби тоа ме натера да побарам заштита. Овие луѓе живееја едноставно, секој ден на ист начин. Тие, впрочем, беа едноставни луѓе, а сега сум и јас една од нив. Ах, Боже, животот ќе те научи да бидеш сама со своите лоши мисли. Соништата најмногу ме измачуваа. Тие и добри и зли, ми ја разголуваа и му ја стегаа душата во земјанката. Во длабоките ноќи, веројатно поради мојот беспричински страв дека некој не слушна, ја земав матарката и до капка ја истурив сета вода во сувото грло. Се смирував и најпосле чувствував како сосема се стопувам, се до доцниот миг на ноќната тишина.

Бадник, по старо - шести јануари. Надвор пак беше осамнал бел ден, авионите летаа над нас под ведрото небо.

Величествено и смирено. Сонцето се отсликуваше од нивните крила. Небото беше исполнето со нивната бучава, а во нашите земјанки тлееја последните гламенчиња. Авионите истурија куп бомби, а снегот се издигаше како од вулкан. Сите се разбегавме по дрвјата како вомјазени гонети дивинки. Осетив шурки крв. Се плашев од крвта, што ми гргаше. Стравот ми го истисна сознанието, сум паднала во снегот.

Сум се пробудила, мамејќи ме некаков сон. Бев во долга ноќна кошула. По навика ја пуштам раката кон јаката, но не можам да ја насетам иглата. "Ја нема…" Ме облеа пот.

Силната возбуда ме разбуди. Чувствувам мирис на крв и лекови. Фрлам опул, ту налево, ту надесно, ама не сфаќам.

Како да сум заборавила на многу работи. Боже, зарем сум заробена од спротивната војска? А од каде толку исполегнати жени? Се поткренав и пак повтев да ја најдам иглата, а мојата војничка облека ја нема. Во безредието на мислите, пред мене се појави Партена, потпрена на две грубо изделкани патерици, убава и надмена, похотлива и полна со живот; се смешкаше Партена.

- Мелина! - викна и се струполи над мене, да ме гушка, но јас се уште се чувствував како во некоја самотија, а и полската болница беше сместена во длабока шума во заднината на фронтот, во пазувите на суровиот Грамос.

Кога ми раскажуваа дека Александар ме носел на раце се до стационарот на штабот, се повратив. Брзо од сестрите си ја добив облеката која беше удавена во крв. Ја зедов само иглата, а се друго вратив. Партена се насмевна и ми рече: “Ти брзо ќе оздравиш”.

Речиси секој ден ја терав Партена да ми раскажува за тоа наше ранување, за патот до штабот. Боже понекогаш ми надоаѓаа луди мисли. Размислував, дури како би ја преуредила земјанката за семеен живот... Кога си припомнувам на зборовите од Александар: “Сакам да имаме син...” можеби тоа го велеше поради мене, жените не се за војна. Леле, си велам: да не сум луда, што толку ме преовладуваат проблемите со мојата рожба, а војна е...

Се обидувам да заспијам, ја допирам иглата по врвот и се подбуцнувам, ама благо, а понекогаш и до болка, дури вреснувам. Ах, тие мали боцки надеж, кои одвреме навреме ми поминуваа низ срцето... Така изминаа повеќе од четири месеци. Пролетта беше насекаде. Почнав да чувствувам набрекнување на моите гради. Боже колку посакував, да знае Александар.

Се сеќавам на времето. Тој ден беше ветровито, студено, облаците се движеа брзо, а огромните дрвја крцкаа како да сакаа нешто да ми соопштат. Повеќето од земјанките беа срушени и полни со вода од пролетните дождови. Низ дрвјата срeќавав нови ликови и се распрашував за нашата единица.

Кога од далеку му го здолгедав козјото лице на Васил Клечовски - Побратимот - што си го викавме.

- Побратиме! - извикав силно. Си велам: “Ех, сполај му на господ, ги најдов”.

Малку се вцрвив, оти помислив на Александар. Си велам:

“Зарем може ли пред сите да ме бакне?”, да ја пречекориме воената дисциплина и да направиме лудост. Па, си велам - женско сум, на што треба сега да мислам, ако не на мојот Александар, па си ја потстегнувам војничката облека, вјасајќи кон Побратимот. Но тој, го избегнуваше мојот поглед. Ми се виде остарен, косата му беше побелена и одеше со наведната глава, да го остави ранецот и пушкомитралезот. Настана молк, сите нови војници гледаа во мене со полна напрегнатост.

Вријавел од гордост и сомневање, небаре на мене се истураа рафали. Нему, не гледајќи во никого, само му се откинуваше по некоја болна воздишка. Го сврти лицето кон мене со толку тага што дури немаше сила да го изговори името на Александар, туку одвај ми рече: - Мелина... Мелина, земи го двогледов, а јас ќе ти го покажам гробот на Побратимот.

Александар беше тешко ранет, му беа отсечени двете нозе и левата рака. Лицето му беше обезличено. Живеше во ужасни болки. Долго го носев на рамо, но тој не престна да ме моли да го застрелам... Не можеше да ги издржи болките. Ме преколнуваше и ми велеше: “Не сакам таков да ме види Мелина. Те молам застрелај ме.”

- Молчи! Молчи! Не е вистина... Вистината за него ја носам во утробава... - го прекорував со глас што ечеше низ падините на суровиот Грамос.

## ЛЕНА

Очите на Меглена Василевна сега беа јасни и претпазливи. Само пустеж лежеше зад нејзината снага - светлиот и празен свет, чијашто надеж сега се чуваше во оваа кротка жена, бевме само ние, младите од Црнчишта. Живееше во гимназијата, без челад, тука и се вгнездила љубовта, и ете истрајува, не воспитува нашата сакана професорка Меглена Василевна. Минува меѓу редовите, застанува крај секого, но како мене повеќе да ме сака. Ја чувствувам нејзината лесна рака кога ми ја гали косата, некаква љубов повеќе од мајчинска, можеби затоа најмногу ме гризе совеста ако не и го погодам составот. А сакам да ја прераскажам историјата за партизанката Лена, што ја имав слушнато од кашличавиот Василко Јовановски, побелен, ковчест човек, кој бил курир во штабот, а јас се повеќе се соживувам со нејзиниот лик, како да сум дел од неа, од Лена.

Оти тој, стрико Василко Јовановски, раскажуваше за многу случки и небаре сакаше да се искаже кога виде дека се повеќе го подјадува болеста, а на неговото слинато тело лузните од војната, чиниш, му беа како удрени жегови за секогаш. Така прегорен во револуцијата раскажуваше:

Тоа беше во четириесеттите, дамнешни времиња.

Тогаш младината пееше руски романси, убави песни: Каќуша, Широка страна моја роднаја, Солдати идут, а стиховите на Есенин, Лена ги знаеше наизуст, исто како и Борис, кога ги рецитираше Мајаковски и Пушкина и така со тој занес Бистрица се повеќе прилегаше на мала Москва. Дури се поздравуваа со тупаница - стар болшевички манир, што го имаа пренесено старите револуционери.

Лена најубаво ја пееше “Русијо мајко мила” при што руските зборови чиниш ги изговараше како Русинка, но кога сите ја пееја “Млада партизанка да станам” небаре во сечие срце беше Лена.

А во неа беше вљубен Борис, убаво, стројно момче со бујна коса, и тој доселен од Герман - Мала Преспа.

Лена беше висока, слаба, имаше цврсти и бујни гради, долга руса коса, едноставна уста и очи, во кои постојано стоеше нестрпливо искрено чувство. Меѓутоа карактерот и беше нешто повеќе отколку се друго: убавото лице и се што имаше на неа. Велеа дека личела на баба и Марија Герова, сестра на војводата Наум комесарот на Долна Преспа (така го викале за време на турско) и со тоа се чувствуваше горда за она што го правеше како младинка за слободата, та тоа било по традиција, се терало од баба, од дедо, се така да се гине за Македонија.

Во четириесеттите болшевизмот сите млади ги прегрна како облак, машките играа казачок, а женските мазурка, но сите најлудо го играа орото “Елено моме...” Така беше тогаш, во тие години...

Така и сите отидоа во партизани, вљубени, распеани се пријавија во Штабот. Беа распоредени во разни одреди.

Партизански живот: само пушката ти е најблиска, ти служи за зглавје, за потпирање, за спас и гориш од желба да се сретнеш со најблискиот. Војник - доброволец, чекориш по беспаќа, денизден глодаш од злото, гладен, но духот те храни, те тера да запееш во најтешките моменти, дури и кога го губиш најблискиот. Но, од се најмногу средбите беа најсакани.

Еден ден, одредот на Борис се сретна со одредот на Лена; мрак беше, борците се довикуваа, се бараа еден со друг, се прегрнуваа, незаборавни средби, очекувани, да се чуе за најблискиот...

Во ноќта се слушна глас:

- Лено! - Викаше Борис. Лена скокна како препалена срна, се стрча и викна:

- Борисе! Борисе!

Стоеја возбудени, среќни што се најдоа...

- Многу сакам вакви денови - рече Лена.

Милувајќи ја, Борис се обиде да се доближи до нејзиното тело.

- Мислам дека не би требало, Борисе.

- Зошто не?

- Не сум помислувала вакво нешто од тебе. Не ли сме заколнати... Нејзините усни, но нивните тела не се допреа, останаа меѓу клетвата и љубовта. Борис нем од разочарување, ја галеше малихерката.

- Ти всушност ме тераш - и рече.

- Не туку го правам она што е разумно за двајцата. Не сакам да не прогласат за неморални, Борисе...

Лена ја потпре целата своја тежина врз автоматот и пак прозборе:

- Ти се обидуваш да ми нанесеш болка.

- Жал ми е, но јас сум ти свршеник...

- Борисе не јадосувај се толку. Вака е најпаметно.

Победата е наша. Ќе има време за се. Ќе имаме и деца, сега е револуција. Нели така учевме за моралниот лик на борецот... Тоа ни го велеа и Стив и Богоја, тие беа вистински болшевици... - зборуваше со сериозно лице. Зарем не е доволно што се видовме?

- Ама, јас те љубам - рече Борис.

- Би умрел ли за мене? - Лена ги отвори очите и се насмевна.

- Само ако е навистина потребно - рече тој и цврсто се прегрнаа и се насмеаја.

- Никогаш не сум те бакнала ваков со брада. Убаво е, не грижи се, имаме цел век пред себе. Ајде да појдеме во одредот. Тука е и Вангел на Меглена, Аврам, Тале и Јаким, ќе ја запееме руската - или онаа нашата..., а Борисе?

Ја бакна, а таа ја подотвори устата. Неговиот јазик се протна, но со врвот и ги допре само белите заби... Немаше смелост да и го сретне погледот, па ги затвори очите и го запрета лицето во длапката од нејзиниот врат, спомнувајќи си ги предавањата за моралниот лик на борецот.

- О, боже, колку те љубам - рече Борис.

- Борисе, биди цврст революционер, само така ќе бидеме горди... Гледаш сите не почитуваат. Убаво е што се сретнавме...

Се ракуваа цврсто и се разделија. Лена остана по наредба да работи во штабот, назначена во “Агитпропот” во партизанската печатница: преведуваше, пишуваше за жената во револуцијата, за нејзиниот лик, за рамноправноста и за се што беше содржано во болшевичкиот кодекс на еден революционер, вербата и почитувањето кон кадрите на револуцијата, што ги создаде народот што се вели, ги обдари со скромност, а главната одлика им беше кожното палто. Таква облека носеа и полит - комесарите во Октомвриската револуција, можеби затоа и кај нас така се облекуваа.

Откако го разгледа полит - агитациониот материјал, во земјанката настапи тишина, а полит - комесарот и предложи на Лена да остане уште малку, насамо да вечераат во романтична атмосфера при виделината на свеќата, па малку и да се напијат во чест на успешната работа. Лена ја насети намерата, па одеднаш стана да си оди. Но полит - комесарот и се доближи љубезно и побара да се смири.

- Ги открив твоите намери... Нема да успееш... Отвори ја вратата и пушти ме да си одам.

Земјанката беше задимена од цигари. Токму во тој миг тој се сврте и тргна пак кон неа.

- Боже, никогаш срцето толку не ми чукало!... И се приближуваше вознемирен со смуртен поглед. Лена отстапу - ваше со вперен поглед кој се одби од неговата цврста снага, а телото и затрепери како на исплашена срна.

Таа ноќ полит - комесарот не заспа. Кроеше разни планови. Му се моткаше некое чудно чувство, кое предизвикуваше некаква верба дека Лена покажува верност само спрема линијата на партијата, а дека целата нејзина глава, снагата, секое движење лесно би му се покорила... и таа ќе биде подготвена да го облече идеолошкиот венчален фустан...

Зашто тој може да и вети дека утре ќе стане министерска жена...

Така тој науми да отидат на извидување, ама со нив да го земат и аѓутантот Вангел. Тргнаа и одеа до една одредена цел, а можеби само Лена ја знаеше намерата на полит - комесарот, но се плашеше пред Вангела да го искаже своето чувство... Вангел беше испратен на извидување, но кога слушна пукотници во бујната папрат, веднаш се врати и остана стаписан. Ја крена пушката, но пред него беше коњското лице на полит - комесарот, разјарен како подивен лав. Беше нерешителен, само набљудуваше и си припомнуваше на Борис, на Меглена и на сите руски песни, на стиховите, на револуцијата, на агитаторите, на покојните другари... Вчасот се смрамори и остана вечен сведок...

А полит - комесарот, плашејќи се од заслужената казна поради насилството, одеднаш ја засака Лена. Повти силно и искрено да ја прегрне, та неговата љубов да проникне до срцето и таа да му прости за се и да се согласи да му стане жена. Лена за сето време се опираше, не му се даваше, стана и се обиде да избега. Меѓутоа, тој набргу ја стигна. Уморена и исцрпена Лена се испружи наземи во папратта. А сепак собра сила и го фати за гуша, кога беше под неговата тежина, кога и ветуваше дека ќе му биде вечна сопатничка, министреска жена, бидејќи ја сака. Но таа и натаму даваше отпор, бараше помош од Вангела, а кога виде како тој гледа во неа со ужас, се стори дека гледа со

очите на Бориса и се предаде. А Вангел, со чувство на вина, остана нем и вџашен.

Се нижеа денови, и недели, месеци, исполнети со секојдневна работа во печатницата. Лена премалена веќе не запеа, се криеше од погледот на Вангел, беше бледа и речиси ништо не јадеше.

- Не сум гладна – велеше

- Што треба ова да значи? - ја праша политкомесарот.

- Проверувам дали си верен - рече Лена.

Ја повикуваше на посета само навечер. Еднаш, откако влезе во земјанката му се обрати со посебна нагласка:

- Ви честитам, другар полит - комесар, јас сум бремена!

- Се шегуваш!? - рече тој.

- Со сериозни работи немам намера да се шегувам - му одговори таа.

- Остави ме намира! - и одговори.

- Убиј ме! Животот повеќе ништо не ми значи без тебе. А ова што го носам е твое и бездруго ќе го родам!

- Никаквице! Молчи! Ќе ми ја засениш кариерата... и рече строго.

По неколку дена Лена беше испратена на работа во импровизираната болница, по заповед на полит - комесарот, кој сметаше дека така ќе биде најдобро. А тој лично се погрижи случајот и натаму да остане строга тајна, според прописите за револуционерните ликови.

Лена плачеше и настојуваше случајот да се обелодени, зашто таа повеќе не му припаѓаше на Бориса, иако не по нејзина

вина... За тоа знаеше само Вангел, но веќе во штабот него го немаше, зашто веднаш по случајот доби прекоманда.

Лена се грижеше за ранетите и за тифусарите во болницата и го чекаше денот на породувањето. Си го замислуваше првороденчето, но се плашеше од раѓањето, зашто беше сама и неопитна.

И тифусарите се радуваа и го очекуваа новороденчето, при што му измислуваа име, па додека едни ја сожалуваа, други се шегуваа, зашто навистина беше чудно во вакви околности тука да се вртка трудна жена - борец.

Еден ден дојде курир и рече:

- Имам наредба да те однесам в село. Таму има бабици. Тука на војниците им го урна моралот...

Лена на брза рака присобра нешто во ранецот и ја исполни наредбата. По целиот пат не проговорија ништо.

Куририот имаше инструкции да ја предаде на месниот одбор во селото и ништо повеќе.

По три дена Лена се породи, женско дете, се радуваше, го доеше, го повиваше во пелените што и ги дадоа жените од селото.

Не поминаа неколку дена, а Лена беше изведена пред партизанскиот суд. Пресудата и беше прочитана во моментот кога излезе пред егзекуторниот одред. Застана мирно да ја ислуша пресудата, која гласеше:

“За неморал и предавство се осудува инфилтрираната во нашите монолитни редови, неморалната и непријателски расположена спрема нашата света револуција, Лена Методиева. Се осудува на смрт, без да има право на жалба, со што ќе ги зацврстиме нашите редови во морален поглед.

Иста пресуда му беше изречена и казната извршена пред неколку дена и на Ковкаловски.”

Лена извика на сиот глас :

- Мајко - заштитнице, света Богородице!...

Офицерот се обрна:

- Нема тука богови и богородици, туку чесни и предани револуционери!... Смрт на фашизмот - Слобода на народот! Стрелај!

Ја пронижаа само три куршуми, но падна од третиот. Ја отвори устата со желба нешто да каже за соборецот Вангел, за сведокот и за неа, но зборовите и останаа удавени во топлата крв.

Кога завршив со читањето, ја кренав главата, училницата мрамор се стори, од молкот дури се уплашив. Во пресрет ми идеше професорката Меглена, жолта како смил.

Оденаш ме зграпчи во својата прегратка и силно ме стискаше, а на вратот ми капеа нејзините солзи. Се оддели од мене, ме бакна силно и изусти со болка:

- Мила моја, Лена ти беше мајка, а Вангел мој свршеник! Драго дете...

Липавме и ме стискаше како споулавена, а другарите од класот вкочанети се собраа како пчели околу матицата.

Така збрани тргнавме, во тој мајски убав ден, во горaта Орлова Планина. Професорката одеше напред, кога одеднаш застанавме пред едно паднато дрво, над мала длабнатина, обрасната со трева и со ситни разнобојни планински цвеќиња.

Нашите букети само го дополнија природниот декор. Тука беше гробот на мојата мајка, неволницата Лена.

Професорката Меглена стоеше со наведната глава и молчеше. Кога собра сили ја исправи главата, погледна во мене и со треперлив глас рече:

- Лено! Ти ја донесов твојата убава ќерка Лена... Таа го носи твоето име.

Ноќта завршуваше, но веселбата не стивнуваше. На свадбата имавме покането многу гости, ама еден стол на кој требаше да седне татко ми, остана празен. И овојпат не се јави, не дојде да ме види како невеста, а јас се уште не го познавам.

Почна да се раѓа новиот ден, распукаа белите мугри, а на небото болскотеа првите сончеви зраци. Некако одеднаш ми се приближи професорката Меглена ме замоли да го заиграме "Елено моме..."

Го водев орото. Меглена цврсто ме стискаше, а по неа се нафатија голем број соборци на мајка ми Лена, согорени од огнот на револуцијата - играа и плачеа... Всушност само тие беа сватови од моја страна. Чув како еден меѓу нив со придушен глас изусти: "Ама го игра! Исто како партизанката Лена..."

Но, на свадбата и на орото го немаше стрико Василко Јовановски, кој умре во педесетите години. Велеа му пукнало срцето кога ја слушнал веста: "По предлог на Сојузот на борците, оваа споменица и се доделува на Лена Методиева, која на повикот за борба против фашистичкиот окупатор и неговите домашни слуги, го даде својот живот за слободата и независноста, за братсвото и единството на народите, за власта на работниот народ и за победата на народната револуција. Вечна слава на паднатиот борец!"

Така си беше умрел Василко Јованосвски со отворена уста: "Ех, море, Василко, со такво нечисто минато, каква иднина те чека?!"

## ВО ДОЛИНАТА НА ЗАБОРАВОТ

(Болницата Катланово)

Тоа беше пролетта, на сам ден Втори мај.

Костадин Василевски пристигна во долината, во која одамна мечтаеше да дојде.

Костадин Василевски, тукушто слезе од автобусот и така остана збркан, гледајќи, ту ваму, ту таму, не знаејќи каде да стори чекор, цврсто држејќи ја китката цвеќе.

На сите им изгледаше необично. Но, и Костадин Василевски се зачуди кога виде река од весели луѓе како се движи кон долината. Костадин Василевски застана замислен, на неговото пеплосано лице му се оцртуваше благо чувство на задоволство. "Знаев дека еден ден ќе дојдам..." си рече и пак зачекори. Одеше полека по долината на реката поздравувајќи ги по пат елегантните лица кои излегуваа од луксузните лимузини... Шумот на реката, која го примамува како траурна музика, која го прави да чекори достоинствено...

"Нема…" рече Костадин Василевски кога пребара од крај до крај и потоа се искачи над камењата што беа расфрлани како исушени зглобови. Тој, со избледени очи гледаше по долината, а сонцето истураше толку светло што го заслепуваше човека. Се загледа во прозрачното нежно - сино небо и виде јато диви гулаби. Ја следеше нивната безгрижна игра неолабавувајќи ги своите тагосливи усни. Костадин Василевски одеднаш остана така и нерешително ја заниша главата. Лицето му остана бледо и издолжено. Лице на страдалник, страотно; тоа лице, чиниш нешто му го повикува, без да сака неговата волја.

Костадин Василевски ја префрли китката во десната рака и длабоко вовлече од свежиот мирис, но почувствува оти цвеќето почна да венее. Сокот во стеблата се помалкуостануваше и така се губеше по малку и мирисот. "Колку е слично на нашиот живот..." рече гледајќи на ливчињата на кои што им се одземаше неосетно... "Па и крвта го прави човекот јак и румен,

а во цвеќето, ете сокот испарува и тоа полека ќе...” Ја извади сликата што ја чуваше во бела здиплена хартија и кога ја загледа почувствува нежен и продорен поглед, како да виде големи сини очи кои бараат нешто...

“Дури сега најмногу почувствував бол...” рече тој. “Да, сега ги видов убаво твоите мили очи...” проговори и пак ја стави сликата в џеп. “Каде да те барам? Знам дека си тука. Нешто и во душата ми шепоти... Но, каде? Воздржи се Костадине!”

Си даваше кураж. “ Можеби судбината сака да те измачува. Или да не сака да те уништи?...” Се запраша Костадин Василевски и посака да слезе накај рамнинката. Тој го прошета плоштадчето и забележа само глангосана земја.

Седна на една клупа и пак го префрли цвеќето во другата рака, и уште еднаш погледна колку се овенати ливчињата кои веќе се наведнаа како главчиња од заспани дечиња. “Ќе издржи ли ова цвеќе? На што да се надевам...” изморен од болката на непостоењето, од она што го бараше во целиот живот, се запраша костадин Василевски.

“Зошто сум дошол тука... Да боледувам повеќе, а?”

- Еј, човеку!...

Костадин Василевски фрли милослив поглед кон човекот што седеше наспроти, оти му се пристори дека тукуштo сакаше да му проговори. Но Костадин Василевски кога виде дека доаѓа еден со лимузина, истрча и избра едно место, а тоа беше колку што му се следува на човекот по смртта.

- Ајде, старче тргни се! Гледаш ќе те прегазам, - му рече човекот со бакенбардите и долгата коса подавајќи ја главата низ врата.

- Тука не може! Тука лежи мојот син, а таму неговите другари. И таму не давав цел ден се борам но стапка по стапка ме истуркаа. А сега тука не давам! Ете ќе легнам, гази ме!

- Назад! - извика решително Костадин Василевски.

- Што ти е човеку: ова е за лимузини, а ти оди, ете таму во шумата до киселата лековита вода.

Тој е луд, легна, - рече едно мажиште од колата туркајќи го старчето. На Костадин Василевски протезите во уста му играа и ништо не можеше да им каже.

- Ако сакаш нешто да кажеш, кажи го гласно! Не ми се допаѓаат мрморењата, - му рече мажиштето.

- Убаво цвеќе, дај ми едно стебленце, - му се обрна русокосата на која што на гуша висеше тежок гердан од брусен руски килибар.

- Не ти дојде бабичката на рандеву, чичо? Види го колку е нежен... дофрли другата дама. Таа предизвика гласен смев кај нивното друштво.

Костадин Василевски се опре на нозе, ја стисна китката и ги погледна со навредени очи:

- Туака е гробница луѓе! Тука се коските на син ми.

Под ова земја се остатоците на една моја судбина! Мојата крв..., им се стопори решително со наполнети очи... Тресејќи се Костадин Василевски пак проговори: -Можеби потаму, но..., а сега ова место колку за еден гроб не го давам!

Костадин Василевски кога осети дека не е моќен да им објасни, легна и плачеше како пребиена ѕверка. Осети како силна рака да го кошна во минатото што тогаш за овој гроб длабоко му ја имаше рането душата и остана џарејќи се во тркалата на колата.

- Ој! Бегате, коски, коски виреат, - извика потресена дамата упаѓајќи високите потпетици во ровката земја.

- Ти си луда, Маја! Си паднала под сугестија на овој дрдорко, - рече мажиштето.

- Гази го, Миле! Исплаши го да видиш како ќе стане, - рече пак мажиштето, кога веќе со колата одеа во рикверц.

По извесно време кога се стиши брмчењето на колата која се оддалечуваше, Костадин Василевски се смири и така остана скутлен над парчето земја што го зачува непрегазено.

“Ох, чувствувам нешто масивно. Да не ме прегази?

Нешто како да ме израмна со земјата, но што беше? Не знам точно...”, рече и остана скаменет, гледајќи во сликата што ја држеше во раце. Костадин Василевски, мислеше тука ќе беде тивко. Луѓето ќе зборуваат на полуглас или ќе молчат, докрај предавајќи се на далбоките чувства и мисли. Ќе има посетители: татковци и мајки, сестри и браќа, вдовици, деца и внуци, пријатели кои им го почитуваат делото. Очекуваше да настапи минута на молчење. Тишината да ги распространи своите крилја на долината, а луѓето да одат и одат, не криејќи ги своите солзи, не скривајќи ја незгаснатата бол. Му се чинеше дека ќе види венци и букети свежо цвеќе. Цвеќе, цвеќе... Очекуваше да ги чуе возбудливите зборови на минатото кои на човекот што тоа го знае му доаѓаат одсрце... сакаше да се распраша за се, да му раскажат за таа лавина од туѓи војници што ги протера луѓето од своите огништа. За тие горки дни, кога грозеше непрочуената беда. Тогаш за тука секој ден го носеа камионите својот страшен товар... Умираа.

Немаше спуштени копја, ни проштални залпи, ни венци, ни надгробни зборови... И сега скутлен ги затвара очите над сликата и се обидува да размислува што е со тие луѓе... Ја гледа глангосаната земја и чувствува под неа коски...

Стана, го присобра цвеќето, раздаде неколку стебла на помладите од наседнатите и полека отиде да седне на клупата.

Никој ништо не му прозбори, им изгледаше нешто необично. Но од крупните солзи што се ронеа над овенатото цвеќе, некои трогнати и веќе ги напуштаа своите места несакајќи да узнаат зошто старчево така ги прошива со мачниот поглед. Во

почетокот на некој им се пристори дека се поклонува пред луксузните лимузини, пред луѓето што се додетарани со брадулиња, бакенбарди, келави глави, пред дамите со обеси накити. Не знаеја дека го повикува минатото, па затоа дојде Костадин Василевски дури од Австралија да положи цveќe, да срони неколку машки солзи, да се растовари од горчилата. Сега тој пак сронува, но уште погорко се поклонува пред баталисаните гробови. Колку убаво ќе беше ако имаше и Костадин Василевски, ете таа мала желба - гробница и епитаф. Но војна беше. Сега не е војна, но зошто нема надгробна плоча?

Колкава му беше желбата на Костадин Василевски, кој може да пресуди што е поболно да се гледа-гробови или делови од смртта тука таму расфрлани по реката. Ете, што сакаше, старчето, едно мало место да застане и да му се обрати на својот син: "Мило мое сине, ти го донесов она што го сакаше како млад". Но ете му остана в раце. Не знае каде е, да го фрли, не може. Тоа беше ветено за неговиот син.

- Да, болката била исто толку неизбежна колку и смртта, - рече човекот што седеше од спротива и за цело време го следеше Костадина Василевски. Гледаше во овенатото цveќe и му се чинеше дека ги слуша глесовите на изминатите времиња. Тој не сакаше да навлегува во длабината на расказов, само го предизвикуваше овенатото цveќe, го дразнеше како да ги гледа тие луѓе пред него.

"Проклет да бидам, не можам да ги заборавам.

Анатемисан да бидам, уште колку ќе живееме со такви болни мисли...", размислуваше човекот.

- Ти што остана со мене, да не си од нашите местиња?..., - го запраша старчето.

Човекот пак молчеше. Слушајќи го Костадина Василевски му се пристори дека се враќа во тие проклети дни.

"Јас, старче, ако не можам и немам сили да го задржам сопственото минато, можам ли да зборувам со себе? На што јас

сега повторно да се надевам, на името - Егеец, што го носам од тоа море како и ти?...”

Човекот почувствува дека му станува гнасен со неговото здодевно климање... Пребиен од неговата болка, од спомените, од овенатото цвеќе, стоеше како обвинет човек од она време што не значи ништо. Стана и тој да си оди.

- Да не е нем? - помисли старчето.

“Ех, дури од Австралија доаѓам за овој гроб!... Да сега видов што значи; ако се урне од бурата едно моќно дрво, тоа веќе не се подигнува... се увери ли, Костадине, дека коските на син ти се цената на земјата во која е роден и ништо друго, оти?”

Костадин Василевски остана сам, денот веќе прекрши и жештината не беше толку силна. Сонцето не успеа да се отркала зад хоризонтот, така огромно, блескаво, го покрија темни облаци и преку сето небо јачеше со моќни татнежи грмотевица. Модрите молскавици една по друга кршејќи се забиваа по долината на брегот.

Луѓето почнаа да бегаат. Човекот што се исплаши од сопствените мисли се оддалечуваше полека, но желбата му беше посилна од стравот. Погледна во стебленцето и проговори:

- Проклето наше, зар толку да бидеме анатемисани!

Времето беше тажно и мрачно се слушаше само лизгањето на водата што иташе накај југ. Се сврти човекот тагосливо назад и виде како Костадина Василевски го обвиткува мрак...

Катлановска Бања, 1968 година.

## СОБИРАЧ НА РАКОВИ

Седно му беше на Крсто Билчуровски каде ќе го осамне или стемни. Едно утро, уште од рани зори, тој по реката ги превртуваше студените лизгави камења под кои беа испикани ракови. Многу мајсторски ги фаќаше тие животинки.

Тој ден имаше фатено доста. Кошничката вриеше од многуногите животинки, а Крсте се радуваше за богатиот лов.

Нозете му беа модри и сета крв, чиниш му беше под колената.

Но, стрвно ги фаќаше раковите, оти тоа му беше неопходно...

"Доста е за денес", рече погледнувајќи кон брегот, оти веќе беа стигнале излетници и се распоредуваа под дебелите сенки, секој како ќе се снајдеше. Во градот беше наплотила несносна горештина, а и во весникот пишуваше дека ова лето сонцето ќе излачува ултравиолетови зраци штетни за човекот и така луѓето бегаа во ладовината... Но, Крсте Билчуровски не знаеше ништо за тоа, оти за него тоа беше секојдневна работа, едноставно да собира ракови.

Покрај неговите работи, што ги имаше оставено под високата врба, тукушто наседнуваше едно семејство, без да забележи дека некој седи тука под сенкава. Но и останатите шеи од Крстета не даваа белег, оти го има зафатено местото, зашто тој ги имаше оставено високите подлижани чевли и една салосана торба во која го носеше секојдневниот прибор за јадење.

Крсте Билчуровски излегувајќи од реката се доближуваше до своите работи и кога забележа жената што беше во моден костум за капење рече: "Уште со ова аро требаше да се сретниме...", а пак маж Трпо, слушајќи ги овие зборови, се поткрена на лактите сакајќи да го види човекот.

Крсте Билчуровски се поблизу доаѓаше, чинејќи им нив впечаток, зашто така дрско се упатува, токму направо кон нив.

"Зар и тука ќе треба да се нервирам...", рече жената.

Трпо се притаи земјаќи уште поготовна позиција за да го спречи човекот да ја пикне главата под сенка што денеска им стана сопственост на Трпо и Трпејца. Но Крсте Билчуровски си чекореше слободно кон нив, оти па за него да не е сопственост кога уште најрано ја зафати, а таму веќе тој имаше испланирано и огниште за печење на ракови...

Кога веќе стигна, молчаливо, одеднаш тивко ги поздрави со еден меланхоличен свев.

- Тука седам и јас...

- Баш тука? - праша Трпо.

- Да. Па јас тука имав свои работи, - му одговори барајќи со погледот околу коренот на старата врба.

Трпејца потстана и го измери со погледот убаво, а Трпе се сепна.

- Кошула и чевли бараш?

- Да - рече потврдно Крсте, - ете тука ги имав.

- Ене ги - рече Трпо покажувајќи му во капините, и киниса за да му ги донесе, извинувајќи се оти ги фрли трпејца кога почистуваше.

- Јас помислив дека се неупотребливи-дообјасни трпејца постелувајќи го удобно мазното гоено тело.

- Повели - му рече Трпо држејќи ги со двата прста како да држи нешто од кое многу се гнаси.

Трпејца му намигна на Трпо како да сакаше да му рече:

“Витосај го!” Крсте Билчуровски седна смирено и почна да ги потстегнува сиџимките од чевлите, а потоа ја префрли кошулата над потното тело.

Го фрли погледот кон кошничката и забележа дека неколку од раковите излегле и разлутено се разбегнуваат.

Крсте рече: “Ќе ги убијам!” Еден крупен рак и се приближуваше кон неосончаните делови на Трпчејца. Таа скокна исплашена. Трпе подналутен сакше да го истера човекот сосе раковите, оти тој дојде да се одмори, а не да го обеспокојува некој си бездомник! Некој си раколовец.

- Јас овие ги јадам, госпоѓо, а ти се плашиш од нив!

Ги усмрти раковите удирајќи ги со една не многу дебела прачка.

- Трпо, да се преместиме - Трпејца налутено, гледајќи го напреку Крстета Билчуровски.

Не, седете си госпоѓо! Јас ќе си одам. Ќе одам да ги приготвам, рече Крсте, - Само извини - му се обрна на Трпе.

- Ти да не си Трпо Дунимагловски. Трпо остана така подмекнувајќи од својата лутина која го имаше навасано и го тераше да му се стопори што му ја исплаши женичката со своите ракови. Трпе, направи подналутена насмевка и ги покажа своите ретки заби, а тогаш се увери Крсте дека е тој.

А ти, кој си?

- Јас? Хмм. Гледаш..., собирач на ракови...

- Не се шегувај, но кој си? - му се обрна сериозно Трпе, не обрнувајќи внимание на Трпејца што фучеше како поскок.

- Сети се, другар Трпе!

- Не можам...

- Билчурот сум...

- Зар си ти, Крсте!?

И така онеме: “Не, немој да се шегуваш човеку. Крсте, зар на ова дереже ќе дозволи да дојде. Тој да се најде. Не, не, тој беше убав, уреден маж. Зарем само една кошничка и оваа скината облека ја спечали во животот. Билчуровски беше храбар и достоинствен... Тој не би дозволил така...” му се прекршуваа мислите. Крсте го гледаше човекот како се намачува и не може да се реши да каче: “ Ти си Кртсе” или “Не”.

- Јас сум! - одговори гордо Крсто Билчуровски.

Трпе некако се збрка, но кога ја погледна жена си, пак се прибра. Крсто ја поткрена ногавицата и му се покажа длабоката лузна. Трпе пак се вџаши и му се пристори, како сега да ја гледа крвта како блика.

- Да, Крсте, си! Навистина ти си! Десетарот Билчуровски-Билчурот.

- Седни, седни Крсте. Магдо, запознај се, соборец ми е. Тој беше храбар и добар борец.

Магда се поздрави студено и со скришен поглед го загледа Трпе: “И ти мажу ми изгледаш недокрстен како Крсте. Ти сега после толку години соборец и...”.

Седна прво Трпе, па Крсте. Се погледна срамежливо, а кај Трпета никнуваа и гаснеа морници...

- Ти Трпо се спаси. Повторно не дојде во нашите краеви... А и добро стори, нели, оти, ете, ме гледаш. Човекот понекогаш нема вредност ни за пет пари. Не му требам никому. Ќе треба да си одбереш патека во животот по која ќе одиш и не ќе им пречеш на луѓето. Но ете, денес тебе несакајќи ти ја фатив порано сенката. Сега ќе се одмараше. Ве вознемирив, простете ми...

Сакајќи да стане, пак повтори: простете ми, да одам, одмарајте си.

- На, напи се малку лута! Поседи малку!

Крсте држејќи ја чашата се збуни. Благосовите одамна ги беше заборавил. Па во невдоап рече: - Ај, за минатото!

- Наздравје!- рече Трпо.

- Толку години каде го помина животот-го запраша Трпе.- Имаш семјство? Гледам, се заниваш со спорт. Раковите да ги приготвиш добро тоа е прочуен специјалитет. Таа е полувитаминска храна, дава машкост и борбеност...

Крсте Билчуровски, го гледаше јадосливо, голтајќи ги последните капки. Оти тој во последните години не сакаше никому да му ги повтори неговите патила, бидејќи чувствата одамна му откажаа.

Но пред него е еден соборец колку и да го чуваше тоа скривалиште ќе треба да одговори.

- Го протркалав животот - рече. - Кога човек ќе го распарчи животот потоа не може да го присобере во една целина. Ќе виси минатото како партали по него и ништо... па и никој не ти верува дали е тоа парче твое или не.

Трпе ја почувствува неговата несреќа. Не му одговори, само му дотури уште ракија.

- Ти си среќен - рече Крсте. - Мило ми е, Трпе, што те гледам така убаво. Да не си некој големец?

- Сум нешто...

- Убаво. Ете, тоа ти е кога некој ти го признае животот.

Ех, колку сакав де не навраќам со мислите во во тие глуви години. Но ти Трпе, сакаш да знаеш нели? Јас се испустив. И сам не знам, зашто така ме накажа животот.

Можеби требаше да тргнам по тој пат, но ги имаше доста скоро сите од нашиот крај, освен вие неколкумина... Јас тогаш на тебе бев многу лут. Те нареков дезертер. Прости ми, Трпе.

Сега гледам дека ти работите ги гледаш подалеку... А ние слепјаците сакаме да останеме верни на револуцијата и народот... Таква беше паролата, де...

- На народот... рече Трпе иронично, - аман, бре Крсте.

Е, така беше тогаш.

- Убаво си сторил Трпе, си го одбегнал суровиот живот, оти кој влезе во борба со него, ете... Јас по ликвидацијата на војната се најдов со инвалидите во Полска.

Живеев таму четири години и пет месеци. Работев во една инвалидска задруга. Потоа не префрлија во Унгарија по налог на одборот на бегалците. И таму проживеав три години и седум месеци. И како што гледаш јадри парчиња од животот, што никој не вели да се мои...

Воздивна и пак продолжи:-Ти знаеш дека жена ми остана во нашите краеви и со неа нема повеќе видување... А едно дете имав во Чехија. Решив да одам кај него. Таму проживеав четири години и девет месеци. А потоа се случи најстрашното...

Срона неколку солзи и со мака рече: - Ми погина... Се прибра, го стегна јазикот и пак продолжи.

- Кога се разлабавија работите, решив да дојдам тука.

Жена ми ми пишуваше да се вратам на огништето, оти она никако не сакаше да го остави. Мене не ми се одеше победен, оти ти барем знаеш каква клетва зедовме кога излеговме за слободијата на нашиот крај... Долго ме мачеше таа гордост.

Сега ја немам, но таа ми одзеде се... и така, Трпе, дојдов тука.

Убаво е, се радувам што гледам наше... Во туѓината да ти пукне душата. Ми се смирува душата кога размислувам подлабоко...

- Сега како ти е животот, Крсте, добро нели?

- Добро, Трпе, ете и се погледа во кошничката...

- Ти, Трпе, каде работиш? Да не си некој од оние што решаваат...

- Не, сега имам боречка пензија. Пишувам мемоари, Крсте.

Крсте остана замислен: “Значи пишуваш мемоари? А мене живото ми се слизна како рак во бистра вода. И го изгубив...”

- На едно место ти имам посветено неколку реченици и тебе, оти те знам каков храбар беше, си припомнувам таму на Бигла... Ти да не имаш пензија, Крсто?

- Немам. Одговори суво.

- Немаш?... Зошто така?

- Не знам... така се подредија работите...

Полјаците ми одгорија: “Ако немате пет години активен труд во Полска не ви следува пензија”. Се обидов кај Чесите, исто. А Унгарците не ми ни одговорија.

А за боречка, треба да докажувам, не ми сечи умот...

Тие што ме знаеа јас не ги знам кај се. Се мачам да го избришам од умот сето тоа, оти кога ми навираат спомените ми е мачно...

- Работиш некаде?

- Да, ги чувам имањата на неколку стопани. Има и еден од нашите местиња. Има големо лозје со виличка. Оваа година му го ископав убаво, па ми рече: “Браво нашинец, убаво работиш...”, ми фрла по некоја паричка, но не му кажав од каде

сум и кој сум... Јас, некако, го познав по муабетот ми се чини и тој беше долу во почетокот.

- Со нас? Кој да е? Адвокатот Митре, не. Историчарот,... А, да! Знам, рече Трпе. Па тоа е оној што постојано го болеше слезинката... Јас тука го најдов. Тој пред мене...

- Да тој е, потрди Крсте. Но сега да го видиш...

Господин. Доаѓа на имањето и од ќошот ме прашува: “Како е мајсторе? Ми се чини дека подлабоко треба да се копа. Не? И внимавај на лозите да не ги оштетиш. А една женичка што има нежничка... Убави, учени луѓе...”

Крсте, замолкна и остана со лицето празно без желби...

- Да се подместиме - му рече Трпејца.

- Не, не госпоѓо, останете си вие под оваа убава ладовина, јас ќе одам.

Ја зеде кошничката, се поздрави и отиде да ги пече раковите.

- Ти знаеш ли Магдо, каков борец беше Крсто таму долу.

- Се гледа недокрстен. Ти беше потребен муабетот, толку време со тоа твое минато, веќе ме пукна! Колку пати ти реков со такви ни збор... Кому му треба тоа минато, ете ти го Крсто твој - жива историја.

## ПРОДАВАЧКА НА КАРАНФИЛИ

Рано утро на скопската станица застана возот. Од вагонот излезе висок сув маж. Никој не го очекуваше.

Роднините му живееа во костурско. Познати во Скопје немаше.

Филип Маленков тукуштo пристигна.

Одеше весел по улиците на градот за кој одмна мечтаеше и се надеваше дека еден ден ќе се вработи. Обземен од чувството на размеженост, се раѓаше за него љубопитство за напишаното на мајчин јазик, па ги читаше бегло фирмите.

Се упати до бирото, да се пријави. Да ги достави сите белешки што ги собираше со години. Потврди на “ис” - и друго. Чукна на вратата и кога слушна “Да” влезе. Со сите се поздрави срдечно, им се обрати - “Како сте браќа?”. Некој со потсмев одговорија “Добро, добро”, и се погледнаа еден со друг. А еден набиен, млад референт, соопшти преку телофон за новодојдениот, “ослободител” и праша во кое прифатилиште да го смести.

На Филип Маленков не му појде од рака да отвори муабет со сите оние што првпат ги сретна, да си поразговара како со свои, да се растовари малку од носената носталгија, од навредите во туѓината. Се чудеше: оти никој не го прима тоа, кому треба тоа да го каже, или никому. “Можеби, Филипе, никому...” и, си помисли да не е сомнителен, та никако не можеше да си го објасни тој збор “Ослободител”. Дали тоа е иронично, или ете... Ох, Филипе...

Филип Маленков маж на четириесет и пет години се врати пак во татковата земја. Тој си дојде со диплома од некој “Исторически универзитет” и со таква диплома не беше едикојси, туку историчар и беше убеден дека ќе си најде место во татковата земја. Па што толку се разнежуваш, Филипе, во тие чувства и се лутиш на луѓето што те нарекоа “Ослободител”.

Размислуваше.

“Сега ќе се вратам и треба да се смирам, плукни Филипе на минатото. Ако немаш диплома, да те жалев, а сега што?... Можеби таков е редот, но со луѓато не верувам толку да се измениле.

Човекот наш, тој треба да си остане. Таман работа ако и ние правиме така во туѓината.

Се припомнуваше на тие дни, на едно парче весник од - Нова македонија - што го препрочитуваше неколкупати додека да стигне новиот број. Им објаснуваше на колегите Руси за прекрасната земја во која еден ден ќе се врати и пак ќе си го има тој изгубен вкус. Оти, тој, Филип Маленков, не беше човек без одредена животна, цел неговиот живот си имаше постојано корито, како и сите луѓе со кои се најде во – скитништво -. Но му остана тешко; оти луѓето, човекот наш не остана така близок, расприкажан. Ние сме мал народ, во нас тече иста крв и никој не може и не можел досега да ја помеша... Тие таму што доаѓаа од оваа земја многу умееја да ни ги разгорат чувствата и на соборите весело се прегрнувавме, како браќа.

Но, Филип Маленков, сега вратен, дури смешно го изговараше мајчиниот јазик. Уште го носеше презимето на “ИС” - и сите чинеа дека е некој друг, од оној јужен крај, а не тој, Филип Маленков, изгонет од своето огниште, од своето родно врталиште.

“Филипе, остави ги тие чувства. Скрпи си ја душата, заседели се. За животот се потребни две нешта: куќа и работа”.

Благосостојбата на Филип Маленков стануваше се подобра и за неколку години, веќе мебелот го смени по вторпат. Си купи и кола. Саботите и неделите ги распореди за одмор, рекреација и лесни прошетки во околината или внатрешноста на земјата.

Едно утро одиде на пазар да купи нешто посвежо, а на излегувањето го фати подлактот една рака и лабаво го држеше, а кога успеа да се сврти виде едни очи како играа вперени со

љубопитство во него и кога веќе ги загледа убаво, помисли дека нешто сторил, па така смело во него тие очи, што бараа одговор од минатото од некое си време...

Со другата рака тие две очи му подадоа каранфил, а на подгорените усни се разлеваше блага насмевка.

Филип Маленков се обидуваше да остане прибран, со некакво господско височество, па скржаво се насмеа, но уште така тврдо остануваше и се прашуваше: "Што сака оваа продавачка на каранфили? Јасс ништо не сторив...", Стоеше со торбите полни со овошје и од тој товар што го издржувае тие негови оптегнати раце, прстите му имаа посинето во подноктите. "Што сака? Зерем ми е потребен овој каранфил? Остави ме, жено со товарот. Пуштиме во мир да живеам..." Но тој се реши да го купи, оти продавачката беше мошне упорна.

- Колку чини?-праша. Само да не ја одбие. Нака заработи и таа. Има семејство, си помисли Филип.

Ти го подарувам, - му рече жената и на нејзиното лице огреа насмевка. Со раката се повеќе го стегаше.

- Ти го подарувам Филипе!-а тој остана како втесен, скаменет. Мислите му претрчаа по роднините, по пријателите, по сите што ги познаваше. Потоа по оние што ги фрли во заборавот, што веќе почнаа да му се редат како лента, но тие тогаш беа млади, без лузни, со убав ѕвонлив глас.

Ја здогледа убаво: "О, колку тага, колку неизмерна жал и најнежен копнеж имаше во тие сини, а многу изморени очи..."

Кога се поздрави, почувствува здрава тврда рака. "Леле, што може да стори времето...", одеднаш се штрекна кога му застана во мислите таа лента од заборавот. Некои белези на оваа жена ги успоредуваше: "Таа е? Не! Или која е ова со таква смелост?! Што ќе ми е тој нејзин каранфил? Ќе го вратам. Не, Филипе".

Една мисла повјаса па го задржа неговото достоинство.

Не можеше да се прибере. “Но што сака оваа жена, со овој каранфил? Ме држи пред минувачите како фатен арамија.”

Но пак скротено со мислите сакаше да ја праша: “Ајде жено, што сакаш. Не ме мачи, кажи која си. Сигурно си мајка на некоја од учениците, да?”

Продавачката му ја држеше меката рака и му се обрати:

- Ајде, Филипе, сети се, а?

Тој молчеше, оти тешко му беше да каже: “Не те познавам”. Но тој не сака ништо да знае за минатото, за тие времиња што изрикале низ животот и сега ги ослабија сетилата, го направија одвлечен од тие општествени работи. А можеби од тоа што го нарекоа “ослободител”. Но, Филипе, брате, зарем толку таа шега не можеш да ја разбереш дека тој што ти рече така е еден. Си поставуваше необјасневи прашања.

Му стана тешко: “Оти не си ги знаеме патилата”.

Во него одмна бунтуваше мислата дека тој е предан барем на својата нација, но што да стори кога времето му налепи се и сега му се чини дека не е грев што не познава никого, подобро никого...

“Досега можеби бев полтрон, а сега обичен индувидуалист, научник од среден ранг што, чинам, си ги има своите хонорари...” и им вели на сите “Оставете ме да живеам, луѓе! разберете ме...”

Но, Филипе, зарем овие луѓе треба да не ги познаваш?

Со нив ја делеше и крвта и смртта. И пак го мачи една мисла:

“Ајде, Филипе, прашај која е. Таа добро те познава, а ти?

Можеби ќе те пуштеше ако го платеше каранфилот?”

- Која сум, Филипе, сети се...

- Не можам не... Но, само на некој црти...

- Јас сум, Цана.

- Цана! Водникот наш. Извини, Цано.

Ги пушти торбите покрај големиот куп цвеќе.

Цана го прашуваше за минатото, а тој само клатеше со главата за се што прелистуваше таа во минатото. Мислите му беа забодени во ребрата на минатото.

“Земете си каранфили, однесете на вашите жени, на вашите мажи. Еј ти госпоѓо, земи си каранфили. Еден црвен еден бел и... колку? Убави се, однесете дома радист. Госпоѓо, обично се зема по три...” и со бела хартија им ги обвиткуваше сочните стебла.

А таа нејзина блага насмевка се разлеваше по нејзиното испечено лице истуркувајќи ги мачните црти од минатото, а проседената коса даваше белег за почитување.

“Цано, зарем тоа си ти? Нашиот водник саканата Цана, пред дваесет и пет години, кога не ставаше во ред нас голобрадите партизанчиња и ни кажуваше како се носи пушката, како се лази по окопите и парчињата леб ни ги делеше по токму”.

Се присетуваше како им читаше лекции, од материјалот на агитпром за напредокот на револуцијата, за сенародниот отпор, оти само големците не ја водат револуцијата. За слободата и за нивните чинови по неа. Се присети и на времињата кога Цана го праша: “Ти, Филипе, што сакаш да станеш по ослободувањето? А Филип, срамежливо го потскриваше голобрадото лице.

Колку стоеше убаво партизанската капа во бујната коса! Широкиот појас со бронзената петлица, барабелот, везените ѕвездички на водник, униформата, пола руска и пола англиска. Не учеше на она војничко чекорење, со песна што одекнуваше

ѕвонливо од младите грла. Си припомнувам: така јурејќи погинаа многу и нашиот вод се пополнуваше со новодојдени од резервите, со млади невозрасни деца, старци, жени на погинати, религиозници, страшливци, кавгаџии, нереволуционери, вратени дезертери, пленици, тагосници, ентузијасти, градски девојки и занаетчии, фатени при напад на градовите. Тоа беше онаа Цана со сите тие што се справуваше, не по подредуваше и така по таа револуција некаде и таа и јас заминавме по светот, само со својата гола душа..”

- Нели, Филипе, мислеше дека никогаш немаше да се сретниме?

- Да, Цано. Но...

Добро си облечен, си станал големец. Мило ми е Филипе, брате. Ама баш ми е мило што те гледам. Ти беше и најмал во нашиот вод, нели? Потврдуваше: “Да, Цано, да…”

Ти, Цано... сакаше да ја праша за животот, но го прекинаа минувачите кога Цана им нудеше цвеќе...

“Земете си господине, одберете си од овие поразвиените... Ајде однесете радост дома. Ова е благородно цвеќе.”

Таков ти е животот, Филипе. Видиш, воздивна Цана: - Пред неколку години се вратив, но сега годините биле пречка, јас не ќе бидам така плодна во работата... Но, ете се решив да поработам малку сезонски, додека трае цвеќето. Тое ме одржува... Таму, во туѓината, се вработив во една фабрика и планот го исполнував повеќе од стопосто. Бев пофалувана, арно ама, ете, работникот само толку може да постигне во животот. Можби од се што можев го дадов во туѓина, а сега...

Си припомнувам на лекциите што сум ви ги читала...

Тие не ја кажувале вистината на животот Филипе. Ти работиш, нели, на некое високо место?

- Да, Цано, историчар сум. Сакаше да каже: “Цано кога ќе ја пишувам таа историја, сигурно ќе те спомнам, ќе напишам

многу за тоа време, Цано, тебе ти припаѓа, а сега што...” Тој не и кажа ни за хонорарите, но размислуваше:

“Ех, Цано, би го отстапил едниот хонорар, но само да имаш школо. Тоа би го сторил оти те познавам, затоа што си ми била командир. Но, чекај Филипе, го штрекна една мисла: зарем сите требаше да имаат школо...” Но замолче: “Остави го Филипе, минатото дома те чекаат од пазар...”

- Цано, да одам, ти си на норма.

- Не, од парче, Филипе. Со здравје. Да не си сретнал некој друг од нашите?

- Не, Цано. Не дружам со никого.

- Каранфили, повелете, земете си од ова благородно цвеќе што носи во душата радост, што е украс во домот.

Граѓанине, повели...

**ПОСЕТА**

Ефтим Каменковски работеше во комитетот како началник на одделението за агитација и пропаганда и имаше приемен ден. Беше на четириесетина години, малку здебелен, со пријатна надворешност, во обноските умерен, иако се чувствуваа траги на некакво салонско воспитание, малку примитивност, нешто од оној наш крај. Умееше Ефтим да истура цели купишта поучни зборови, та оставаше впечаток на ангажиран човек во акциите што беа насочени во дневниот печат. И, што е најважно, кај луѓето важеше како еден од проверените кадри, па никој не можеше да го обвини или да му се противстави.

Кога дозна дека сум син на загинатиот легендарен комесар, се погрижи да се запознаеме.

Ефтима неизмерно го засакав кога ми кажа дека е соборец на мојот татко, оти ете, поминаа дваесет и пет години, а никој толку вистинити работи не ми раскажа за Револуцијата, за “онаа нашата”. Тој ми рече дека сака да се види со мајорот Гаврил.

По неколку дена, пред да влезам во де-лукс колата, дојде тој кокетирајќи и ми рече:

- Точно знам каде живее мајорот.

По сугестија на Ефтима купив руска вотка, а тој носеше богата закуска. Кога стигнавме до полјанката мајорот веројатно не не виде. Ефтим, се стрча кон него да го прегрне и да му честита за високото одликување, а јас останав да чекам додека не ме претстави.

- Се плашев дека нема да те најдеме - му се обрна Ефтим.

Мајорот Гаврил се збуни, а потоа се сврте кон мене.

Почувствував непријатност. Колку се сеќавам ништо не му реков, само му ја стегнав раката, а тој ме прегрна и ме бакна со подотворени усни.

Во тој момент го видов Ефтима како си ја брише муцката.

Мајорот, откако ги ослободи рацете од моето тело, ме праша:

- Значи ти си синот на мојот комесар?

- Да! - реков.

Мајорот се чудеше на нашата посета. Тоа му го читав во движењата. Ефтим продолжуваше да го измачува. Го потсетуваше, но малку заобиколено. На крајот мајорот како да се сети, па изусти:

- Аха, ти си од оние момчиња... што... - ги спушти бујните веѓи.

Ефтим вешто го прекина и побрза.

- Да, да. Но по изразот на лицето сфатив дека Ефтим се обидува нешто да скрие. Мајорот, сакајќи да побара објаснување, се насмевна и рече:

- Вие сте мошне весели. Мило ми е! - рече и не покани да влеземе во куќичката, која мене ми се виде како наклонета. Собичката, каде што не внесе, беше приземна и не многу голема. Со низок таван, испукан и наплуен од разни инсекти. А ги имаше насекаде: по ѕидовите, на подот, лазеа, летаа, брмчеа...

Мајорот свитка една стара кошула и гневно замавна по неколку муви на ѕидот. А тие, тромо летаа ту на таванот, ту на спротивниот ѕид. Ефтим ме погледна итро и се насмевна:

- Кабинетот на мајорот.

Седнавме околу масата што беше допрена до ѕидот.

Столовите крцкаа како кога на нив се клатат деца. Над масата беше фрлена тврда поливинилска покривка, а врз неа приборот за јадење на мајорот Гаврил.

Мирисот на мувла делумно го надвиваше парфемот “Лорд”, кој цело време ми удираше в нос додека седев во колата на Ефтима. Во ќошот на една приклештена штица имаше неколку книги покриени со прав, кои човек кој имал работа со нив веднаш може да ги препознае дека се од областа на марксистичката литература.

Домаќинот потсуправаше некои работи низ собичката, како да се срамеше што го затекнавме во таков неред.

Напукнатите и одлушнати чаши од дебело матно стакло на дното имаа запечена течност и траги од инсекти што се исподавиле во неа.

Мајорот седна до нас и со благородна насмевка гледаше ту во Ефтима, ту во мене.

- Мајоре ти честитам! - му рече Ефтим.

- Честито мајоре! - наздравив и јас.

Тој не погледна љубопитно и ја голтна последната капка. Ефтим ја затресе главата од жестокоста на вотката и рече:

- Ова значи, “по рускоом”?

Мајорот потврди и продолжи да зборува.

- Кога стигнавме во Русија првпат се напив една ваква винска чаша што ми ја понуди полковникот Василиј Коновалов, велејќи ми: “За Сталин”. Кога видов дека ја испи докрај, тоа го сторив и јас, оти сакав да му кажам дека не мислам поинаку.

-Потем три дена ми се вртеше цела Русија – рече смеејќи се од се срце. - Зар не ви се случило и вам да испиете чаша вотка на сличен начин.

Потврдивме дека не доаѓаме од таму.

Беше топло. По лицата ни се слеваше пот. Мајорот ја соблече кошулата од грубо басмо и прв пат видов толку лошо здробено рамо; раката веќе му имаше атрофија.

Кој знае зошто во таквите моменти човек се враќа во минатото? Спомените стануваат свежи. Ефтим погодуваше некои работи случајно, па затоа мајорот стана и од еден стар сандак извади пожолтен тефтер.

- Овој, се точно ќе ни каже - рече мајорот. - Тоа е дневникот на нашиот баталјон.

Прво ги прочита имињата на загинатите и малку се опре, небаре сакаше да им оддаде почит. Потоа ги прелистуваше старите листови, на кои мастилото беше избледено. Се задржа на една страница и ме погледна со навлажени очи.

- На 15 Мај 1948 година загина твојот татко! – читаше со испрекинат глас.

Јас се збунив, одвај успеав да ја земам чашата. Мајорот продолжи да раскажува, но јас никако не можев да го погледнам в очи. Тој како да проникна во моите чувства и пак ми дотури без мера.

- Во такви моменти се пие вотка. Јас постојано го споменувам татко ти. Тој беше човек од кого научив многу. Тој велеше дека животот и по Револуцијата за нас ќе биде суров!

На крајот од дневникот извади неколку слики, документи и признанија. Татко ми и тој беа сликани на бели коњи пред баталјонот. Ефтим залудно се бараше меѓу фотографиите. Мајорот му рече:

- Тука се само борците...

Кога бевме сами, Ефтим ми раскажуваше многу страшни настани, при што ми ја опишуваше својата храброст, па јас имав впечаток дека бил меѓу главните.

Потоа, мајорот стана и пак почна да ги брка мувите во собичето. Се извинуваше што ете такво е неговото живеалиште. Ефтим не обрнуваше внимание кога го навјаса вотката, лакомо потkaснувајќи од закуската.

Јас ги набљудував соборците на мојот татко, а и мајорот од време на време ме погледнуваше крадешкум, под око. Беше очигледно дека му е незгодно што го најдовме во вакви услови. Речиси беше заборавен од луѓето. Си живееше во најголемата човечка слобода. Можеби, ние со Ефтима го откривме?...

Ефтим беше градски функционер и добро заработуваше. Имаше уреден живот и луксузна кола за која долго ми зборуваше. Раскажуваше дека се движи во високо друштво и дека е во Сојузот на ветераните. За се му верував.

Мислев дека тие се луѓе на минатото. Ефтим умееше да рече:

- Ние борците... - што кај мене возбудуваше чувствона почитување.

Го прелистував дневникот што беше пишуван на колено и ја барав страницата на која пишуваше за татко ми. Наидував на други имиња. На разни случаи, убиени, дезертери, пофалувани, шпиони и предавници. Можеше да се види состојбата на баталјонот, подреденоста на нижите офицери, војници и бројните борби. Потоа во еден ред борците, кои беа предложени за високи одликувања. Таму го барав и Ефтима.

Мајорот постојано ни дотураше од вотката, а Ефтим нестрпливо го очекуваше моментот кога ќе му ги покаже добиените ордени.

- Гавре, ти некако не им се радуваш на овие, а! – рече покажувајќи му две одликувања - едното за храброст, а другото за заслуги за народ.

Мајорот ги зеде в раце и долго остана нем. Не знам зошто, но не му честита на Ефтима. Јас помислив дека мајорот е суров човек. Потоа со очигледно задоволство рече:

- Значи по дваесет и пет години се призна нашето дело...

Ефтим си ги закачи ордените на левата страна од градите и му се обрна:

- Мајоре, што велиш, а? Ајде стави ги и ти твоите ! Да се потсетиме на она време...

- Јас немам, Ефтиме. Оние старите, од таму, не се вакви.

- Немаш? Како немаш!? Зарем е можно?! На некои им дадоа по три...

- Тука е иронијата - рече мајорот и како да сакаше да го одбегне овој разговор, па продолжи да ни го покаже лозјето.

Ефтим настојуваше да дознае зошто е тоа така.

Седнавме повторно, а мајорот продолжи:

- Пријатели мои, што има да се зборува за тоа? За мене е големо задоволство што луѓето добија признанија. Ти, Ефтиме, не знам дали цениш уште по она време. Денеска времето си донесе свои херои. Јас не сакам да им пречам.

Мене, ми се чини, дека секој треба да даде кога времето од него бара. Јас можеби таму бев добар командант, но... ете по Револуцијата, ти стана функционер. Од тебе, си спомнувам, не баравме ништо. Ти на општеството му требаш сега, а јас - што? Јас, едноставно, бев обичен мајор. Сега понекогаш ги превртувам мислите во главата и мислам само на смртта.

- Знам, мајоре, знам. Ужасно постапија со тебе, но разбираш, тогаш тоа беше период на грешки, на изопачувања...

И двајцата замолкнаа. Јас прв ја нарушив тишината. Им го дотурив остатокот од вотката. Им ја понудив, а тие уште стоеа со наведнати глави.

Помислив: ако човек не ги запознае овие луѓе, ќе остане сиромашен за една значајна целина од својот живот.

Излеговме од колибата и пред нас лозите стоеја како војници, наредени за парада. Мајорот со чувство на задоволство го очекуваше збогувањето со нас.

- Не те прашав, како е жена ти Евдокија? Си припомнувам колку лудуваше по тебе - го запраша Ефтим.

- Сигурно и сега е лута, ако разбрала дека сум заборавен и за овие одликувања. Навистина таму лудуваше, но по револуцијата и таа се измени. Убаво е да се биде обичен човек, но... Кога се вратив од Ташкент, таа беше радосна и весела. Многу мечтаеше, но јас одвај најдов работа во една обична продавница...

Од неговите гради излета воздишка.

- Нашиот брак остана од еден лажливец и еден насилник. Можеби времето е виновно... Чудно е тоа, зашто во животот има нешто кое не може да се мери со никави норми и правила, но ете, времето ќе покаже каков е човекот. Доаѓа тука кога грозјето е сочно, и ги гледа лозите натоварени со јадри зрна и вели:

- Ти сепак нешто умееш да создадеш за да те засака човек...

**КАМЕН**

Патиштата се како врвки, некаде водат... И кога ќе видеш помешани стапалки, не знаеш каде да го барам животот.

Луѓето бегаа далеку и одеа по светот, од каде подалеку не може и таму, венчани со тагата, им навираа безбројни мисли за родното катче, за тие што останаа околу огништето или како што ми рече старчето: “За пепелиштата”.

Патниците веќе ги имаа зафатено своите места во полуосветлените вагони, а се ближеше возот времето да тргне.

На соседната линија тукуштo имаше дотрчано црната локомотива, и патниците што беа за Скопје ги префрлуваа своите куфери дури и преку прозорците, само да успеат да влезат. Под прозорецот здогледав како ја потпираше брадичката едно суво старче, држејќи во изжилавената рака голем елегантен куфер.

Кога влезе во вагонот, случајно се судривме со погледите и му реков: “ Повелете “. Старчето ми се заблагодари со зборовите : “Thank you very much”, и седна.

Собирајќи ја потта од избразденото лице со длабоко начичканите брчки, ме праша - Да не си нашинец? Јас му одговорив со “Да”, а возот се заниша во правецот за Скопје.

- Тогаш, синко, сполај ти многу!

Ми понуди австралиска цигара и така почна да ми раскажува фрагменти од судбината која му ткаела цели шеесет години убави и потресни помини.

- Трагам по живите, синко, да ги опитам... Имав жена и син, сега ќе беше како тебе, но тие се сега пепел.

Голташе чад од австралиската цигара и очите ги закопа во мене, и за миг не ги отргнуваше. Пепел, да пепел, тешко е да знаеш дека се пепел, а да бараш белег од нив...

- Одвај се откинав од пустошот, сега од таму доаѓам...

Старчето долго ми раскажуваше за пустошот, за гробовите и урнатините. Старечката кожа изгледаше како изрешетена кога сакаше да ми раскаже за тоа што виделе неговите очи.

- Полјаните се запустиле, патиштата се затревиле, но јас по доким одев. Ослободи длабок здив како да го притисна голема карпа и ја одврза вратоврската.

- Поминаа години, синко... И на неговите изглуждени прсти изброи неколку десетици. Тој пак зборуваше тивко и болно.

- Огрдело се... И како да го повикува пустошот, ме гледаше нем, а на лицето како да му се оцртуваше настраданата земја, во која војните огрделе се, му виделе очите неприбрани гробови без епитаф и на секој чекор морници го облеваа кога ќе се сетел дека во секој гроб се закопани еден или повеќе животи. Го гледав во лицето, во брчките, во изглуждените раце, но сакав и душата да му ја видам...

Во неговите старечки гради вриеја со години недоплакани зборови... Оти тој отиде млад, а тогаш остави љубов, семе и срцето во неговото гнездо. И сега подгрбавен од годините што висеа на неговите старечки плеќи, се врати да види и да доплаче.

Се дотркалал без надеж до родното катче низ зашумениот пат, а погледот не можел да го задржи, му грабал низ убавините кои со години ги галел неговиот поглед. Пред него се појавуваше високата бујна планина, изјарена пред векот на војната која от секогаш криела во своите пазуви купови од магла, што постојано се точеше низ клисурското грло. Неговиот ненаситен поглед се мачи да ги одвлече мислите во одамна невиденото, но срцето нешто му го стегаше како обрач и душата му останувала во него пак болна. Ја чувствуваше длабоко налегнатата тага како се пои од капките крв што се цедеа од неговото јадосано срце, а исцедените очи во него остануваа уште посуви и кога

влегувал во синорот на родното катче. Нешто во длабочината на душата како да му шепотеше:

- Не, ти треба да плачеш, ако во тебе немаш јадри солзи, во тебе имаш крв..., - и кога првата стапалка ја стапнал на родната земја, му протече болна солза како да беше крв. Тој се сретна со старото високо дрво, и се скамени од неговите корени. Под него за сите судбината била иста, оти дрвото се поело со солзи од целиот негов род, а разделбата меѓу нив како сабја... Дрвото и старчето стоеја долго неми и, како тоа да се расплака, прошепотија неговите многубројни лисија од тихото ветерче и го опи со неговиот свеж мирис и како да му ги врати истурените солзи од неговиот род. Старчето ги спушти румените жилести раце над колената и пак ме гледаше во очи.

- Разделбата е лоша, синко, таа може да ти скине од душата...

Старчето пак замолкна. Јас чекав доста долго нешто да каже, а во неговите гради тагата беше толку голема, што му го одземаше здивот. Неговата тага како да се пресели и во мене, чекав долго и ги броев морниците што никнуваа како печурки под мојата кожа.

Тој голташе од цигарата сув чад и како да се смири тагата во него. Кај човекот што царува тагата, радост и болка е да се врати на родната земја. И така старчето, стапалка по стапалка се нишал и го слушал текот на водите кои се тркалаа и како да ѕунеше целата долина со успивен ѕун. Патот како да го фатил старчето за рака, го извади од долината и пред него се појавил долгиот свиок и уште неколку меѓи, па прав пат и требаше да се види неговата куќа.

Тој ја подигнал со камен и кал, а во темелите по обичај ја закопале златната пара со триста молитви. Тоа го чинеа луѓето против маѓии, оти имало и погани по светот...

- По обичај ние ги целуваме камењата што го прават темелот, - рече старчето. Сега веќе на старчето му беше уште потешко кога требаше да ми каже за неговото гнездо. Старчето воздивна.

- Отидов млад и во туѓината останав гол како прстот...

Со години не разменивме писмо, војните, синко, не опитват...

Јас и Ѕвезда го заштишивме седелото од кое сега е само пепел.

Сега кога го видов срушено, одвај собрав сила да сторам чекор над прагот. Во моите жили затрепери јадот и ме скамени...

Разделбата со години гризела од старчето, и ете го изглодала, го исушила. Човекот живее да се радува, но радоста се заборава, а јадот не. Кога ќе клукне мислата во болното срце за тоа што човекот го боли, јадот ќе прошуми низ жилите и ќе го залула човека.

Старчето потпалувајќи ја цигарата ми рече:

- Живеев до млади години и оставив живот и сега наместо живите... ме обезуми грдосијата.

Видот му шетал по урнатините, а на неговото чело му завирувала пот, се обидувал да направи уште неколку чекори и од длабочината на мутлите чврчори малечка птица.

Ја видел и ја погалил со неговиот нем поглед, а срцето му почувствувало како да ја ставил раката над неговото мило покојно чедо, за кое уште не знае за неговиот гроб. Неговото срце ја замоли: - Чекај барем на тебе да ги доближам моите закоравени усти, оти ти си моја, живееш во моето огниште, во овој пустош, - и колку што направи чекор, птицата го остави во урнатините сам. Урнатините разголени и намуртени се смееле на неговата осаменост, а тој чувствувал како се испарувала неговата душа и ете таа во него секнува, се исуши, ја локнале маките и јадовите, но само од желбата кој тлеела да ги види гробовите, останал да се движи со оваа капка живот.

Урнатините биле осветлени од топлото пролетно сонце, а тој бил целиот во мрак и толку длабоко, што ни еден сончев зрак не можел да проникне во неговата душа. Излегувал, ги местел стапалките кога при излезот дотрчале од осамените улици две

дечиња, кога се скопчале за неговата дланка осетил во душата топлина и така го одведоа...

Чекореа низ скршените улици што дремеа во сиромаштија, додека не се сретнал со старците што му ја раскажуваа целата историја... Стоевме загледани во прозорецот, возот трчаше, старчето бараше нешто во неговиот куфер. Тој од куферот извади опламнати камења и со изглужените прсти ги милуваше како живи суштества, потстиснувајќи ги во дланката. Јас за камењата помислив да се ахат, но старчето ми ја пресече мислата.

Кога минував ни урнатините ги зедов овие камења од пепелиштата на катот мој, друг белег не најдов...

И сега веќе старчето го зари погледот во камењата.

- Пепел и камен... - ја поткрена слабата рака и со двата прсти ги стисна капаците од крупните очи.

- Само пепел и пепел од крвта и коските, заедно со животот нивни урнатините локнаа се, но овие останаа и ќе ги чувам до смртта.

Старчето стискајќи ги камењата тие зачегртаа во неговата дланка и како да му проговорија. Камењата беа подгорени, пепелта во нивните пори има и зрнца од крвта на старчето и дел од неговиот изгорен живот.

- Ќе ми ја топлат душата во туѓината.

Старчето веќе липаше над камењата. Ги гледав камењата, тие се трајни, ќе ги однесе преку морето, а луѓето што ќе ги гледаат ќе плачат над нив. Ако се само од едно огниште, тие ќе липаат како на нивни. Таму луѓето се сакаат, па и судбината ги удрила со истата тупаница. Каменот има тврдо срце, ќе издржи пред тажните луѓе на кои ќе им ја раскаже старчето судбината, за родниот кат.

Старчето ги завитка камењата во бела шамија и ги намести во куферот што тежеше како КАМЕН.

## ЗЕМЈА НА ВЕЧНА ТАГА

Со првата стапка преку превалот, се гледа малото езеро на Преспа како насолзено око. Над преспанската долина од врвот на старата планина Бигла, како истурени снопови, или, чиниш, како вода од притиснато црево се истураат на разни страни непровидни зраци. Малиново-сината и студена езерска долина нестрпливо трепери во очекување на сонцето, а низ брановите играат јата од белвица риба. Летото убаво ја украсува долината со цветови: алови, бели и густи, натопени со мирис на мед. Воздухот неподвижно лебди над земјата и го пои човака со некој одвај досетен мирис...

Сонцето само што ќе се скриеше зад ридот, остануваат осветлени врвовите на тополите пред меаната на Јоше Секуловски. Потоа настапуваат позлатени проштални зраци.

Настапува белиот мрак. Првин, се затемнува во меаната, а потоа и на улицата. Изгаснува светлоста и до врвот на тополита. Денот згаснува... Се стемнува. Од рибарскиот оган летаат искри, брановите тивко умираат врз чунот, а во долината се надига синкаста студена вечерна магла.

Доаѓаше пролетта и им даруваше на луѓето нови сили, нов живот.

Рибарите со песна му се радуваа на ловот и нивната песна одекнуваше толку силно, што селаните кои наведнати ја обработуваа земјата, се исправуваа и ги слушаа. Гледаа ту, ваму ту таму, по езерското синило под големиот блесок на сонцето. Бивало да се пее од утро до мрак, а сега тагата му е сосед на Германа и го гризе како сврдел в срце.

Чекори тој по патот, гледа и подзастанува. Гледа само засушени врби. Песната на натоварените селски коли ја нема.

Слуша, некаде плачи ноќна злобна птица. Земјата, небото и гората и полето го ловеа тој плач, а птицата пишти до безумие...

И, ете, по многу, многу години, тој глас пак го тревожи...

- Не ме пој, не ме пој! Поштедиме, од далеку доаѓам и така оган ми гори в гради. Вие злобни птици, не знаете што значи да се живее во надеж. Но нашата надеж зависи и од нашата судбина, -воздивна Герман.

Чекореше герман Трпеновски и туку затрчува преку превалот како туку што заодено дете кое ита во прегратките на својата мајка. Тревожно зашумолеа задивените трски крај брегот. Тој подзастана и се присети: "Пак рибарите пеат".

Погледна кон езерото што ги хранеше луѓето, што ги штитеше и им ги одземаше грижите. Меѓувреме, шумолењето на езерото го слушна најнапред оддалеку, потоа се поблиску. Му се пристори дека го слуша пак оддалеку. Никаде наоколу немаше ни жива душа; беше полски предел, дрвја и треви стрчеа како суви раце кои ниту зборуваа ниту чувствуваа, па со таа своја нечувствителност тие ја наголемуваа неговата мака.

Ќе излета од радост герман Трпеновски, оти по толку години се враќа во распеаната и убава родна Преспа. Се доближи до брегот, зацрпи вода со дланките, а рибарите се разбегаа во длавочината... Тој ја гледаше земјата, тагосана сиротлива, како некој силно да ја навредил, а врбите плачливо и овиснато стоеја.

О, каква ноќ! Сите ѕвезди, до една, топло и кротко во душата повторно ми горат!

Пак доѓам кај тебе со песна, безволна, можеби и - последна. Каква среќа - си мислеше Герман:ноќта и јас - сами! Чувствувам таков прилив на љубов-што не можам и неможам да молчам. О, слушај, -разбери ме, јас страстите не ги кријам. И јас сакам да ти кажам дека те сакам тебе, и само тебе, о, земјо родна!

Кога тргна кон селото, чекореше по калдрмата која беше оштрбена и затревена како испрекршењ рбет... А во селото царуваше молк. Гробна тишина како животот да беше глув...

Беше јасна ноќ. Белата месечина силно светеше, на мирното небо блескаа ѕвездите, а во дворот неподвижните црници натоварени со плод ги пресекуваа нежните зраци. Се беше спокојно.

Герман Трпеновски застана спроти синото небо, неустрашлив и растажен пред пустошот. Како да падна нешто тешко од неговите гради... Така и ја осамна таа ноќ. Дишеше длабоко, но го немаше мирисот на животот. Гледаше во длабоките црни урнатини од својата куќа.- "Зар ова не е сон. Зар не спијам? Што ли е ова? Брегот и реката Што личеше на срмен колан среде полето, се тука, но каде се куќите? Не, не, нема да викам. Стара е и болезлива мојата мајка. Сигурно е многу стара. Колку е многу стара. Колку ли долго ме жекала? Можеби е тука некаде прибрана. Колку години не ја имам видено? Многу! Таа многу ќе плаче за мене, но јас ќе се воздржам, за да не ја растажам уште повеќе. Сакам да биде среќна..." - си зборуваше Герман сам на себе.

Чекорејќи преку урнатините, здогледа црнила.

Истурени покриви, диреците стрчеа како мртви раце...

Пред очите во падините ја нема бурната бескрајна 'рж и стадата овци... го забрза одот и потрча низ грамадите. Трчаше избезумен, го обзеде страв од својот кат. Пустошот му се џвареше од секој истурен ѕид.

"Смири се, смири се!", си нередуваше самиот на себе.

"Можеби уште неколку чекори и ќе ја сретнам мојата стара мајка. Тука ми беше детството... Колку сум страшлив..."

Здогледа чад од една подземна колиба.

"Ете, мајка ми е будна, ме чека. Само јас го погрешив татковото огниште".

Таа ноќ, тој солзите не си ги сокри. Во пресрет му дотрча една стара подивена кучка која го натера да се брани со исчадени камења.

- Мирна, мирна! Зар не гледаш дека е човек. Не е лиот.

Што си се залајала толику... Кој си, бре, синко? И од каде доаѓаш - одејќи кон него го праша една старичка.

- Герман сум... Одвај те пронајдов...

- Герман? Ох, кутрата Јана, не те дочека, синко, - рече старицата испуштајќи ги от грбот купот суви дрвја. – те чекаше со години; - го прегрна.

Старицата се задржа за првиот дирек што ја сретна и му се обрна на Германа:

- Тука е вујкот ти, влези.

Од стаиот кревет во аголот се слушна слаб и пригушен глас, кој како да доаѓаше од некој процеп на длабока визба.

Герман дојде поблизу за да се поздрави, но старецот не ја забележа неговата рака и не се поздрави. Тој лежеше на сламарникот. Беше сосема исушен како да нема ништо под тешката ресеста черга.

- Како си, вујко? - го праша.

Тогаш старецот живна и потстана.

- Кој си?

- Герман, - му одговори со засипнат глас.

- Дојдовте? Каде е Даме? Даме? Даме? Сине?... - стана да види колку се во собата. Старицата потрча до него и го смири. А тој полека седна.

- Добро, пак ве нема сите..., - проговори старецот.

- Ете, внуче, ве чекам... Животот си оди по својот ред.

Дните си одат по малку, а јас и вујна ти Цвета, си чекаме радост да ни донесе нашата судбина. Старата е секогаш крај мене. Ми подава вода и уште нешто. Останавме стражари. А сега не е како тогаш. Никој ништо не вели... Од нас не се плашат да не го зародиме родот наш во нашата земја... Слушај, Цвето, затни и ја муцката на кучката што лае! Речи и човекот е наш...

Герман му го додаде настисканото пакетче што го имаше за мајка си, но тежината му ги собори жилестите, суви раце. Го држеше во скут како дете и над него пророна неколку солзи.

- Едно сакав, - рече старецот, - Да си дојдат луѓето, да се зароди пак нашиот род... Да го снема пустошот. Пустошот, урнатините и немот. Тие се убијци, синко, за човекот што ќе се сретне со нив. Гледаат да го локнат. А ние што се најдовме и живееме со нив, ќе не глодаат полека. Но по мое, внуку, убаво е човек да си умре во својата земја. Ние не дојдовме во оваа земја преку планини и реки, родот на нашите прадедовци, тука со векови се раѓа и умира. Ако тие што не изгонија мислат да ни ја земат земјата и јас да бидам последниот што ќе ја предадам, ќе сакам да се запише во тестаменот дека секој што ќе се осмели да ја гибне со рака оваа земја, го прогласувам за крадец... - зборуваше стариот.

- Кому ќе му остане земјата, кога мене и тебе, ќе не нема, - му дофрли старицата.

- Мојата земја никому не му припаѓа! Таа му прпаѓа на мојот син. Таа му припаѓа нему, иако е сега отпишан и прогонет од оваа земја! Цвето, оди и копни со дикелот земја подлабоко, па донеси ми ја и онаа, најбелата, шамија што ја чуваше за свекрва. А ти, Германе, ќе го бараш по светот мојот син и ќе му го однесеш овој подарок!

- Земја?! - праша Герман.

- Да, земја, синко. Оваа земја ќе му ја дадеш и ќе му речеш дека е негова! Тоа нека му биде најголем доказ пред луѓето дека оваа земја е негова...

Герман ја зеде грутката и сакаше да заплаче, зашто знаеше дека Даме никогаш нема да ја прими.

Старицата само ја тресеше главата и плачеше, така што беше страшно и тажно да се гледа во неа.

Герман се збогуваше со се. Цветовите како да му зборуваа.- Е, догледање, нишајќи со главите ниско. Ти повеќе не ќе го видиш одблизу родното катче и езерото, татковиот дом. По хоризонтот пак полазиа тешки и црни облаци.

Крајпатниот извор пак блика. Тој се присети: Еднаш тука му го подадов буклето полно со вода на мојот дедо. Тој го крена со двете раце и се напи. Дедека пиеше, капките му се тркалаа по неговата брада како мониста, не оставајќи траги. Го гледав како ја гасне слатко жедта. Потоа го избриша наросеното од пот чело и ми рече: "Сполај ти, синко". Се сврте кон долината и рече: "Лека ти земја, стари рибару..."

И пак стана темно. Во вагонот беше сам. Тркалата на возот силно тРескаа. Тој ја стегаше грутката земја што му ја даде старецот, како да ја прегрнал целата земја за последен пат. И прозорците на неговото купе беа темни. Му се чинеше како да патува низ некоја пештера.

Герман патуваше, се враќаше во Австралија.

Најпосле возот се скроти и застана.

- Солун!- Тесалоники!-викна кондуктерот.

Герман не го чу. Лежеше на подот од празниот вагон, стегајќи ја цврсто грутката земја врз градите.

Неговите деца останаа да го чекаат во туѓа земја...

## ВОЈНАТА КАКО ДА БИЛА ПОЗАВЧЕРА

Костадин Црноденов, чиниш одеднаш го загуби животот, како крупен камен што се слизнува од рацете на изнемоштен маченик кој станува немоќен да го фати. Само го гледа како се тркала пред него се до дното на недостапната бездна, а џелатот бесно го фраска... Така и војната го фрасна Костадина Црноденов и му остави лузни што сега го тераат да гледа на својот живот како на душман...

Црноденов остана во туѓина сосема сам. Тој само со чувствата понекогаш до очај загребува во животот и во времето попрскано со својата крв во илјададеветсотини четириесет и седмата година.

Костадин Црноденов по војната остана неколку години на лекување во болницата на градот Згожелец. Таму му беа извршени неколку пластични операции, зашто на лицето му беа останале длабоки белези од силната експлозија во суровата војна. Тој ја носи лузната со себе, ја чувствува и болката му ја прави се поголема кога ќе се присети на својот живот, на својата жена - Румена Црноденова, на нејзината младост, која ќе и се сруши пред ова искрпено грдо лице.

Кога заврши војната Румена Црноденова се прибра и си живееше во очекување... Но никако не можеше да верува дека војната носи толку зло, пустош и вечна болка. Таа до последниот миг заедно со други служеше во единиците "Травматофоринки", пренесувајќи ранети од фронтот до болницата.

Румена беше убава, стројна, со румени образи, вистинска мома за селска куќа. Така и ја памети Костадин Црноденов.

Еден ден судбината го повика Костадин да се врати. Со разбудени стари копнежи, присетувајќи се на животот, пристигна во градот, каде беше сместен во прифатилиштето "Чаир".

Кога пристигна го пречекаа луѓето со кои живееше во Полска. На тие луѓе им стана како навика да пречекуваат, да прашуваат, да се инетересираат, што станало со овега или онега што ги познаваа.

- Дојде Костадине? - му се обрна еден од најстарите жители на бараката број 4.

- Дојдо, Јоше. Во туѓина не се живее сам... Гледаш целиот живот не газат и понижуваат, таму сме туѓинци.

- Тука се сите наши. Има од целиот свет: од Полска, од Русија, од Романија, од Чехословачка, од Унгарија и од секаде ги има...

- Мило ми е Јоше...

- Ти, Костадине, не се сретна ли со некој од твоите. Јас барем сум жива пустелија.

- Не, Јоше. И јас немам никого од моите.

- Никого Костадине. За нас војаната како да беше вчера. Овие прифатилишта судбината ни ги подари како вечни домови.

Костадин се упати по долгиот ходник, не сакајќи повеќе ништо да каже.

Живееше осамен, отуѓен. Постојано го гризеше една мисла: "Ќе и ја оцрнам младоста на Румена. Таа треба да си најде убав човек. Сигурно го има добиено писмото и верува дека сум мртов. Можеби, ако и се јавам, таа ќе ме прими од сожаление и животот ќе и го направам мачен. Ќе посака да излезе пред народ, а јас со ова лице... Нека се омажи, па потоа ќе му се јавам на детето..."

Тој се распраша за својот син и дозна дека учи во основното училиште "9 Мај". Од децата дозна кое дете се вика Црноденов. Одеше да го гледа оддалеку. Не можеше да издржи да не го види секој ден. Купи големо чоколадо со желба да му го подаде, но не сакаше никој да види. Еден ден му се доближи. Ја

испружи раката и му го подаде. Момченцето уплашено го гледаше!

- Како се викаш, момче? - го праша.

- Митко Црноденов - одговори детето.

- Митко?

- Да.

- Имаш ли родители, Митко?

- Само мама.

- А татко? Каде е татко ти?

- Не знам. Мама вели дека ќе си дојде... А една жена и рече: можеби е мртов, штом досега не се јави.

- Мртов?...

- Така рече жената...

Во тој миг ѕвончето заѕвони. Детето веднаш се стрча кон училиштето.

Костадин Црноденов се врати во бараката број 4.

Кога се врати, Митко и кажа на мајка си за средбата и разговорот со грдиот човек.

Румена се возбуди. Затрепери. Се уплаши да не го изгуби и детето.

“Кој може да биде тој проклет човек... Зошто само по моето дете се вртка?...” Еден ден реши да се скрие, да види кој е тој. Што сака тој човек?

Костадин одвај чекаше да дојдат децата, да се сретне со малиот Митко, да поразговара со својот син, да го погали...

Оддалеку ја виде Румена, но не сакаше да и се јави. По она писмо што и го испрати, не сакаше...

Румена со лутина и љубопитност чекаше скриена да види кој е непознатиот и кога виде, срцето лудо и зачука: “Зар може да биде... Не тоа не може да е Костадин!?”

Но тој беше. Висок, русокос човек, кој несмасно се вртеше околу себе, и кога погледна - лицето му пламна.

- Румено! - извика и и потрча во пресрет. Се сретнаа во училишниот двор. Секој нерв им беше напрегнат. Румена никако не успеваше да се прибере.

- Румено!... Што ти е - ја праша загрижено. Потоа како да се сети. “Да, не требаше да дознае. Таа се разочара од мојата грдост” - си размислуваше и сакаше да побегне.

Отстапи неколку чекори.

- Тој е! Тој е, Костадин!

- Не бегај! Ти си. Зошто бегаш од мене?

Тој подзастана, ја наведна главата и стоеше свртен со грбот.

- Те очекував! Сите ми велеа дека си мртов. Кој беше проклетникот што ми напиша дека си мртов?

- Јас, Румено. погледни ме каков сум... На што прилегам Румено?- ја праша вомјазен. - Ти Румено, не ме очекуваше ваков?

Таа молчеше. Го гледаше и чиниш сакаше да му каже:

“Не знам ни сама што да правам... Невозможно! Ох Костадине! Ова да не е само лош сон? Што се случува? Што сака животот од мене... Треба да кажам “Да” или “Не”...” Молчеа.

Костадин ја гледаше замислено. Румена чувствуваше неодолива потреба да дознае за што размислува. На Костадин не му се допаѓаше кога го сожалуваа. Тој беше горд, но секогаш не можеше таа гордост да се види на неговото лице.

Румена беше страдалничка. Костадин ја сожали и милно и се насмевна, па таа веќе беше готова да му се фрли во прегратка. “Да, тој е.” Ех, неволнику! И по овие мисли на се одеднаш му дојде крајот.

- Зар за тоа се криеш толку години? За мене си убав, јас ти го сакам срцето, а тоа ти остана исто и верувам дека во него уште има место за мене. Нели Костадине?

Тој се насмевна и ја прегрна. Румена ги отвори усните да го бакне, но во устата почувствува празнина, суви лузни, сурови траги на железните парчиња.

Румена го притисна кон срцето и гордо заплака. Го бакнуваше по главата, по челото, во очите и размислуваше: “Каде ти е убавината, Костадине? Сите ти завидуваа на личотата, на мојата среќа”. Го гледаше и се обиде да го праша:

- Зошто сакаше да ме одбегнеш?

- Се вратив Румено. Се надевам дека и за мене тука ќе има место? - одвај изусти, кога ја виде со насолзени очи.

- Да, Костадине, ти си пак мој. Тебе војаната те казнила лошо, но мене пак ми ја врати радоста...

Костадин ја прегрна и се и раскажа за писмото и за тоа со колкава болка се решил да и го испрати.

Го фатија за рака и малиот Митко и си отидоа дома.

Кога малиот Митко ги виде двајцата како седат еден до друг, а мајка му толку весела, на детето му остави посебен впечаток, се доближи, го гледаше и како да сакаше да му рече:

“Извини тато што бегав од тебе...”

## СЕ ВРАТИВ ДА УМРАМ НА СВОЈАТА ЗЕМЈА

Се разнесоа гласови дека Лабро Линин, мажот на прочуената убавица Лина се врати од Америка. Тој без никаква врева се прибра до селото Габреш, припиено за планината Мали-Мади. Беше пустеливо. Се чинеше дека тој беше единствениот жител на Корештата. “Кога одиш сам, патот се чини подолг”, си помисли Лабро и седна во затревеното гумно да се нагледа на ширното поле или како што велеше тој:

“Мојата мила Корешта”. Така си ја викаше и за неа тагуваше и боледуваше. Седеше скутлен, цврст, но одеднаш се разнежи и небаре ќе го совладаше некаков плач, што му извираше како понор од длабината на душата и во еден момент му допреа солзите и песната од минатото. Се присети како момите се враќаа од вода со разнобојните стомни, кокетирајќи пред ергените. Го однесе мислата далеку, како заробеник, па заборави на се и запеа сосема сам, со силен треперлив глас:

Лино мори севдалино Лапка (јаболко) ќе фрла по тебе мори чупо Ти ќе се врниш да глендаш Ќе ти го видам лицето Лицето бело, Лино, мори чрвено...

Стана и се фати за стожерот, го сврти погледот кон плевната, вратите зјапаа. Под нозете сети испогазена млада трева, немаше мирис од премаз на лепешка, вилите беа изгниени, се беше оставено како од војска која логорувала и отишла...

Тоа предпладне небото над Корештанската рамнина беше шарено, со бели сини облаци. До него допираше шумот од реката и песната на птиците. Се вртеше силно околу стожерот. Му се сврти и свеста, го врати во младоста, мислата му посака да ѕирне што повеќе во спомените што ги носеше избледени, потиснати и уништени од патилата. Но, човекот кој страсно си го сака татковото огниште, ги чува спомените најдлабоко во тајното скривалиште на душата - се до смртта.

Му се пристори дека ја гледа Лина на бел коњ, во невестинска руба, со бело венче и спуштени телови од бела срма, покриена со бел проѕирен дулбен. Лицето беше бело како снег и сега на

Лабро му се губеше низ болните солзи. Небаре Лина му се поклони како на стопан, по нашински, но тој не издржа и ги рашири рацете, а Лина грациозно, како да не згазнува и така му се предава во прегратка... Ја милува... и ја губи за вечно како сопатник во Граѓанската војна, кога беа отсечени од граната двете нозе на планината Мали-Мади. Лина беше голем македонски војник... умирајќи го бараше Лабро, не сакаше лесно да се предаде на смртта. Го молеше за разделба, но ете по таа голема љубов, Лабро доаѓа доцна, но не по негова вина.

Тој се врати за да им бидат коските заедно. Лабро знаеше дека Лина го очекува.

Престана да му се врти свеста, си го избриша оросеното чело и лежеше како ранета ѕверка се до зајдисонце, а кога го покри сенката од планината, не- баре му се пристори дека е покривка од дебело валано црно веленце, воздивна “Ех, љубовта е како црв, гризе по малку, подјадува катадневно, ти одронува од животот... Љубовта е тиранин...”

Лежеше така замислен за животот што бил во таа земја кога беше полна со луѓе, со песна, со плод и здравје.

Според раскажувањето на старите луѓе од селото, Лабро Линин, беше скромно и убаво момче, одвоен од секаква политика и неук. Тој се интересираше само за своето парче земја на кое израсна како ластар, од старите длабоки корени на неговите Бочкаровци. Сега Американец, мистер Лем, дојде да умре на тоа парче земја. Тука да подигне светилник. Така и стана. Плановите ги имаше скроено одамна и на селаните им објаснуваше како ќе изгледа сето тоа, а тие гледаа вчудено во него. Некои од нив дури велеа дека е врлав (нетокму) и дека за него ќе биде спас ако оди и се фрли во ’дмбенското дуло. Но, кога почна да гради му се придружија и оние кој беа на подбивање. Мистер Лем, се разбира им плати за трудот двојно, но повеќето од нив сакаа да работат доброволно...

Градителите ги облече во бела руба, а и светилникот го обликува со бел гранитен камен. “Моите црни патила, сакам да ги претворам во бело... Нашиот корен е тука, во оваа земја. Тој

е длабок и бел. Способен е пак да даде род”, им зборуваше Лабро Линин.

Темелите ги ископаа длабоки. Полека веќе се наѕираше обликот на градбата што ја градеа макотрпно само ноќе. “И мора да изникне од темнината”, објаснуваше тој. Се извишуваше, тоа необично здание, а никој не можеше да одгатне точно што ќе биде; дали црква или музеј, споменик или хотел. Некој, велеа, дури дека може да биде и вселенска станица. Така нагодуваа, се додека не почна да се крева највисоката кула, со три ќошиња дури и над врвот на планината Мали-Мади. Мајсторите работе неуморно. Еден ден јавија дека од горе веќе се гледаат планините Пелистер и Пирин. Мистер Лем посака сам да се увери во тоа што беше наумил пред да почне градбата. Кога се искачи на највисокото, извика на сиот глас:

- Луѓе! Браќа! И од ова црнило сега можеме да ги видиме нашите браќа. Кој сака да си ја види судбината?-се загледа во длабочината кон Југ и викна: - Сега може човек во оваа земја да го види пустошот, гробовите.

Се му беше обезличено, подивено...

- Кој сака да им соопшти за сето ова на своите браќа, на светот, нека се искачи!-им викна на оние што го чекаа долу да слезе.

- Ете, тоа е нашава земја! Гледајте! Таа самата пред очите ти се предава тажна. Но, е најубава земја на светот.

Родна земјо! Лабро е твој... Гледај какви луѓе сме! Како мравките-пак сме собрани на куп. Ние сме со тебе, и дење и ноќе и кога сме далеку од тебе... Ние се грижиме за тебе, те галиме со мислите како наша мајка. Земјо! Твоите луѓе се нападени по светот, но тие плачат по тебе.

Слезе возвишен и горд. Ги покани сите што сакаа да се искачат. Не помина многу време доаѓаа: орачи, косачи, овчари, стари и млади. Свеченоста ја отвори Лабро. Всушност тој се искачи на високата кула и го запали вечниот пламен. Тоа беше сета

церемонија. Луѓето очекуваа говор, но тој кога слезе заплака од радост.

- Нека, нека луѓе! Над нашата Корешта нека гори овој вечен пламен. Нека над сите наши гробови, биде една заедничка светлина.

Сега сета корешта беше залеана со светлина. Некаква ноќна птица прелета над главата на Лабро. Тој ја проследи со погледот, додека таа не се изгуби спрема изгрејсонцето...

- Каде ли брза толку!- се зачуди Лабро и нишна со главата, радувајќи се на нејзината слобода, - Летај, птицо! И кажи му на светот за оваа наша веселба...

Веселбата толку многу се разгоре, што ечеше цела Корешта, сите играа, пееја облечени во носии, што ги чувале за најубавите дни.

Меѓу луѓето се разнесоа гласови дека ги снемало гркоманите: Синот на куцата Кираца и Ването на Дурови.

Некој ги видел како се смушнале накај Бериќ, трчаа задишани да стигнат во Костур за да јават на власта, но веселбата се расплламтуваше се повеќе, дури толку многу, што луѓето паѓаа во некаков транс, небаре им се здиви крвта.

Приквечерината дојдоа наоружани хорофилаци*. Го бараа мистер Лем, Американецот. Жолчниот астоном господинот Мицотакис, со коњско лице нестрпливо тупкаше со ногата и нареди по секоја цена да му го донесат мистер Лем.

Но, кога се врати хорофилакот Парцалакис му рече-имам чест да Ви соопштам, дека мистер Лем, порача Вие да повелете кај него на орото.

Астиномот, сега уште побесен, стана и со војнички чекори се доближи до мистер Лем.

- Кога вие скотови, ќе престанете да се враќате! Вие сте одамна отпишани, согласно декретот број 2536-му се обрна тој на мистер Лем.

- Одговарајте!!

Мистер Лем, потскокна спрема ритамот на орото, се сврте го измери со погледот и не сакаше да му рече ништо, но на другото потскокнување со потсмев го праша:

- Што ве измачува господине! Повелете, веселете се, денес ми е празник на душата. За се јас плаќам... Вилју плис мау... Среќен сум што дојдовте на мојата веселба... господине, еј господине, овој е мој роден крај. Гледате, се ми е мило и орото и јазикот, пријателите, улиците. Сите места ми се...

- Вие сте Американец! Тоа го покажуваат наводите и твојот роден крај барај го таму!

- Господине, јас добро се чувствувам во Америка, но тој крај е избран по моја невола и колку да го сакам, не може да ми биде како овој, вистинскиот. Овој се носи во душава, во срцето, господине!

- Вие сте за нас туѓинец!

- Немојте господине да бидете толку... Што мислите, вие? Сега оваа убавина, толку лесно се брише од сеќавањето...

Не, не! Денес светот има сосема друго разбирање. Тоа од ваша страна е грубо, насилно на човека да муго одземаш најмилото.

Ти, на пример: зошто си го сакаш твојот Крит. Мене, тој твој крај ми е туѓ. Со него ниту сакам да си ги мачам мислите...

- Мистер, Лем! Не ми се потребни... Јас ве прашувам што можете да кажете во своја одбрана.

- Тоа, дека не сум виновен. Јас се вратив да умрам на моево парче земја. Ако ми е вината голема, молам свикајте меѓународен суд.

Мицотакис се втурна врз него со кренатата сабја.

- А, ете што било!? Ти не ја признаваш нашата власт.

- Вие, господине нас не не признавате во сопствената земја. Што сакате да ви го признаам вашиот пуштош.

Погледнете ја Корештата!... Но нашиот корен е тука и јас дојдов да умрам тука! Ете, тука!

- Само тое не! Ако останат твоите коски тука, тогаш тоа истото ќе го прави и твојот род...

- Токму тоа ми е целта, господине. За да се бараме вечно во оваа земја. Такви се нашите исконски преданија, како кај Јагулите...

- Тоа не може! Јас сум власт!

- Вие, господине Мицотакис, можеби повеќе се разбирате во меѓународното право, но јас сум сопственик на ова гумно... Колку што знам во светот секаде е така, па и во твојот Крит, зар не? И вие, господине, немате право да ми ги терате гостите од ова мое парче земја. Оваа земја јас сум ја орал. Пред мене ја орале дедо ми и татко ми. Тука во ова земја е закопан дедо ми;прославен Илинденец, покосен од ваш жандармерски куршум. Во иљададеветстодваесетипрвата го облековте татко ми војник за да ги остави коските во мала Азија, за вашата голема Елада! Во иљададеветсто-триесетдеветата ги облековте војници и моите браќа за да ја бранат голема Елада од Италјаните и не се вратија од Тепелени! Ех, мој господине! Потоа ме изгонивте и мене. Ете, зошто денес ми е празник на душата. Гледате-секој ден ни се заканувате, а каде ви е вашата рекламирана цивилизација? Не слушаш што ти велам, а? Тука се оженив за мојата Лина. Тука ми се родија и децата и од оваа земја вие ги прогонивте во источните земји. Ете, по обој пат

што води кон гробиштата моите преијатели ја носеа во бел сандак мојата Лина. Гледаш зошто толку се радувам. Денес од светилникот си ја видов целата татковина... Ме разбираш ли човеку, астиноме? На, напиј се за душа! Остави ја политиката...

- Не зборувајте така мистер Лем. Ќе бидете приморани на...

- Не ми викајте, Лем, туку Лабро Бочкаровски! Јас сум син на Циљо и Веса, внук на дедо Крсто војводата! Роден сум ете туму, во ќошот на урнатините. Присилно иселен! Не сум бегалец па да ми е срам да се вратам, туку изгонет.

Вашите документи, мистер Лем. И ви забранувам да зборувате на славофонскиот јазик. Вие за нас не постоите.

- Немам документи. Ги закопав во темелите. Јас дојдов да умрам на својата земја.

- Тоа не може! Ние ќе треба жив да ве извадиме од нашата Хелада. Не заборавај, ти си Американец, мистер Лем.

- Но јас, господине, таму цел живот работев, само за да го изградам овој светилник и тоа ми причинува големо задоволство да умрам на своето парче земја. Мое човечко право е каде ќе го положам мојот живот...

- Вие уште си земате за право да го наречете светилник?...

- Да, господине, оти досега најтешко ми беше кога требаше да се крстам на туѓи светилници. Не заборавајте! И ние имаме светли ликови. Сакаш да ти набројам? Јас веќе им го одредив местото тука на сите нив. Што мислиш, зарем тие малку сторија за својот народ. Тие и во народот веруваа... и ние имаме светци, господине, родени од нашиот народ, а што лошо сторив јас, само им оддадов почит пред да умрам тоа е човечка должност и наша традиција. Не ме донесоа овде никакви ветрови, туку- срцето...

Вие, значи, се разбирате и во револуција? Вие знаете што ве очекува мистер Лем?

Обајцата стоеја еден спроти друг лице в лице.

- Господине, нашиот народ вели: подобро е да умреш убиен, отколку смртно исплашен. Во мојата земја, сепак, гробот е најсигурно место против мојата судбина…

- Аха, така значи, стари!

Зад нив Ването на Дурови и синот на куцата Кираца ги триеја рацете.

- Пљусни го, кирие астиноме, оти тој ги наврти селаните, да му ја застишат оваа бела лепа к'ашта!

Ете, од тука натаму се одвива историјата на Лабро Линин, сета мака, сета жед за справедливоста, сите страдања на неговите предци, се чинеше се сплотиле во него. Во достоинствен изблик на гордост, облечен во бела руба, Лабро ги крена кон небото растреперените раце и се самозапали.

Гореше без да падне и така го предаде својот живот на саканата земја.

## ИСПОВЕД

Тој ден Добрин Сувогорски бесцелно делничеше низ градот и така реши да се врати кај родителите во Лерин.

Чиниш небаре олеснат од грижите стоеше на перонот број еден, чекаше долго, биен од сувиот морски ветар, стискајќи ја дипломата што пред една година ја доби од Академијата во Солун, со титула-даскал по грчки јазик. Влезе во вагонот, што беше поделен на две класи, и седна покрај прозорот со желба да гледа во насоката на патувањето. Сувогорски долго шеташе од град во град низ Елада да најде работа, сега се враќаше во татковиот старински крај и се му стана милосно и ветерот што дуваше, и просторот ширен и едноличен, газен од секого. И, чиниш, гледаше збунето како со туѓи очи, му се пристори се е во овој крај така како секој да носи невесела туѓа душа. Во втората класа од вагонот повеќето од патниците се стискаа еден до друг и положбата ги тераше некои од нив да преминат во првата класа. Наспроти Добрина седна триесетрипе-тотгодишен маж со нашиени медали и значки на излитеното шајачко војничко каќи платно и низ заби ја искажа својата решеност: “Од тука ни царот не ќе може да ме пресели...”

Човекот несмасно го отпушти уморното тело за да седне, но така се расклати, што наобесените медали зaѕвецкаа, па на некои од патниците им се пристори дека маневрира поставената композиција. Во тој миг од спротивната страна се јави еден плеќест силен селанец со продорен поглед:

- Еј, ти! Уште ли ќе ги носиш тие кралски мангари, кога во оваа земја не остана ни крал ни власт. Сега мочај се на нив...

Кај Добрина се јави блага скриена насмевка, но кај повеќето зајадливо - кикотење.

- Се знае луѓе! Отсекогаш овците носат ѕвонци, а луѓето медали, но сега пријателе мој се носи црвена петокрака или кукаст крст, а ти си ги наобесил медалите од исплашениот цар. Еве ти го во Каиро, а народот тука... но, слушај пријателе!

Само ако им се пикнеш под нос на некој Прус, ќе ти ги скини како презреани сливи... - му зборуваше плеќестиот селанец.

- Јас нив ги заслужив, се борев против Германците кога во оваа земја имаше цар и војска - му одговори налутено Манолис Ладас, подредувајќи ги медалите на левата страна од градите.

- Ех, мој човеку, сега е четириесет и првата и слушај што велат црвените: сега треба да се бориме против Германците, а по победата ќе напрајме комунизам, па тогаш ќе ги фрлиш сосе палто, оти тогаш човекот не треба да се разликува еден од друг... - пак поучно го советуваше плеќестиот селанец.

Ха, ха а а а а, ти ли си тој!? - се закикоти вчудено Вангелица од јавната куќа “Ерос”, која беше тргнала до соседниот град со намера како менаџер да собере млади пријателки, оти таа и сите како неа си ја чувствуваа истрошената снага пред надојдените фрицови.

- Јас овој миличок, така нагизден го видов вчера пред вратата на “Ерос” ликсуреше, немаше да плати... - кикотејќи се им објаснуваше на патниците.

Ти додека фрицовите не беа, многу добро ме познаваше, но тебе што да ти објаснувам, госпоѓице Вангелица. Ти треба да знаеш едно: твојата денешна слава е всушност погребот на твојата среќа...

Возот одамна го беше оставил Солун:минаа неколку часа пат, Сувогорски седеше крај прозорецот, тој ги препознаваше местата, станиците беа полни со питачи, гладни децата зјапаа по вагоните, распаѓаше голема Елада, а истото му го потврдуваше и човекот со ордените. Тој гледајќи во мирното лица на Сувогорски, милосливо му рече:

- Ти си кроток и умен човек. Јас Манолис Ладас, капетан на кралската војска и син на колонист во овој ваш крај.

Ти си по ликот од домородците (ендопии) ќе ме разбереш, носам болка. Гледаш уште ја носам оваа облека која може да ме

грди, но јас ја носам за да го пцујат тој што ми ја додели облеката и судбината... Оти кога ќе се сетам на минатото, небаре ми навраќа среќата. Татко ми, ми се јавува на сон необричен, ненаспан и слаб, со очите матни, а образите и челото секогаш набрани. Но, секоја негова насмевка го прави толку човечен и нежен, чиниш во светот е само тој, единствен што носи толку големо срце. Во грбот премногу свиткан и везден кашличав талка, се витка, среќен е, се движи. Го сонувам понекогаш, така стутулен во големото палто, како го обзема и му прострујува низ снагата радост кога не гледаше нас децата како брзо растеме низ калдрмата полугладни. Беше чесен и пожртвуван човек, готов да се зафати за секое добро дело, но пак сега на јаве, кога стана распашан и префинет егоист кој, го сакаше своето уживање, ми ги помрачува мислте.

Се срамам, господине!... Ѓавол знае што се случува со нас луѓето, што не тера да чувствуваме омраза, кога ќе ни речат: во нив тече друга крв, или... Татко ми своето добро го гледаше во туѓото зло... Тој не знаеше, дека навредувајќи ги другите, не се заштитува самиот...

Плукна налутено на подот и му се виде потемнетиот јазик од виното. На Сувогорски му се пристори дека тој повеќе не ќе прозбори. Ветерот од подотворениот прозорец ѕунеше и му ја брануваше косата. Манолис климна со главата и продолжи.

- На неколкумина, како и на татко ми, всушност им ја потикнаа желбата да ја побараат среќата во овој ваш крај, во оваа земја, за која ние Грците имаме, само маглести поимови, здобиени од многуте приказни за Александар Велики, а за вас Славјаните ни велеа дека сте варвари и лоши луѓе. Чуден е овој свет... Политика, политика, господине! Но само слабиот се сака самиот себе, силниот во своето срце носи цели нации... Во оваа земја на питоми луѓе, на татко ми требаше мислите да му се очовечат, а нему повеќе му се здивеа, а тоа зависи од што? А, господине, што мислите, од што?...Татко ми ми велеше: “Ако умрам, ти продолжи понатаму. Ете ти живот, ете ти власт...” Ете какво наследство сакаше да ми остави. Јас сум учител, Манолис Ладас. Приказната е семејна тајна. Татко ми ја носеше и ја проживеа. Јас требаше да ја наследам. Клетвата ја

подржуваше и законот. На луѓето можеше да им се дели среќа и да им се одземе. Но, знаете, господине, еден ден неговата среќа се замори да го носи на плеќи и го отркала, како вас и мене, господине - ја ничкоса главата.

Сувогорски го гледаше Манолиса, така потонат во мислите, но гледаше во него додека полека почна да се одмотува насобраната тага и бараше излив да раскажува за се она што му било живот...

Татко му, стариот Ладас, на почетокот мислел да остане неколку години и кога доволно ќе се збогати, можеби, ќе заборави да се врати во родниот Епир, нема да го подјадува некаква носталгија за родниот дом. Тоа било по одењето на Турците, кога Македонија во тринаесетата ја поделија на неколку господари. Тогаш, го повика власта стариот Ладас за да го направи чиновник. Тој, едноставно, се согласи да го почувствува вкусот на богатството, да заборави на тој мачен живот кој во зимно време, речиси, непрестано спиеше во колибата, ископана во подножјето на Мургана. Тој ја чуваше својата слаба сила, а неговата жена Мелпомена лежеше со него под една покривка;и таа се грееше и дремеше во долгите зими, за да јаде помалку. Го назначија за власник и му се допаѓало тоа. Верувал дека ќе проживее добро, безгрижно.

Човекот што го донел и им го преставил на селаните, немал влакно на лицето, ќосе со црножолта боја и длабоки брчки, а очите му биле мали, врапчести, црни, искрести и полни со омраза. Тој бил од новата власт. За него Ладас претставувал обична суровица, но тоа му годело зашто можел од него да направи послушен чиновник, кој ќе може да ја води книгата на родените и други работи што ги наложуваше власта.

Првата грешка што ја направил Ладас, по завршувањето на курсот за мини дипломатска обука, била на интимниот ручек, кога сакал да го изнесе својот поглед на работите, имено, дека овдешните луѓе се добродушни и не верува дека имаат лоши намери. Станал на нозе, оти чувствувал дека во таа положба ќе бите поавторитетен. Татко ми во нашиот роден Епир беше потиштен и очаен велеше:

“Живееме заради тоа што го чекаме редот на умирањето...”

Но тој се измени. Сега, можеше да казнува и да простува и во името на положбата му е полесно да ги искаже своите мисли.

Ја отвори устата да каже нешто, но човекот од власта го погледнал со намуртенни веѓи и Ладас си го голтнал јазикот.

Човекот од власта го искарал, а Ладас, како кученце што лизнало на недозволено, почнал да се гали.

“Треба да имате на ум, господине Ладас, дека во нив тече друга крви, уште, нешто... Многу е лошо да се биде самоуверен. Тоа ти е исто како и да си го загорчуваш животот со некакви ситници. На змијата треба да се столчи главата, телото остави го, нека прета. Ти Ладас, како политичар, треба да имаш дебела кожа и дебел стомак...”

Ладас, гледајќи го в очи климнал со главата и стоел пред него, како човек што ќе се погрижи сето тоа да го запомни.

Имено, сфатил дека претставникот на власта треба да умее да мрази и да постапува со инстиктивна дипломатија... Но за него, за Ладас, беше уверен во тоа, требаше да се владее споредученоста, а силата и волјата човек треба сам да ги има.

Затоа, имено падна во очај. И тогаш неговата празна глава најмногу собра. Потонат во своите мисли, чиниш небаре се померил од умот, со денови живееше побегнат од себе си и мрмореше: Ладасе, ти не си сам, сите од власта се такви.

Таков ти е животот, само така ќе го почувствувавш вкусот на богатството, ако си суров и безобразен со нив. Ти забораваш дека славата и мирот не можат заедно да постојат. Да, да. Да се живее, значи да се провлекуваш низ капки пот си размислуваше Ладас. Тоа е вечна мудрост. Сето друго ти е лакрдија, измама! Стапица. Ќе го повлечат за јазик, па ќе се истрча ох, да не даде господ. Се вгнездил во него страв некој да не му ги прочита мислите... Колебливост? Треба ли да оди понатаму осамен?...

Но, наеднаш му стана слатко што е толку итар, мудар, да владее... и помисли дека овој е најкраток пат до благосостојбата. Тој ништо не беше до вчера, како што вели господинот од власта, а сега целата власт се крие зад него?

Доби униформа и како да стана генерал кој треба да гледа со туѓи очи, од рацете му се изгубија последните плускавици. Се гоеше и наскоро му се обеси шкембето како на кобила.

Два-три предни заба ги немаше, друга мана немаше, но кога зборуваше д'ткаше. Особено кога го читаше својот пенегирик кој имаше за цел - борба против славјанизмот. Но се обидуваше да парафразира, го губеше редоследот и чувствуваше некаков паралогизам, тогаш налутено ќе удреше со туаницата и ќе речеше: “Ете, така, како што прочитав во напишаното! И како што пишува во ова писмо...”

Манолис беше малечок кога дојде и се сретна со децата со кои што Учеше во иста клупа. Тие беа весели и добри. Го сакаа. Растеше со нив. Им го научи јазико и многубројнире обичаи. Зборуваше на нивниот јазик за што, татко му го мразеше, го забрануваше и луѓето ги казнуваше. Со години си ја менуваа гумата и моливот со Бисера Руменова, со која седеше во иста клупа. Колку растеше, толку повеќе во него се формираше она слободното, духовното, кое едноставно, вистинско, единствено, силно, вечно. Можеби оттогаш се зачна љубовта. Бисера израсна во стројна и убава мома. Манолис и тој веќе е свесен за се. Татко му, по неколкугодишната репутација, можеше да стори за него се. Стариот Ладас се погрижи да го испрати синот на државен трошок да учи за учител. Тоа му успеа. Староседелците тоа право го немаа. Тие немаа киноника фронимата(општествени убедувања) или требаше некој да биде гркоман до коска.

Манолис така еден ден од тие деца се оддели со тажно срце. На испраќањето беше и Бисера. Тој сакаше нешто да каже, но не се воздржа и поцрвене. Во Атина не беше задоволен. Подготвуваше испити и живееше од специјалниот додаток на државата. Сега многу пати доаѓаше во судир со својот татко. Стариот Ладас без вина обвинува...

- Вие сте среќен човек и затоа, господине не можете да ја сфатите туѓата болка. Каков подлец беше мојот татко кон овие луѓе, кому му служеше, вие сте наивни и добродушни луѓе, не знаете ниту ќе ја узнаете нашата семејна тајна, а што мислите, зарем татко ми ја измисли оваа дискриминација?

Тој не беше способен, господине, за толку да му проработи умот, но тој успеа да ми ја забранува љубовта со Бисера. Можеби и заради Бисера ме испрати толку далеку. Но јас пишував...

Манолис си ја припомнуваше последната пролет, со цутот на јоргованите цутеше и се разгоруваше љубовта меѓу нив. По завршувањето на првата и втората година, не му дадоа да се врати. Бисера го чекаше. Кога се сретнаа Манолис од нејзината убавина беше обземен, понесен од чувствотто дека ќе има убава и кротка жена. Тој мислеше дека нема потреба да и објаснува ништо, но таа му рече:

- Манолисе, не ме сакаат твоите. Манолис се возбуди.

Прегрнувајќи ја со чувство на вина: -Јас те сакам. Јас барам за жена која мене ми се допаѓа, а не на другите...

Радоста и го исполни срцето, но одговорот не можеше да излезе од нејзиното стегнато грло. Ја обзеде некакво чувство на неизвесност и солзите ги остави слободно да течат, како да можеа да ја ублажат скорупкавената тишина на вечерата.

Нејзиното срце беше возбудено, лебдеше како пламен нивната љубов. Со русата глава, со исплаканите очи и со својата везена кошула, таа личеше на некаква ранета птица. Кога стивна Бисера, Манолис продолжи да ја шепоти својата љубов. И никогаш не говорел толку, можеби заради тоа што не знаеше дека се сомнева во нивната љубов. Му идеше да колни, говореше, а солзите му наидуваа на очите и срцето радосно му чукаше. Тој забележа дека Бисера со своето кревко тело се припи во него и само малку една насмевка и ја отвори устата,

затреперувајќи се кренаа трепките. Полека, уште плашливо, но во бескрајна доверба...

- И, така, јас заминав, а таа остана без ништо... само реков:-Роди го, ќе има и за него радост.

Се вратив во Атина да дипломирам, а татко ми се погрижи да разговара со одговорните и ги молеше веднаш да ме повикаат во војска. Тој поаѓаше од тоа дека секоја љубов си има свое време...

Манолис ги впери очите во Сувогорски и чиниш заедно потонаа во сопствените мисли. Сувогорски се потсети на своето детство, на довчерашното, кога неговата мајка и татко ми го посетуваа во Солун со полни шарени торби и ведри лица, облечени во најубавиот македонски вез. Го чекаа пред влезот, а тој се срамеше да ги прими, да не разберат дека е од такви родители (ендопии ), не сакаше никој да му го знае коренот, тоа го знаеше само неговиот учител кој по долго воспитување го имаше преродено како човек кој се одвоил од оние кои имаат намалена елинска свест и дека тој ќе биде столб во својот крај за елинизацијата на домородците. Сувогорски се присети како ги има грдено своите родители, зашто да бидат со славјанска крв, ги презираше, ги исмејуваше нивните изговори што не му звучеа така природно...

Така се исповедуваше самиот на себеси и ужасно му се нижеа спомените, му навираа болки од длабината на душата и му се пристори дека никогаш не ќе може да се излекува. “Го сакав она што него познавав. Човек од своите постапки може да се открие себеси”. Сувогорски му упати поглед на Манолиса и го замрази оти му ја откри оваа вистина. “Да, ништо не навредува толку, колку неправдата проеследена со политика”. Лошите зборови што им ги упатуваше на своите родители, сега му ликуваа на фрлена и зашушена кал, па сега посака брзо да им ја избрише. Тој напати сакаше да излезе од возот и да тргне пеш, го обземаше страв да не го издаде верата.

Родниот крај и мајка му што одамна му беа изгубени од предочи, сега посака да ги врати во своето срце. Сувогорски се

присети на зборовите од мајка си: “Оди, нека ти бидат татко и мајка туѓинците, но колку далеку и да одиш, ти си наш род, коренот ти е тука, му припаѓаш на овој наш народ и интересирај се за мртвите генерации; тоа е единствен начин да бидеш милостен кон нас живите и да имаш помалку тешкотии за да ја разбереш нашата историја, нашата македонска несреќа...” Сега неговото осознавање го мачеше толку што во последно време не спиеше по цели ноќи, барајќи начин да се извини пред својата родна мајка, оти сега во елинизирањето гледаше решение дека војната му донесе други видувања, тој се вклучи во прогресивната организација на народното движење и таму му предложија да биде претставник од неговиот народ што до вчера го ценеше за прост и заостанат, но сега бара слобода и ги истакнува неговите предци, а тоа полека почна да го посакува Сувогорски, но тој уште во душата ја носеше измамата како замирисана кожа и понекогаш толку го мачеше дури му ја гаснеше животната радост, но тој сега призна пред себеси: “Никој не е несреќен без своја вина и само во своите дела човекот може да се открие себе и за тоа вистиски тагува само оној кој тагува без сведок...”

Возот бавно се движеше низ станичните сигнали на Воден кон бујните полиња на Лерин. Си ја припомна Цвета Костенчева, која бескрајно беше вљубена во него и страдаше.

Посака да има голема китка цвеќе, така чиниш без намера, туку ете можеби и сега Цвета би го примила таквиот задоцнет цвет.

Посака тоа да го стори за да се ослободи од стегите на вознемиреноста и од тоа што тој за сето време во Солун не успеа да има своја девојка. И така размислуваше: “Утре, или задутре, ќе почнам ли вистински да живеам...”, но сега остануваше со желба барем денес возот нека пристигне кога ќе падне мракот...

- Човекот по смртта го остава името, а мачката кожата - приседнувајќи удобно болно изговори Манолис. Така и стана. А во тие години се изменија доста работи, но знаеше веќе цело село. Татко ми беше подјадуван од некаков бес, обземен од мислите како да го ископачи семејството Руменови за да не

дојде до сросдво. Не помина време, Ристо Руменов беше накажан и испратен на заточение, и таму измачуван умре.

- Да, господине, доволно проживеав за да ја видам разликата што меѓу луѓето раѓа омраза, а таа всушност ја нема... - потврдно рече Манолис.

Во тоа време, војната почна да беснее. За сите стана тешко. Но посебно за семејството Ладас што немаше никаков корен. Како и порано змјата ги хранеше селаните, Ладас сега се засолнуваше на пазарот, јадеше по нешто што остануваше на земјата и питаше од луѓето и така тој и неговото семејство еден ден кога веќе немаа што да јадат, си заминаа за Епир, но на тој долг пат под пазувите на планината Змољака на жена си Мелпомени рекол: "И ти затвори ги очите и не гледај ме мене, така поскоро ќе умреме. Тука се боговите на дофатот, зашто попусто да гледаме нема што да се види, се видовме веќе..." Си умре со мислите Што го мачеа повеќе од гладот.

Војната заврши и луѓето се прибраа. Манолис не знаеше ништо, мечтаеше по толку години за таквата средба. Ја носеше во мислите Бисера, а гореше од љубов. Но кога стигна во селото, никој не го позна. Руменовата куќа беше празна. Го пречека само стариот Неделко со рундавата глава.

- Па, ти, што бараш уште! Татко ти не сотре! Зар и ти?!... сакаш да го наследиш? Бисера се фрли од карпите, не знаеше ли?

Манолис ја симна шапката, го избриша лицето со басменото шамиче и молчеше.

- Ние одамна ја загубивме слободата и немаме никаква власт- продолжи да зборува стариот Неделко.

- Разбра, господине Ладас. Но затоа нашите обичаи се посилни од вашите закони. На Бисера направивме торжествен закоп. Сите пеевме и го игравме тешкото. Кога се роди детулето, татко ти велеше курво! Ја грдеше... Ти, што мислиш, таква беше Бисера?-потстанувајќи налутено.

- Мајка, таа се дамлоса. Ете ти празна куќа... човек, кога ќе се сретне со луѓе, треба и самиот да се очовечи, господине Ладасе!...

Манолис успеа да побара некакво оправдување и утешно изусти:-Времињата беа такви. Стариот уште поналутено му рече: - Не се лоши времињата, туку луѓето.

Добриот човек може да се срамува и пред куче, а татко ти?...

- А детето, - го прекинав. Тогаш се вмеша во разговорот и едно малечко.

- Сирачето го барате?

- Д а, него - реков.

- Дојдете. Еј ти, го виде ли Грчето?-извика детето.

- Дојдете, господине...

Тргнав по сурија деца кои одејќи се распрашуваа каде е пикнато.

- Еве го чичко, еве го... Останав стаписан. Се гледавме во очи, чиниш во тој миг го баравме виновникот што ни ја заветува оваа несреќа, како наследство. Не успеав да го прашам: "Каде е мајка ти?" побегна потресено од мене.

Наумив да се убијам, но си велам зар ќе се излекувам само со смртта. Не се обидов да го стигнам, и така веќе го имав изгубено... Се вратив, скитав во мојот Епир, по нов живот, но ме убиваат мислите по него. Си велам, Манолисе: "Човекот никогаш не треба да престане да се надева, тоа ќе те засака..." Сакам да ја преземам сета вина и, ете, надежта ме носи во некаков рај и никој не може од таму да ме оттргне, господине, па за тоа повторно се враќам да го барам, ме убива пресилниот збор што сакам да ми рече-ТАТКО.

**ЧОВЕК**

Дали си спомнуваш? Тоа беше одамна... Ех, пуста наша земјо, кога ќе си припомнам, чинам го гледам тој огромен старец Ристо Дорин. Тој горпоходник со бела коса и со космати гради, со опинци извалкани со свежа кал, со челото половина бело што му го покриваше шубарата, а другото како угар опалено од сонцето, а сето лице - модро како шајак.

Висеше неколку дена и јата црни птици слетуваа и излетуваа кога се одмотуваше ортомата, а тие проклети, гракаа, вјасаа која ќе испие повеќе од истечените очи на Ристо Дорин, што беше обесен за пример, оти луѓето од тој крај требало еднаш да разберат...

Тоа беше едно утро кога стигна во мугрите капетаниос Статис со својата чета, прочуено јако мажиште, со добро врзана коска. Беше пуштил брада, а на појасот постојано му висеа ту пиштоли, ту ножеви и што да извади, мори, пуста болко, од нивното гнездо, неиспробано на човек, така суво не го враќаше во тој убав колув,* чиниш закон си има требало да лизни од крвта на жртвата, синки ете, сака да види каков е вкусот на крвта. Но тоа го чинел, за подоцна да не го фаќа крвта, кога пак ќе треба...

Леле луѓе, колку беше суров разумот на тој капетаниос Статис, кој беше дојден со задача да стави крај..., да ги потресе малку луѓето, да помогне на тој одамна почнат процес, оти луѓето од тој крај на Елада, мошне беа чудни, тврдоглави, па дури и се бунтуваа против законите на светото кралство.

Си постави ред и метод тој капетаниос што дојде да служи во овие “специјални единици”; и беше многу психолошки расположен и како треба да постапува со овие луѓе, кои тешко и со години не ја разбираат таа генерална линија, таа сабја што фучи над нивните глави, тие бесилки што се нишаат од здивот на болката и од крикот на ужасот.

Спокојно, во пазувите на ноќта, како од памтивека, успиено си беше селото под легендарната планина Вич, но тоа утро го

разбудија силните тресоци на минофрлачи и рафали, кои трештеа по сокаците како злобни јазици.

Дури и пците не залааја. Необично им стана и ним и на се живо што имаше слух во долината. Тоа потра долго. Потоа силно и брзо, исто како рафали ја разигра нечија рака црковната камбана, а еден нечист потресен глас викаше:

“Внимание, внимание! Чујте, почујте, селани! Сите од лулка до најстар да се собереме пред црквата. Не задржувајте се, оти кој ќе се најде по пет минути ќе се смета за бандит.” Неколку пати се повторуваше овој повик. И така, во сонливата зора, се точеа луѓето итајќи по сокаците, поштукнати, што побрзо да стигнат пред црквата, пред ѕидините, темелисани уште од Самоиловците, а сега нивните крупни испишани камења, грчките власти кога ја преѕидаа ги ставија од внатрешната страна за да не се гледаат. Тоа беа слики делкани со голема болка, како застануваат пред усвитениот меч неустрашивите војници. Како тој, еден со едно око ги води, а тие, слепите се водат болно и тешко, чекорат до своето родно место, а сега нивните потомци клечат пред ѕидините, пред наличените митралези, под камшикот на времето, изложени на психолошката постапка од тој капетаниос Статис, што нестрпливо погледнуваше на часовникот и страшно беше лут, зашто така се влечкаат по улиците тие изглуждени старци, тие мајки што го заплатуваа плачот на доенчињата на своите гради, таа сува кашлица што ја параше тишината... Луѓето чекореа со тој ропски од што води можеби во смрт, до суровиот поглед на капетаниосот.

Чекореа со таа грозна мисла, кога на моменти е толку силна, што може и да му го подјади умот на човека; како ќе одговорат на јазик што не го знаат, а за тоа се плаќа со крв и секој одеше со надеж “можеби мене нема да ме праша...”

А, тој капетаниос Статис, дотеран со тие ширити вооружан до заби, пјафка цигара, така спокојно, чиниш, пред него проаѓа победена војска. Но што е вистина вистина е; имаше голема заслуга за редот што го постави во овој крај, оти со најголема совест ги исполнуваше сите кралски закони, а не е туку - така

лесно да се излезе на крај со овие "Охраните" од северниот дел на земјата. Но тој знаеше дека ќе биде награден и унапреден во мајор, па...

Нареди да се направи "тунелот на смртта", оти така го викаа селаните. Жандарите застануваа во два реда, еден спроти друг, а меѓу нив поминуваа луѓето кои често го зачепуваа импровизираниот тунел. Но, Статис знаеше тоа лесно да го реши со тоа што двете редици се повлекуваа во насоката накај луѓето што доаѓаа кон тунелот, а тој викаше по тие што маваа:

Бидете немилосрдни, никаква сентименталност, ни кон стар, ниту кон оние со недоврзана коска, оти и забрадените жени не знаете какви се потајни "Амазонки".

Откако сите ќе минеа, се вртеше извиднички, небаре лесно му се крева возбудата во градите...

- Сакам да ве прашам, господа! - им се обрати иронично. Има ли некој да е роден од мајка Гркинка? - Чекаше и остануваше потонат во тој општ молк и офкања.

- Зборувајте! Варвари!... Бандити!... и со камшикот одмеруваше по луѓето.

- Ете, ти! Како се викаш?

- Божин, господине, а во митрото ваше (книга на родените) Теофилос.

- Скасе! Славомутро!* Фаланга, земето го и додека издржи...

- А, ти стара гулабице.

- Невена, бабино.

- Како, како? Нели ти дале грчко име?

- Што вели бре луѓе? - праша старицата, а тој веќе ја дочека по штрбавите заби и бабичката заборави на стравот, кога падна како неврзан сноп.

Но за фалангата тоа е совршен метод. Со една ортома врзана во круг му се протнува на човека вратот и нозете до потколена, така што човек убаво ги држи нозете нагоре и на грбот си стои, и многу психолошки беше да гледаат другите кога палките и кундаците паѓаат како град над човековите табани. И, што е најважно, оние од фалангата, си ја вршеа убаво работата.

Тој, капетаниос Статис, гледај пак ќе спомнам, одеше од пребиен на претепан и милосливо го прашуваше:

- Кажи човеку, каде се бандитите? Им помагаш? Имаш ли пушка? Зошто не кажеш? Сам гледаш како се мачиш...

Многу мека душа имаше, таму да му е табиетот, додека ќе го фатеше крвта, а потоа леле, Митре, леле Митре, која мајка те роди, ќе те натераше црното да го побелиш со сопствените солзи.

По тепањето некои се губеа, ама што ќе тие е пребиениот кога ништо не разбира, но тие, фалангитите, си ја знаеја работата, ќе го оживееја човека со ведро ладна вода, тоа било народен лек, а потоа му ја доближуваа црната револверска цевка над слепоочниците, ами сега Митре? Побрзо умираа тие што гледаа, отколку претепаните.

Арно ама, татко беше тој Ристо Дорин, кој не издржа и од купот старци се спушти да му ја фати цевката, а потоа веднаш се прекина со фалангата додека не го суредија Ристо Дорин, а капетаниос Статис лично се ангажира со краток говор:

- Во името на законот, во чест на кралот, во самоодбрана на војничкиот образ и чест, наредувам да се обеси овој потаен бандит...

По ова се распушти собирот, со тоа што неколку “потајни”, кои можат во секој момент за државата да бидат опасни, беа

избрани за островот Лерос, а стражарите на законот си нарачаа да им се приготви ручок под дебелата сенка, каде што веќе неколку селани вртеа на ражен планински јагниња. Убаво. Утре во друго село. Корештата е голема. Тоа е сега царството на капетаниос Статис, тој е тука, престолнината му е во убава бела наместена селска куќа.

Арно ама, тие тепаните, веќе капетаниос Статис не ги гледа и се помалку остануваат во царството. Статис размислуваше и се прашуваше за своето царство; дали тоа ќе биде толку моќно да ги сотре овие варвари, што претставуваат товар на државата. Капна додека се излезе на крај со сите овие охранити. Но, еден ден како и денденес, се прочуја гласови во селата дека нашите го фатиле Статис. Во четата кога го донесле тој бурандар Статис, му го претстави на командирот:

- Еве го капетаниос Статис, командире, тој што искла се. Што ги изгоре нашите села, што ја намачи нашата земја...

Командирот го погледна убаво со некаква гордост и го праша:

- Имаш семејство?

- Имам - му одговори трпеливо.

- Сакаш да живееш, капетане Статис?

- Да, командире, да, јас...

- Познато ми е, капетане, дека човекот без оглед какво зло да стори, секогаш ќе најде оправдание за своето злосторство. И нареди:

- Пуштете го на слобода!

Ние сите се зачудивме.

- Каква слобода, командире! - рече едно момче, на кое семејството му го изгореа во сопствената куќа.

- На слобода! - викна командирот и му се обрати: -

Момче! Душата не се победува само со оружје, туку со човечност...

Оденаш тој, бурандарот Статис, стана не можејќи да се прибере со умот. “Како тоа? Зар ова вистина го вели овој човек, на кого му уништив се”. Се погледнуваше во рацете, чиниш ги тресе од свежа крв. Ја чувствуваше многу извалканата душа, извалканите раце...

И кога го напуштивме, остана сам. Гледаше во небото, небаре се собрале околу него жртвите што ги имаше заклано со страст. Не можеше да зачекори. Покрупните камења му се присторија наседнати луѓе што во нив замолкнува плачот по остриот бодеж, оти само така мислеше да го поништи тоа семе.

“Не, не тука е гола земја, не се во круг оние што ги заклав, но...”

И така, одеднаш, зачекори, се увери дека е земја и дека не гази во некаква крв. Се присети, ги потклоцнуваше жртвите да не останел некој жив.

Сега за него кој има, кога веќе го изгуби името човек.

Неговите мисли се прекршуваа низ главата, вјасаа да најдат пат, да најдат одговор:
Зошто јас на слобода? Оти да не бара од мене одмазда? Тоа е машкост, за еден командир, за еден човек кому му исклав се: татко му, мајка му, жена му и двете деца. Оти јас на слобода? Кој сум јас?... Зачекори некако несигурно и пак се запраша: “Јас треба да одам кај моето семејство, кое ме чека да се вратам, по оваа војна... Кај моите деца. Еве, војната завршува, кај ќе го најде командирот своето семејство?... а каде? Кај ќе ги најдат сите тие луѓе што бегаат од оваа земја...

Со каква страст ги колев. Зошто, зошто?” Се присети кога пукаше во една лулка, во која детето се смееше и му ги подаваше рачињата, а потоа трчаше по мајка му, а таа се фрли

од прозорецот, тој застана озгора насмеан и нишанеше во беспомошната мајка.

“Кој ме натера? Кому му служев, чии се тие интереси, та овој народ е должен така да страда? Да, човекот, ретко кога е сам сторител на своите зла... Но, зар само јас сум виновен? А наредбите?...”

Одеше полека и така одеднаш се сврте и извика:

- Човеку! Каде ќе одиш?

- Оди си, оди си. Ти си на слобода и ако можеш живеј со злото...

Викавме сите по него. Застана над една карпа и ни се обрати:

- Луѓе! Благословен да ви е родот... Вие го задржавте името човек! Колкава човечност, колкава душа носеле овие луѓе. Ете, сега се гледаат кога се силни, кога и тие можат да убиваат... А јас?!... Кому му е потребна ваква слобода...

Се загледа во долината... Му се стори дека во пресрет му доаѓаат сите жртви... и ете, гледа како му пристапува огромно човечиште од чија уста избива незапирливо кркорење, гледа запалени куќи во пламен, живи изгорени луѓе викаат и му ги подаваат цурувкосаните раце.

Почна да трча избезумен кон карпите и се струполи... а по малку нагрвалија проклетите птици...

## ПРЕКАРИТЕ НА ЈОНЕ БУКОВАЛОВ

Бог нека им даде на сите. Сега веќе сум стар.

Богатство не направив, но ни зло. Имам два сина, городомници. И тие сега го носат прекарот - "Метачи". Така ги викаат во градот. На целото семејство таков ни беше прекарот: стариот метач, метачката, а синовите прекарот го наследија од нас, родителите. Ќе изумев, имавме и куче кое се по нас клинкаше.

Кога живеевме на село имавме прекар - "Бишкари".

Ги пасевме селските бишки и затоа така не викаа. Голема мака видов од тој пуст прекар додека дасе се оженам, зашто секоја одбегнуваше да земе за маж бишкар. Само на мојата Крстана и леташе умот и не размислуваше дека ќе си го добие прекарот бишкарка, како трн се закачи за мене. И не згреши, набргу навикна на прекарот и се согласи заедно да ги пасеме бишките, за корка леб.

Тогаш убаво си поминавме. Јадало и пијало секогаш имавме. Селаните по душа беа добри, ни полнеа по мисур-два од се што имаа, а згора на тоа и парче сланина. Така ги израснавме и децата, бели и цврсти, а и ние докрај си го зачувавме здравјето. И облекувало имавме, од се по нешто, стари износени и излитени рубишта, изгниени од пот, по мера на други, што ни ги даваа селаните и сега, кога си ги спомнувам, ги благословуваме.

Всушност тие не не истераа од селото, не ни ја откажаа работата, туку јас решив да одам в град, да работам нешто, што нема лош прекар. Си велам, ќе одам в град, таму има добри прекари. Повеќе ме јадеше јанѕа за децата. Сакав да им се загуби прекарот "бишкари". Што се тие виновни, сите да им викаат: "Ене го бишкарот..." или "Викни го бишкарот!", "Дај му на бишкарот..."

Јас и жена ми отрпнавме кога слушавме како велат:

“Дај му на бишкарот, или на бишкарката...”, а тоа го правеа за подобро да им ја напасеме свињата. Но, за децата срцето ми се параше, кога ќе слушнев нешто такво. Крстана ми е кротка, знае да преде, да плете, во што не и е рамен на никој, па затоа не е гајле за ништо, а и децата потпораснаа па ќе можат да помагаат.

Така јас еден ден решив да тргнам а нив ги оставив в село додека не се зафатам в град. Мечтаев да бидам: писмоносец, чувар на бањи, а неписемн човек сум. Туку да даде Бог да станам овчар, најмногу сакав. Ами, си велам, ако станам нешто во општината? Што ќе ми е кусо? И ете така, за среќа наша, станавме метачи. Па и велам, зарем овие писарчиња не сакаат да станат министри?

Кога за ова разбраа селаните, ми завидуваа:

“Бишкарот си го намести газот на државна работа” - велеа, штом бев примен како метач на главната улица во градот, по која поминуваа сите видни граѓани, и купувачите и продавачите, а навечер беше шеталиште за младите. Си ја вршев работата совесно. Од мене бараа да метам рано, уште в зори, да имало време да слегне прашината, пред да почне животот во новиот ден. Така и правев, па ме засакаа. Ме викаат “метач”, но си велам, сега барем не сум “бишкар”. Небаре ми се чинеше се препородив. Само се стрелушев, се ребрев од селаните да не почне некој да вика: Ене го Јоне бишкарот. Но, ништо такво не се случи. Во меѓувреме како што растеше градот, така се повеќе имаше ѓубре. Работа, колку сакаш.

Чувствував дека им сум потребен. Така, јас итро, прво си го донесов поголемиот син и нему му ги дадов споредните улици, а и го подучував.

Не мина долго време, на сам ден Први мај, ги свлечкав сите в град. Живеевме во една куќарка, без педа земја. При пописот, дури не нарекоа “Пролетери”. Јас уште толку се гордеев. Си велам: Море, Јоне, си направил таков скок - што ни трага не остана од прекарот “Бишкар”.

Еден ден Трифун чевларот ми рече: “Јоне, ние ја сочинуваме јатката на работничката класа, тоа арно да го знаеш...”, но јас му одобрував со глава, оти многу работи не знам, а тој со некаква гордост во името на партијата ми вели:

“Ти бре Јоне, навистина го сакаш Сталина... не туку-така неговиот лик си го тетовирал на твоите гради... Ех, мој Јоне ти барем знаеш дека тие луѓе имаат посебна кожа... Нели!

Отвори ја душата, ние сме си наши...” Потоа , Трифун сеедно ми се обраќаше со “другар Јоне”. Тој долго не можеше да дознае за моето минато, но кога виде дека сум тетовиран уште со српови, чекани и ѕвезди по лактите, ме предложи за член на месниот комитет. Така си живеевме со сите градски благодети, а метевме и по некои дворови, кај позакрпните, им ги светнавме дворовите.

Еден ден така си метам полека и слушам:

- Ти мори Капетанио! Сите други капетании станаа жени на мајори, па дури и на генерали. Само оној твојон, и ти заедно со него, остаревте капетанчиња...

Слушај, слушај Јоне, си велам. Ги чулам ушите.

- Ох, мори и ти имаш муцка... Клисарко! се фалеше дека ќе станеш попадија. Ќе ти се поклонувале луѓето. Хи, хи - и - и. Слушај оној твојон уште многу ќе му ги поткраднува литурите* на попот Арсо. Ти ќе си станела попадија?! Хи, хи, и
и. Ама попадија, туф, туф...

Јас си метам покроце и си размислувам, да беше овде мојата Крстана, ќе се исполнеше срцето. Ќе видеше дека сите јанѕа ги јаде од некаков прекар. Ете, ќе умрам од мака, што не ја пуштив денес да мете на оваа улица. Ја влечкам метлата да не грепка.

- За дваесет динари - и велам јас.

- Ама како за дваесет, еве ти четириесет динари и нека пукне капетанката! - насмеана ми вели жената, што ја викаа клисарка.

- И плочникот ќе ти го измијам за тие пари – покорно и велам јас.

- Ќе дојдете заедно со жена ти утре. Сите нека видат чија куќа мрсно јаде, кој може да плати слуги. И ручек ќе ви дадам... Жената почна дури да ме моли.

Одам јас со мојата Крстана и и раскажувам за се, а таа ме гледа смирено со кротки очи, со оросено чело од пот.

"Ете ни се дава можност да се запознаеме со видни луѓе во градов" - и велам, и гледам и се рашири насмевката и дојде некако мило од ова што го слуша. "Само, биди, биди внимателна" - и велам. Немој да го разврзиш јазикот пред нив, па да си го разголиш газот; да се расчуе низ градот дека сме биле бишкари. Не ти треба...

Чукнав на порта и слушам тропот на налани по плочките: тлак-тлук, тлак-тлук...

- Повелете! Повелете! - се чу радосен извик, небаре се пречекуваат некакви благородници. Крстана моја, целата се стопи до метлата, но јас бев тука. Без никакви подготовки, веднаш почнавме. Додека на соседниот балкон се појави капетанката која со ококорени очи ѕуреше во нас, а набргу, о Господи! Сите балкони се накитија со љубопитни нагиздени госпоѓи, влечејќи ги своите мажи да не гледаат.

Јас одвреме навреме фрлав по некое око на нив, а жена ми како мравка по плочките... ги трие, ги трие, просто ги лиже, а мене ми се стемни па сакав да ја опцујам. "Биди паметна, будалиште!..."

Ручек ни постави во бавчата, со сите згоди, а парите ни ги даде кога ѕиркаа најмногу жени од соседните балкони, броејќи ни по една, се до четириесет парички. Потоа бевме достоинствено испратени. Се заблагодаривме:

- Сполај ви - и со метлите на рамо излеговме.

Пред врата не дочека капетанката.

- Утре кај мене! Секому плаќам по 80 парички! – а ние ни збор.

- Кога можела една клисарка да плати 40 парички, што уште јаде туѓи пупчиња, зошто па јас...

И, ете така, убаво ни тргна работата. За цената не станувaше ни збор. Метевме сечии двор, но сакам да кажам за жената-капетанка, од добра-предобра, таа на мене тупете пантолони, навистина малку излитени, а на жена ми дури малку носен модерен фустан и толку им требаше на нашите деца да се бијат шега со нас. Оној помалиот ме нарече “капетан”, а на мајка си предложи од заработените пари да и купиме неколку зрна килибар за на гуша... Крстана ги благословуваше и така си го живеевме животот, без многу грижи за градските прекари. Секогаш поскраја од се, дури и да изгореше целиот свет, ние ништо...

Секогаш улицата ја почнувавме со метење од центарот кон излезот и ѓубрето си имаше свој тек: да се исфрла од градот. Арно ама, едно утро од центарот на градот цела толпа луѓе тргнаа кон излезот: пеат, кршат, а ние си метеме како секој ден и туку одеднаш ни се приближија. Јас неопитен, не чекајќи да одминат малку, туку веднаш продолжив со метењето и несвесно ја прифатив песната што ја пееја славениците и така си терам доста време, туркајќи го насобраното ѓубре. Си велам на враќање ќе им биде чисто, а граѓаните го сакаа тоа. Но градот од ден на ден се повеќе се загадуваше, а за нас станувaше се помачно. Нека си велам, сигурна ни е работата.

Наспроти мене гледам трчаат весели луѓе. “Да живеат Црвените! Да...” , викаа. Јас се уште мрморејќи ја песната застанав потпрен на метлата и им се радувам. Додека си ја тресев од себе прашината, гледам накај мене иде жена, разјарена, здивена и туку одеднаш ми ја зграбува метлата. Јас останав стаписан, кога погледнав одблизу ја препознав госпоѓата на милостивиот мој началник. Ја познавав онака кротка, кога доаѓаше кај него, нагиздена со свила, намирисана

толку многу, што моите синови ги оставаа метлите, дигајќи ги како прлиња кога ја намирисуваат мочката од кобила и и се подбиваа за многуте алки што и висеа на гушата и рацете.

- Хм - вели таа. - Јоне, бре, зарем и ти си со нив?...

- Зошто, милостива госпоѓо? Чисто е. Што не ви е по волја? А таа пак со сета лутина ми се топори.

- Значи така! Си знаел дека ќе дојдат Црвените, а си молчел... така во доверба ми рече.

По неа трчаат луѓе, како разулавени и ми велат:

- Удри! Удри со метлата. Удри, Јоне! По главата, по газот..., тие сега не ни можат ништо, доста ни ја цицаа крвта, не плаши се! Окупаторот веќе го нема... А, гледам жената, кротка и со сета снага се впи во мене, ама тие викаат:

- Удри, Јоне! Само така ќе ги ископачиме експлоататорите... Да живеат црвените!!! - Ечат гласови, додека јас стоев така како неразбуден од сето што се случува, думам и мрморам: “Море Јоне, да не дојде слободијата, па нема ниту еден германски војник”, а го немаше и началникот со залижаното перче.

Се насобра народ - прст и плева, отсекаде, а во автомобил го гледам Трифун Шиндевски како командува со разјарената толпа. Кога ме здогледа уште од далеку, слушам вика:

- Руски - и - и! Јоне! Фрли ја метлата и фати се со командување. Власта е во рацете на пролетеријатот...

Ете ти - си велам - нов прекар, со име од илегалата “Руски”, а времето топло, блика од мене пот. Ја раскопчувам кошулата и гледам сите се џарат во тетовираната слика на големиот водач - Сталин и сега не ги кријам градите, си велам нека личам на батушките што се бореа во четата на Чапаев. Но сега Трифун чевларот за мене е гениј, си припомнувам кога еден ден визионерски ми рече: Ние треба да се обединиме, ние сме пролетери, кои треба да ја градиме иднината... па ми

расправаше за марксизмот, за ленинизмот, ама тука и јас го надитрив, си велам: Ти, Јоне, си прост човек, прави си го тоа што го разбираш, што е едноставно и на видело и тогаш си ја пикнав сликата на човекот, генералисимус, под кожа...

Дојде времето за обнова, луѓето полни со ентузијазам, кротки, послушни, го ценат парчето леб, а се на купонче, ако му дадам, ќе има колку што сакам јас. Тогаш раководството се ценеше и зборот беше закон. Со мојата Јонејца, се наоблековме од специјални магазини, а гледам жена ми се измени, се измитари како нехранета лисица. Синовите на подбишега и велеа дека личи на некоја си мисис Фонда. Среќни бевме, не бевме метачи, а бев во најтесното раководство на градските кадри, со кои работевме на создавањето на новата власт.

Почнавме да се влечкаме по приеми, по седенки, во посебни ресторани. Но жени, како жени. Мојата Крстана со жената на Трифун чевларот се подѓучнуваа како напасени кобили. Тие некои работи не знаеја да ги држат подзасолнати во умот, туку се им беше на јазикот... Ех, мој Јоне, си велам:

“Жената си е жена, таа и во социјализмот си е иста како капетанката и попадијата.”

Тогаш така ми тргна работата, па одржував красноречиви говори, а зборовите што требаше да ја потикнат изградбата на новиот живот, ги редев како плитари под сонце.

На крајот секогаш завршував со зборовите: “Во чест на... да живее победата и Црвената Комуна на чело со...”

Ех, така беше тоа време на обнова, се е заедничко, колективно, просто ти се радува срцето, а навечер игранки, сите се веселат; со една хармоника, а некаде и со тапан, зависи од зафатеноста на комуната... тапанарите буфтаа во чест на секој новодојден од градскиот комитет, а дури не ми се кажува... Еднаш една банакарска службеничка милно ми рече:

“Другар Руски, ќе изиграме едно танго?” Јас се стаписав, но се снајдов: го поткренав ракавот и гледам во часовникот:

“Другарке, треба да одам по задача...” Море, Јоне, си велам:

“За какво танго ми зборува оваа луда банкарка, бегај, витосај се...”
Јас и танго? И така, времето минуваше, а јас не можев да го научам тоа пусто танго.

По неколку години јанѕа ме изеде, убаво нагазив, небаре се фатив како лав во стапица. Ме викнаа на разговор, а јас мислев ме проверуваат и ми велат: “Го сакаш Сталин?” А јас ги разголувам градите и се топорам: “Тука е во мене...”

Иследникот ме гледа и ме цеди со погледот, па ми вели: “Ќе треба да кажеш дека и твојот сосед е против власта, против раководството”. Јас се штукнав од умот. Ме нарекоа информбировец, ме истуркаа во една визба, а таму сите претепани се ѕарат во мене. Соседот ме гледа и не ми верува. Не сакав да им објаснувам, ја извадив кошулата и небаре моите гради им станаа светилиште, а јас чувствував како човек да ми мрдаше под кожата и не можев да го истерам... Така го носев по сите голи красти на морскиот брег. Јас бегај од него, тој во мене и повеќе не ми носи никаква иднина, туку само љубопитни погледи и плукања од сите што ги мразеа и сакаа генералисимусовиот лик со дискретна насмевка на неговите мустаќи.

Еден ден сонцето јако печеше, а пред мене застана Анѓелко Митиќ. Се доближи и ми заповеда да станам. Застанав мирно и сега во неговите крупни очи стоев јас и генералисимусот, а Анѓелко ми вели: “Отсега ќе бидеш гробар”. И така почнаа да ме довикуваат со прекарот “Гробар”. Работата ми беше едноставна. Катаден по некој непознат мртовец, го натоварував на грб, сонцето печеше, само студенилото од мртовецот ми го ладеше испотениот врат.

Го земав мртовецот без никаква посмртница, без пусулка, како да е стока од “специјалните магазини” и го носев до “гробиштата”, што вриеја од мршојадци, а ни име му знаев, ни род по човечки да му речев... “нека ти е лесна земјата”.

Кога се вратив, дојдов право во селото, од каде тргнав по добар прекар со документ - логорски гробар. Сега живеам мирно. Со Крстана моја пасеме бишки, но кошулата сега не ја вадам ниту пред бишките.

## КЛЕЧКАРОВЦИ

На Мијалче Клечкаровски, задоволството му се напикуваше во мижуркавите очи, во дебелите усни, во сето округло месесто лице. Тој сега живее во квартот "Пролетери од цел свет обединете се" бр. 26. Собите на станот се по избор, накај огрејсонце. Убаво.

Мијалче Клечкаровски си го токмоса животот како никогаш. Оти да не, велеа луѓето, кога како него ги има многу.

Тој сега е весел, задоволен, кога веќе патот пред него е прав како фишек... Пензијата, за него и за Мијалица му стигнува токму на први.

- Доста ни е, нели Илинке?

- Глаата ни ја дупва, - му одговори Мијалица. - Тие не се пари од пот и крв...

- Море јас можев да лапнам и национална, како Воријасовци, туку ми погрешија... А сето им го имав напишано на оние слепци што требаше само да потврдат. Кој ќе им го мереше зборот на кантар, ама катили...

- Клечкаровци белите соби ги имаа напослано со убави ќилими, а во ќошот висее сликата на еден големец. И само тој, Мијалче, знаеше зошто треба таа слика да виси таму.

Кај Мијалче си доаѓаа луѓето. Некој се чудеа на многуте книги наредени по обичните витринки. Тие беа, речиси, само од областа на марксистичката литература.

Томовите стоеја малку потпрашени. Повеќето беа на туѓ јазик, тука таму имаше по некоа на наш.

Оние на туѓ јазик, Мијалче Клечкаровски ги беше донел од таму и имаше обичај да каже: "Сакаш, не сакаш, брате, секретарот на Основната ќе ти ги тупоса..."

- Ти синки ги отвори, море пусти Мијалче- ќе се испуштеше на Мијалица пред гостите.

Тој ја погледнуваше напорки, но умееше да се снајде, ќе речеше:

- Кога бре, луѓе, човек да чита? Јас целиот живот си го дадов во активистичка работа. Ако се оддадеш на читање, ќе ги изгубиш врските и ќе ти отиде се. Не можеш да му ги најдеш клечките. Ќе праша ли некој кој е Мијалче Клечкаровски?

Не...

-Така е. Затоа си прав, Мијалче-ќе издивнеше Надеждин Костоломов, инвалид од прва категориа.

- Тука луѓе, вистинити борци, по револуцијата завршија инженери, професори и што ти знам, ете сега од мене бараат изјави. Тие не познаваат никого, зар не гледате, чекаат по неколку години за стан, за работа... А јас, тап - си се наместив!

- Па друго ти е да си познат како активист од тие времиња..., - му рече Надеждин Костоломов, или да те водат во архивите како функционер.

Еднаш, Надеждине, кај еден функционер, настојував да ми ја издаде партиската од подамнешен датум, па ми рече: “Не расфрлај се со тие принципиелни зборови, па што сака нека си бил, другар, Клечкаровски! Не е скромно...”

- Јас видов дека човекот малку се наостри, затоа је сменив тактиката: “Вие толку млад човек, а веќе сте висок функционер. Таков благороден лик на човек, а толку
остро!?...”

Тој веднаш се насмеа. Го уловив!

Ете, Надеждине, како му ги најдов клечките на човекот.

- Ти си способен Мијалче. Мене комисијата за инвалиднина ме замоли: “Ајде, Надеждине, кажи на што се жалиш?...” Јас само се опрев како труп им им реков: “Ете, гледате дека се скршени, ракава е сува, а ногава покуса...”

Лекарот се насмеа. Потоа ја зеде хартијата и напиша стопосто инвалид. Ми рече: оди во социјалното да ти дадат материјална помош. Кај мене се се гледаше Мијалче па ниту ме праша некој до сега од кај си, кој си, бре другар Костоломов? Те болат ли раните? Нели се боревме за правдината на луѓето. На секого му е мило во овој колективен живот да живее, барем умирањето и страдањето да си остане како индувидуална работа...

- Ти Надеждине ќе треба малку подобра пензија да добиеш како борец, а не како инвалид. Знам дека не ти стигаат, тоа се колку за лебот...

- Инвалидската Мијалче толку е. Не гледај, твојата е од народната. Ти рече како борец, ама чив... Тие борби не се признаваат, Мијалче.

- Па, ете, Надеждине, мене ми е жал да те гледам така, а еве толку години играме заедно шах. Да ти сведочам дека си бил во народната власт! Ќе потврдам дека си бил секретар, а?

- Па еден веќе се јави како секретар и доби - одговори Надеждин.

- Зар од моето село нема - се насмеа длабоко Клечкаровски.

- Ама што си бил, море Надеждине. Еј, Надеждине, Надеждинуле...

- Не, Мијалче, јас сум од семејството Костоломови и борец како и ти... А во народната власт - не сум бил. Не можам да лажам. Ти гледаш такви како мене ги има многу. Ти барем си бил во Народната, како што велиш, па знаеш дека не треба да се лаже. Ние сме се бореле за правдината.

- Да, да, не може. Добро велиш, Надеждине. Јас онака..., непромислено ти го реков. Ние сме борци, Надеждине, барем ти знаеш колку жртви дадовме за таа правдина... и почна пак да му раскажува за неговата активност, за општото...

- Особено, Надеждине, тамо кај што бевме, што ќе велев, за тамошните беше амин! Ама сите ме знаеја Еден беше - Мијалче Клечкаровски - Јастребот. До душа имаше и многу Ворјасовци. Сите мислеа дека сум од оние старите комесари. Носев едно кожено палто, чиниш сум како оние руските, а и цело време носев и кожена капа. Од кожата дури и кучињата се плашат, камоли човекот... И сите бре, Надеждине, ме поздравуваа со другар Клечкаровски. Во таквите работи, не треба и многу да се носиш. Облекувај се, брате, како го прифатија тие старите функционери што ја раководеа народната, па потоа дотерувај се како ти душе сака! Ете, како сега...

Многу раскажуваше Мијалче Клечкаровски-Јастребот, за неговиот пат што го поминал, за неговот искуство.

- Ете, тоа се вика искуство на стар активист! Ти сигурно имаш мачно минато другар Мијалче? - му се обрна Костоломов, местејќи една шаховска фигура.

- За тоа да не зборуваме, Надеждине, зашто ме фаќа саклет кога ми навираат спомените одминатото... Шах!

Надеждине.

- Море ти пак добро, другар Мијалче, даде се од себе, ама си го доби и заслуженото... Тоа е добро кога човек го дотера животот, така докрај на својата цел... Ете, тоа ти е вистинска награда. Уште си припомнувам на тие храбрите борци... Го гледаш оди во огнот и умира со гордост, и вика: “Јас ако загинам, барем ќе живеат слободни моите соборци, моето потомство.” Ете, тие беа вистински луѓе на револуцијата... Да, голем е оној, вели народот, кој ја здобил честа од борбите.

- Да, Надеждине, има луѓе кои се похрабри пред смртта отколку пред животот...

- Јас познавам еден, кој навистина, даде се од себе, - му рече Костоломов, - Ми беше командант, Тој беше од првите... Ама сега кога отишол да вади боречка - му рекол рефентот: "Абре другар, Засенковски, бригадата тогаш броеше триста, а сега веќе издадовмена три илјади по ред..."

Се искара и се врати. Му изнарекол се. Им рекол дека ќе бара ревизија на сите решавани молби.

Ами што ќе биде да фатат некои од таквите, а другар Мијалче?

Му рекле, ако знаеш некој таков, кажи ни го, другар Засенковски, па ќе го изделкаме по законот... Ти си на потег.

- Да, такви сме ние. Самите ќе сиги извадиме очите, Надеждине.

- Ама тој не е против борците, тој е против оние кои...

Ти треба да го познаваш тој исто е стар функционер. Другарот Засенковски.

- Засенковски? - Мијалче остана така вџашен. Му се стори како врз него да падна црна кобна тежина. Помислата дека е виновен, како човек и неправичен кон се ова што сторил. Се стресе. Помисли да оди да си ги побара напишаните "Мемоари" што беше ги напишал за да бидат основа за добивање статуст на борец... Чекорот му се стаписа, страв, страв... Длабоко во себе се расколеба и отвараше рана што почнува да боли и тоа сега, кога веќе животот си го подреди.

Шах и мат си, другар Мијалче!

- Еј, вистина мат!... - рекоа луѓето околу нив . - Ама каков мат даде Костоломов, а? - велеа сите...

- Мат? - рече Клечкаровски и една мисла повјаса да го пресече како сабја: "Ќе ме јади црната, ако почнат да раскопуваат во архивите..."

Кога ќе се сети на она, Мијалче Клечкаровски почнува да венее. Му се згрозува животот... Му навираат спомени од минатото.

- Мијалче, ти некако почна да ми венееш-му велеше Мијалица.

- Кажи ми што ти е?

Мијалче Клечкаровски-Јастребот, одамна имаше заборавено на тоа време, на минатото што сега го нема, на крвта што капеше..., а малку болеше. На тие болничави денови.

Тој не отиде на прва линија да се бори за слободијата. "Блезе да му е на Мијалче Клечкаровски - Јастребот, се снајде, па зар не. Тој си ја има калимерата со сите одговорни, со активистите на народната власт,...", велеа луѓето.

Еднаш, кој знае по која случајност, Мијалче се најде на еден собир, и стана активист, но уште со страв додека не се расчистат работите кај што треба да припадне. Така, еднаш не решено, сакајќи нешто полезно да каже на партиската, на тој собир. "Јас, другари, се сомневам во Ристета Џуклески. Тој некни му продаде риби на астиномијата за пари. Се правдаше дека му требале да купи нешто за децата, но јас го поставувам пред партиската, пред нашата народна власт, другари..."

По неклоку дена, Ристета Џуклески, го изеде црната, велеа жените. И од тагаш, се жигоса тоа Џуклеско семе, стана антинародно, дури на еден собир на пошироката народна власт, се бараше да се прогласи за антипреспанско.

Така Мијалче, троа по - троа, стана најверен... Тоа го правеа луѓето од големиот фанатизам, од довериeто што им беше дадено да се расчистува со сите антинародни... И, кога дојде време од таа земја да се евакуираат малолетниците, на Ристета Џуклески, останаа како непријатели, останаа како последни деца што умреа на својата земја.

На што ли се присети тој, другарот-Јастребот. Додека не си го подреди животот, ни на крај памет не му падна минатото. А можеби и сега не ќе си спомнеше, ако другарот Засенковски не

бараше да се испревртат архивите. Тој ниту ќе си припомнеше на тие дни, на таа куса автобиографија, што беше како таква само негова. Сега жалеше што не му е богата, што не се вклучи порано во народната, кога можело така убаво сега да се живее... Но, Мијалче, тогаш си беше орач како Ристета, рибар како секој преспанец. Но добро се снајде. Тоа го направија и сите дезетери. Но, што и да зборуваат луѓето, тој и тие си го токмосаа животот. Тој си го доби тоа што го бараше, за него и за Мијалица.

“А ќе го добијат ли сите борци?...”, го прашуваа луѓето.

А тој:

“Е бре луѓе, што да ви речам, јас веќе не сум во работите, но вие не знаете да барате, ви го велам на сите тоа од искуство. Човекот треба само да знае да умее да бара. Не треба многу писмо. Ги гледате ли референтите одговорни за станови, па и оние во социјалното, како те гледаат во очи, па снајди се...човеку!”

## ВКУСОТ НА СОЛЕНАТА ВОДА

Минувам низ плоштадот, покрај излозите, денес е Први Мај, тукуштo заврши парадата, улиците се празни.

Погледнувам во телеграмата и читам: “Пристигнувам во 12 часот. Чекај ме на станица. Брат ти Ѓорги. Стоп.”

Надвор пролетна жештина. Во душата чувствувам трепет. На перонот вријавец. Брат ми низ толпата луѓе се поткренува на прсти, ме бара, долго се гледаме, како да сакаме да се прашаме: кој си ти, а кој сум јас.

Му приоѓам и го прегрнувам, а тој ме крева в раце.

Потоа, така прегрнати, си одиме за дома.

Изминаа толку години, не знам за кого попрво да прашам. Со години чмаам за родната грутка, за болното посегање по нашето достоинство. Му посакувам добредојде со полна чаша рујно вино, небаре како да посакувам да ми ја раскаже неговата болна приказна.

Голтнува од виното со благоодна насмевка, чиниш му се отвори окрвавеното срце, а јас така зграгорен слушам како ми вели: - Пули вака, брату, ка стана со нас. Не фатие от селото надвур, еден саат пешки да одиш, неоти беше нощја, дења ни ја овртија каливата. Овците блее, се исплашија, само кучињата шо лаење сторија. И по малку време кошчо седеме во каливата, пулиме со татко цело место овртено и наеднаш пред нас брадести љуѓе шо ги викаме бурандари. Ме звеват пред ни, кошчу реку, целото место овртено и ме опитват: чие дете си, а тие све знае, и му кажуам: на Ристо Сувогорски. Пак ме опитват и право со пушките накај мене и право претрес по племните и трлото, а коа пуљам го носет и татко. Јаска врзан, татко врзан и не носе во селото, а маве по нас со кондаците, со клоци, со тупаници, не тушкае по целпат и не однесое кај главнио. А тој нагизден со тиа ширити седи и ни вели, кажите кај се крие, македонскио одред “Вичо”? Камо ти се поголемите синови, Ристо? - го опитва татка. Дур да зини татко, јаска му веља: излегое да се

боре за човекови правдини, кирие, да и земиме и ние нашите слободи, да прикажваме на мајкин език, да имаме сколје, да имаме големци ко вас, ко луѓе да имаме се... Се му изнарекув, ама коа почнаа да не буве со што да стигне и не пикнае во еден темничав ќерал.

Плачи кутрио татко и тој ми вели: Ѓорѓи а излаиниме работата, овците останае на гол мегдан, а време е да се објагнат, го пуљам се нажали чоеко. Ама шо е прао е прао, добро му рече, ми вели татко. Цел народ треба да стани за тие правдини, а не да се крие под кошула... Во турцко беше друго, барем езикот си го прикажуваме. И утредента осуна, го врзве татко и мене за него и не носе за Костур, а коку шо стигнаме, пулиме ногу народ се пули во нас и не пикнае во еврејското сколје. И кога на 12 март четирисет и седмата излезе бојнио суд во Костур да ни суди, не нападнае ногу, најпоќе тие шо не фатие, демек сме сакале да прајме македонска држава, сме ги ранеле македонцките партизани, а пусти татко не уздржа и му рече во очи: абре кирие, пулиш ка живиме, ко робови, луѓе сме, бараме да си прикажваме по наше, треба вие да се научите по наше, оти вие дојдоте кај нас, а не ние. И пуљам му скокна тој судијата, го удри татка по уста, му скрши два-три заби, а мене ми зовре крфта, сакам да го бранам татка.

“Вие сте Грци и нишчо друго”, вика ко бесен, а јаска му а врна на нашинцки, па татко нешчо сака да рече, ама му блика крф од устата, но со рака му кажва: само тоа не, одвај изговори. Ние сме си Македонци, му вели татко. Пули вака, му вељам јаска, нас кирие, не ни пречи вие што сте Грци, оти вас току ве измачува ние шо сме, а добро знајш дека ние си живиме на ваа земја од дедо пра -дедо, јаска и секој умен чоек, ќе речи неоти ти велиме ние вие да станите Македонци, убао е секој да си биди тоа шо го роди мајка му. И нејсе, не осуди на по десет години, и од тука околу 15 јули не тргнаа за Солун и не носе прао до пампуро шо греди по суво и коа вјанаме на пампуро во тие вагоните не сметени ошче од турцко смрде, не ни даве вода, а за леп да не велиме, токму пак туа е татко ми, ми дава кораж. Ми прикажва, пусти татко, по целио пат и коа на први август не пикнае во затворо “Павло Мелас” во Атина и ни дадое за осом дена јадење, а шо јадење: риби солени и троа леп, а времето

беше ногу топло, и не соберве во камиони од затворо “Павле Мелас” и не носе на скелето, не растоварве и пак не товарве во пампуро шо оди по вода, ама не начукае долу во амбарите. Врзани јаска со татко се пулиме еден во друг, а вода нема и еден со еден се опитваме - дека не носе? Не знаеме никој, викаме, ама нишчо и така легнаме свите ко удрени од дамла, заспаме ко ајванчиња. Темница, виделце нема, а шчукаме врева, но ошче нощја беше, вике: “Свите надвур”, и тогаш за прв пат видоме остров, земја, а пекаме за вода, дури не можиме да проговориме, и излегоме, а ние со татко врзани и излегваме еден по еден, а тие со стапови не маве по дја да стигне и не носе, ама сеа одиме по нози околу саат и черек и тамо пулиме чадари. Нејсе не собрае куп пред еден големец и ни вели да излезиме секој башка и звеа да ни праве претрес, а капи не носеме, ама тие маве со стаповите и по главата, неоти те жале за нешчо. Не остават да имаш виличка, ноже, саат, цигари и пак да маве по нас, а ние свите викаме, ама кој те опитва. Пљачките и чејлите и многу други шеи ни останае по патиштата. Едно време влегоме во чадорите, а за вода устата ни се лепи, но шчукаме, еден дека вели: “ето деа има бунар” и се втуриме свите ко овци; плиток беше, половина метро и звеме да пиеме. Црпи пиј, црпи пиј, а таа пуста вода солена и пиеме, а се на повеќе не тера, пиеш и пак ти се пие и кога не фати еден дрисник, шо да ти реча, цели ги фати, не остана чоек без да има дрисник, пусти греови наши, а за нужник имаше троа подолу едно ископано место и свите таму на гол мегдан, ама после коа зве една миризма, стана хаос, шо да ти прикажвам, оти чадарите беа на неколку чекори.

Но, и не се срамиме, нишчо не не возбудуваше, ни стана најлесно да живиме така, ич не се грижеме да го чуваме нашио живот, секогаш покорни пред корофилаците, пред нините големци. Миро на душата, ни гредеше од утре, прикажвам само со сонцето и ме тера да мисла за бијаницата шо а пиеме на трлото во горешчината, пиеш и те режи, ама со тоа само мозокот си го лажеме. Во бессоните нощји само клепкаш и мислиш, думаш, кроеш, ама никако не излегува. Со татко не одделија, сега сум со Фоте Мечкаров. Тој по нешчо ми кажва, а јаска го шчукам и не го шчукам, гладен сум. Еден ден, не помна коку беше месецот ми вели: Ѓорги, ти се јаде леб? Как не ми се

јади му вељам, а тој вели ела по мене. И отидоме во еден железен голем сандок полн со гној, а беше нощја и фатиме да јадиме комачиња леб, ама тие расипани беа мулосани, но кој пули нощја и ние само јади, рупај, грицкај, оти беше ногу страшна гладоста, и јадеме. Кој знае кој ги фрлил. И едно време, фати да не боли стомак и јаска отиду по нужда, арно ама стражарите не оставае да одиш во секое време, и пуљам трча еден со една боздугана, а тоа беше нощја и фати да ме тушка, да мава по мене. Јаска зве да бегам по чадорите и тој ме тушкаше, ама даде господ му се испушчи од раците и зве по чадорите да ме бара. Сполај му на господа, се крстам, инак ќе ме оставаше на местото.

Коку беше месецо ич не паметвам. Еден ден леб немаше, не извадие на работа, другио ден исто и така тоа продолжи до 7 дена без леб, а веќе не можеме да пулиме, по нужди па ич не може чоек да оди... Тоа беше ногу страшно нешчо, од гладост и жед за вода ни се олина снагата. Боси по кршо оди ако можиш, де! Ај мајката како да сме родени да трпиме понижувања и си вељам дали родо ни е таков или проколнати сме ние ко љуѓе. Свите се редеме да чекаме манџа, давае по малку, народо гладен и туку што се приближаме до казано и коа фатвеа тиа чуварите со стаповите да не бие за нишчо, а не биее до дја да стигне и на еден другар името не му го умам, му го извадие окото и тој падна наземја, а тој корофилакот се уплаши, и ние свите скокнаме да му велиме:

зошто го стори воа нешчо, ама сетне надојдоа многу од ни, удри, удри и така ни ја истурија манџата и не вечераме нишчо.

Пак еден ден доиде саато 12 и треба да одиме во чадорите, ама кога се врнаме наза, требаше да носиме камења за да не одиме празни, и јаска име кренато еден голем камен, а тие Грците шо беа затворени како крадливци и убијци не носее нишчо, туку пред да стигниме ќе ти го земе со сила и сетне ти си крив. И го носев тој камено и туку пуља еден прави ниет сака да ми го земе и ме турне, а јаска така падна шо виа четирите прсти ми се смачкае, ето, пули вака, на ваа рака шо ми е без прсти, а налет за камено, но целата работа беше, ако немаш камен нема ни вечера и така таа нощја плаче од бољка, гладен па од мака се

напив малку солена вода и дури сега ми се гнаси од тој вкус, а крфта си тече. Тие лекарите шо бее од затворениците, ме опитве од шо така бре Ѓорго и сега не знам шо ми стана, ама ми се сврти тој острово Ѓура и сум паднал. Потоа ме најде полошо, не може да работам, а ме тушке, не ми верва, тоа беше страшна работа, ама по страшно беше да стоиш пред големците покорен како фатена ѕверка. Тие ни државеа говори како току пари дава државата за воа нешчо шо не превоспитуваат, како не научија да работаме, да го прајме тоа што е убаво и како ни дале можност да се преродиме со се шо го прај државата за нас. А прао да си кажа е тоа шо чоек можи да разбери едно нешчо добро, шо луѓето ги запознаваш не по некаков ќар во живото, туку ете сите сме исти страдалници и на секој душата му е чиста... Само манџата на свите ни стана одбивна, таа мирисаше на блувотини од мацки, а тоа ти греди да ги загубиш сати чоечки чувства - љубов, пријателство, завист, човекољубие, милосрдие, се полека од чоекот исчезнува, ко се да испарило под тоа силно сонце. Но имаше во затворо и шпиони. Беше еден, се викаше Стратос, и многу други и еден ден дојде еден натоварен пампур, од тие шо оде и греде по вода, и беше товарен со железо, цемент, вар и други нешча, полн до горе. Не собрае свите кашчо си беме во затворо и кладое две шчици; по една оиш во пампуро, по друга да гредиш на суво и почнаме да се товарваме, растоварваме, цел ден оиш и гредиш по тие шчиците, а тие чуварите маве со стаповите и само пулиш да не ти се замели умот и да не паднеш во морето, но тоа се стори кога еден од воденцко или од леринцките села беше, сега малку ми греди на умо, падна сосе врешче вар, госпо да го прости. Ами од дја да знае да плива? Го извадие морнарите на сонце, така стоеше цел ден, додека не се собра цел рој муви да го јаде. Ама тој шо беше капетан на пампурот не сожали и накај пладнина го закопаме и со таа мана си отпочинаме малу. Пред мртовецо сати мачеа, арно ама така со години ставаше со нас, фатие кај луѓето да се појавуве разни болести - офтика, стомачни болести заедно со церевата, но повеќето љуѓе поулавуваа и пулиме почна да греди еден поп да ни кажва за сати господови заповеди, а гладни, и еден ден беше Божик и дојде пак да ни кажва и вели шо вели тој попо, ама стана ко постран, се налути и избега, кога му рекоме: пули вака ре дедо попе, ти пулиш шо јадиме и каква вода пиеме, му велиме, зар

по твојата религија така вели господ? Фати го човеко за ништо и донеси го тука на острово, затоа шо го родила друга мајка, само да не биде Грк. Шо велиш ти за воа нешчо, како тоа може да биди по тие твои книги човечко, а? Ајде кажи! Се наљути и му јави на власта. И едно рано утро пулиме сме свртени по целио остров со бојни пампури и готови да не униште, оти тој му кажа на власта дека правиме револуција и шо друго не му рекол? Дека сме биле закоравени комити и не примаме никакви господови заповеди.

И коа пулиме на самио остров да ти имало ошче наши на други места, многу народ, па ти имало и комунисти наши и Грци, па ти имало крадачи, убијци, па коа пулиме тере на кај нас и една голема група жени и ги донесое сати во една голема падина, ама никаде го нема татко и ка немаше вода пулиме доста луѓе го изгубиле умот од сати тие маки. Потоа за ни почнаме да прајме големи авлии ко трла со високи стисови и таму тиа ги оставие коските. Но за воа деа да може да се раскаже, чоек треба да напише цели книги. Дојде време да се пушча ко инвалид во педесетите години и си греде дома, а селото изгорено, се е срамнето со земјата, нема луѓе, и коа пуља долу во каливјето - татко талка, бара по имањето, ама не можеш да му речиш нишчо. Јаска го викам: татко бре, јаска сум Ѓорги.

Тој бега од мене, така испокинат, дооден бега... Ете така, брату, стана со нас.

Ме загледа в очи и ми рече: - Плачиш, знам, ти е жал за татко.

## ЗАВЕШТАНИЕ

Во тоа време се даде глас дека пак ќе ги креваат Егејците, а пулам и некои човеци ко штрекнати одат - гредат, си ги диплат пљачките... Таков ти беше животот до ден - денеска.

Не фрла опул на нас... Ќе те клоцне како шугав пес и ќе лаеш како во глува доба...

Татко ми беше стамен човек, усталија, но сполај му на господа, му го исполнив заветот, нека си почива спокојно... Наш човек не знае каде ќе го однесе времето и животот. Понекогаш се изгледа дека е многу просто, едноставно, но колку било тешко, господи, да оставиш полни амбари до ќерамиди, а за животот што ти треба да го живееш, да наполниш од сето збрано, само едно торбенце и да не умиш што си зел. Само кога ќе те собори неволјата, ќе го побараш по навика тоа што ти треба, а си го оставил дома и повеќе не е твое. Блазе си им на луѓето што си остануваат дома. Господи боже, си велам, зошто сме поулавеле, па сме бегале од својата благословена земја, ама времето било такво, вели татко Димо.

Околу сам Петровден ги варосавме одаите, а мирисаа на варта, а таа како со прсти ти ги отвора носниците, те тера да се напромениш, да каснеш нешто празнично, како што велеше татко од деда - прадеда сме печеле јагне, а уште згора на тоа, квасеното млеко ти ги шири цревата, како мелем беше пустото, небаре со нож да го сечам, што се вели. На софрата истругана, попарена, покриена со шарени цедила, се ставаа топлите зелници кои ширеа неодолив мирис. Ти пека душата по матеница, го чекам каленичето од нечија уста, а има цели ведра. Нашата куќа е имотна велеше мајка, пијте!... Жените прусат, носат, мијат, задоволство им е да принесат што повеќе јадење и само вели татко: јадете, јадете! И го гледаш насмевнат, стаменит, усталија човек.

Неоти помислил некој на лошото: мајка на чардакот стои опулена кон Долно Пожарско и вика “пожар, пожар, луѓе... гори се...” Се слушаат пукотници, луѓе плева, зала и старото куче, а татко имаше верба во него, го остави каленичето, и даде комада

на тајфата да се приоблече, да земе по нешто в раце и викаше: “Пругоре бегајте..., а јас ќе го пуљам добитокот, се вознемири”. Така тргнавме накај Пурдовите нивје, нагоре накај Килиндреската планина, Филин камен и на самата Солуна чешма, се напикавме во густите буки, а добитокот штипка тревки и си прилегнува, само кучињата и ние стоиме будни и слушаме од постарите што велат дека и во турско било така. Денизден го слушаме истото, море погано време, децата пекаат по лепче и вода, а сите се вртkаме неспастрени од злото, можеби тоа не натера да ја минеме границата, бегаат луѓето со се добитокот. Господи боже, си велам, а татко ме пули тажен и ми вели, синко, и јас идам по тебе, само реши дали удолу или преку граница. Не си спомнувам на ништо од тоа, само дека во мојов ум тоа време е празен, сив простор...

Ти пека душата по матеница, а утредента сите талкаме низ Мариово, одиме, одиме, а си велам: блазе си им на оние што си се дома, но татко ми зема од болката, си ја делиме, тој беше усталија човек... Пат нигде не се гледа, од никаде не може да се мине и така не осамна кај Тополчани. Тогаш заушив дека ќе не носат на север...

Од недоапица за сите, свирна еден пампур и почнаа пред нас да се редат црни дотраени вагони, а ние сите се пуљиме во нив, па и не сме имале видено бре, постарите кажуваа за овие чуда френски, ама друго е сега кога ти се пред очи, го гледаш целиот пампур.

Времето е некаде попладне, речиси квечерина. Не напикаа во тие вагоните а добитчињата гледаат и блеат по нас, некои дури ја подаваат муцката, а незнаат да ти кажат што сакаат, само кучињата небаре најтешко ја поднесуваат нашата разделба. Ако изумре добитокот, ќе си умреме и ние, оти и тие и ние не можеме едни без други, велеше татко.

Нејсе, тргнавме, се разделивме, наседнавме вудвосани, кому како му беше арно, вратите се залостија, а не можеш со денови да видиш виделце божје, царува итрата и лоша ноќ, се бараме со алкање, по лицето, децата веќе беа заспале и само понекогаш ќе не прошара виделинка низ цепнатините на некоја станица и

пак се исто до разденување. Татко не куражеше, велеше: прва должност на човека е да го покори стравот, така ни велеше, а неоти знаеше кај не носат, чекаш само да забели денот и да ја одлостат вратата и слушаш разни гласови, страв да те пресече, дури и татко ќе рече: којзнае кај ќе ги оставиме коските... Баба ми Меглена ја довлечкавме до вагоните и беше легнала во ќошот од вагонот, исушена, кашличава, малечка жена со селски опинци и сите видови долги старомодни фустани облечени на бегање, шамии, обично шарени. Лицето и беше збрчкано, а тенот како смил. Ноќта умре во вагонот и на една станица ни ја зедоа без да и направиме некаков адет.

Татко многу жалеше и оттогаш како подудрен стоеше и думаше. Водата станала како мочка, повеќето од буклињата празни се, ги местиме под глава, но неоти можеш да спиеш, туку сепак ќе те замери чукањето, сите сме првпат во пампурот толку дена, така - тук, така - тук и така со денови, те носи по пат што не го гледаш. И така, само ќе те удри некој друг ум, ќе посакаш да запееш или да заплачеш, а времето погано, што знаеш кој сака да те шчука. Не знам за шо не занесоа толку далеку. Тие ноќи се изнаплакавме. Тука беше попот, убав и умен човек, ама и тој неоти знаше кај не носат, само велеше по молитвата: “А бре боже, зарем толку е голема Македонијата, со денови што не не слегнуваат?” Па туку ќе рече: “Ако не носат во некои логори како Еврејте, еј боже наш, боже мој...”

Но, на чело со попадијата ние сите ќе ја повторевме молитвата:

“Недај боже, ние сме невини луѓе, носиме Ристосоа душа”, а најмногу помагаше питрупот Дурдубак, јако мажиште, небаре од сите им зема од болката, не бодри за најдоброто, а ние сите пак “дај боже” и така ни минуваа денизден деновите и ноќите.

Татко одвреме навреме ќе рече: сега говедата си одиа, изгуреа за вода, а мајка ми беше субрана кату дуждова капка.

Но, почна во вагоните да мириса на лајна и мочка па нели луѓе сме, некои кога ќе ги стегнеше дури неспастрено ќе се напинаа по долгото стегање, нужда е, не се крие. Ние поголемите еднаш кога на една станица ги одлостија вратите, истрчавме како

одврзани загари и ги отпуштивме шопурките околу вагонот, мочката свири како од продупчено каче полно со вино, што од машко шуркање што од женско, исто. Потоа задоволно пак влегуваме во вагонот, но во умот пак лошата мисла си рти, се подлабоко како подивени корени од смоква.

Корените од дрвото смоква и куќата можат да ја урнат, тоа е моќно дрво, велеше народот.

Попот пак одвреме навреме ќе го подаде крстот на бацување, оти и на него почна да му биде се поголемо шубе, кога заминавме од Белград за север. Така секој со својот ум понешто ќе рече: можеби не носат во некои логори, оти имало и такви работи или во голема Русија од кај дошле нашите предци, а Мице Пурдов ја дума скутлен(стутулен), па нешто ќе клепне со малечките итри очи и чиниш ја проколнува цела Македонија и целото раководство, што си дозволи да не одродат, кату да не сме и ние синови на оваа Македонија, ебате у врагот, велеше Мице Пурдов. Но во руменилото на зората се одзва Дурдубак зацрвенет во образите, со глас што не скорна сите: “Луѓе, тука ќе не слезат...”, а ние сите “дај боже” и слушаме пак одлостување на широката врата...

Поле, дува ветре. Ние со тие посатките од нашето Пожарско ги стискаме, небаре блееме како изгубено стадо и род по род тргнавме од Сомбор за Ѓаково. Ебате у врагот, пусти наш ксмет, тука да ги оставиме коските, повторуваше татко. Војводина кату тепција, ја нема пожарската планина Килиндерка, кога пекаш по вода ќе те удри умот на чешмата Солуна. Никогаш човек не знае каде ќе го одведе времето и животот. Уште првата година во Ѓаково му умре чупето Софија, немаше наполнето ниту две години.

Татко Димо, така си поплакуваше, ми се гледа дека го јаде јаnsа, а ми велеше: покори го стравот и ќе си живееш подолго, синко. Така ми велеше.

На поменот од девет дена, пулиме крстот од чупето го снема, а и од другите гробови беа ги собрале луѓето за оган, живите бараа спас од студот, и тогаш тоа си го кладов во умот и кога

умре татко, наместо крст како на другите му кладов еден рабник, цеметиран што ги клават на патиштата, длабоко го закачив, можеби стигна до главата на татка, ама се осигурив за да не го загубам гробот на татка и чупето.

Војната одамна се беше остинала во нашиот крај и во педесетите се разнесе глас, пак ќе ги креват Егејците, и така пак со тие наши излитени посатки стигнавме во Штип кај местото “Трите чешми”. Господе боже, си велам, така со задоволство, ако сме на оваа дувоветрина, барем сме на македонска земја, ама глас не вадам, не велам ништо, баеги се ми е по ќеф, но навечер не спијам, оти се така ми текнува по нешто за поминот со татка, тој беше стаменит, усталија човек, човек од збор, а со него пораснав и Пожарско ми го кажа од дрмка до дрмка, што се вели, а сега чувствувам само по некоја трпка: ми лази и цело време низ солзи ги поминувам; чупето и татка. Жена ми ќе рече: “...спиј бре Петре, веќе петли пропеаја”, а јас ќе и речам, непара ми се спие..., ама и таа не е рамнодушна , оти со голем мерак се имаме венчано, а сега ова погано време ја победува и љубовта, но Мара не ми се лути, ми прави голем истибар како на стопан.

Па после друг ум ќе ме клоцне, море седи Петре, кај што си се нашол, ќе си речам, а само што ќе завенам во сонот и татко ќе ми се јави. Така недоветно, некаде во сонот, а јас пак низ солзи ќе ги поминам и татка и чупето. Животот небаре е цвеќе, а накрај ќе ти остане страк - сува тревка. Никој не ја знае тежината на туѓиот товар, велеше татко. Едноставно, си велам какви луѓе сме, ќе те заварди некој лош пес и ќе тапкаш во место како булук овци, без искуство живееме само со сегашноста вудвосани во некое егејско живеалиште, но си велам своите мисли не ги ставај на јазикот, оти не оти така брзо поминува лошото, погани времиња беа педесетите, што вели народот и плитката река минувај ја внимателно.

Болно беше враќањето од “Трите чешми” до Ѓаково, по дождливите патеки на судбината, дамка што не се чисти, бегалец - секој преку сенката ти гледа во душата, а стража на гробиштата - Ристојца Манкина, уште тука, се храни од задушница за мртвите, но тука го закопа и стопанот, сега каде

да оди во матната ми вели. Меглена само со вреќа, се плаши од мене и барам лопата или мотика, а Ристојца Манкина ми ја подава со страв и ме прашува: а бре Петре, крстови нема – да не откопаш некој недотопен војводинец, па што ќе го правиме, пуста наша судбина, а јас и лафам полека, не плаши се, јас на татка и момичето имам ставено голем белег и не е мрднат, ама зората како шупелка се буди, дени веќе. Копав и вадев коски од чупето, од татка, а Ристојца ја полни скутата, ми помага и плаче, род сме, но си велам: боже, дај ми сила да не не фати бледоста на денот и копам, фрлам земја пред нозете на Ристојца Манкина. Гледам жената плаче, за татка, го гали черепот, свива некакво ридание и олеснува, небаре стравот и испарил, а јас го подигнувам скелетот, тукуречи цел, но го кршам да се носи, долг пат, туѓа земја, а ветрот дува, ќе не однесе со Ристојца Манкина.

Не знам да ли се збогував, ја оставив сама пред отворениот гроб, а јас си велам: ајде Петре низ пченките... а, кал, ти глибат нозете, но тука е посигурно - како дивинка од страк до страк се клатам, ме турка некаква невидена сила, дури веќе ме фати и сонцето, па ме удри една лоша мисла и си велам, подобро да излезам на патот, оти може секој да рече дека крадам. Додека нозете ми тонеа заглибени во калта, телото смрцлавено, со мака излегував на патот што го оградуваа високите пченки. Излегов од пченките, а калта по нозете се налепила како краста, вреќата крцка небаре е полна со полжави, се тријат коските, додека изналегнати во вреќата и се така штипе некаков страв, но веќе се добрав до станицата, а имаше толку патници, дури не ми се фаќаше умот дека ќе ги собери во вагоните, ама пуљам да се пикнам и јас. Се метнав до една врата и се стискам, ме јаде јanѕa, ако наиде некој редар ти бара се да му покажеш, дури може да ми рече: ајде отворија ја вреќата, па си мислам, најубаво е да се втерам во нужникот.

Неоти ми олесна на душата, туку ете сам си разговарав со коските, де со татка, де со чупето, а слушам тата - так, така - тук и си потсвирнува возот, народ врие, му се јаде, му се моча, тропаат, ја клатат рачката од вратата, слушам пцујат и одат во друг вагон, ги тера нуждата, а мене ми олеснува. Смрди на мочка, ме тера на повраќање, но ништо со денови не сум јаден и

велам подобро е така што сум сторил. Така загосподарив со нужникот, но при квечерината решив да излезам, ми фати умот оти нема многу навала...

Се мушнав во ходникот и чекам како загубен пес, смрдам на мочка, гледам на дрвените седишта луѓето дремат, некои ќе ме погледнат тромо под око, но не со злоба, туку си ги вардат шејовите и пак ќе подзадремат под бледото светло.

Си велам, сега ми фаќа умот да седнам и така се сместив до еден што рчеше како во утрински жабјак, целиот небаре беше разглобен, уморен беше човекот, дури ми се извинуваше кога се разбуди, беше добродушен, насече сланина, лук, кромид и ми понуди прв да тргнам од препечената сливова: “...попи си буразеру”, ми вели, а во гласот што се вели благ човек, ама таа ракијата љута, ебате у врагот, ми ги изгоре џигерите, но да не му ја лафиме, се напив и за живи и за умрени, а човекот се насмевна некако толку убаво и ми поттурна од сланината и кромидот: “...еди буразеру...”, а јас муцам и пикам во устата како во инка, кога жените полнат црева за луканици. Си велам, имало господ и јадам со апетит, пак си потпивнуваме од ракијата и тој и јас, ама мојата снага кревка, сум се стутулил во седиштето и како напасено ждребе сум дремел до сабајлината...

Се разбудив кога - пак ги гледам ридовите наши, небаре ми се открија едноставните тајни, ми се пристори цел тој предел како да е проширен, така ме тераа мислите и ми се пристори дека ќе можам да ја прелажам судбината... Љубовта е тиранин, те тера на долга болка. Ти ги отвора сите мутли во душата...

Пак си го спомнувам татка: синко Петре прави го она што си должен да го правиш, а за туѓи работи не грижи се... и така веќе првата должност си ја исполнив, го победив стравот.

Можеби омразата што го закопав татка во туѓи гробишта ме тераше на одмазда да го совладам стравот... Станицата “Бакарно гумно”, ја запамтив, оти од тука не натоварија, а говедата мукаа по нас... дури уште ми идеа некои мукања.

Море погано време, си велам и стрежам над вреќата како волчица, а пекам по вода, но од тоа не се умира и тргнувам додека забели денот по дирите од каде што дојдовме со имањето. Од врвот на ридот кај Мрежичко слушам шумоли реката, а близу е до нашите места, но неоти точно знаев кај треба да излезам, но што се вели љубовта победува се, каде било да го одведе времето и животот. Трчам прудолу што побргу да ја навлажам устата, а по едно стрмно лазам назад - газум, чемер ми ја разјадува душата, да не дај бог да ја загубам вреќата. Неоти бев со сите, што се вели свесен, шлапав по реката, ту до колена, ту до газот, некаква невидена радост, но брзо се смирив, ја пуштив вреќата, се изнапив вода, ги измив испуканите усни, ми се опулија очите убаво, седам и думам, ниту глас, ниту смеа... и така се до развиделината.

Ги отворив убаво очите, гледам пред мене нашата планина - Килиндерка, така си ја викаме. Чувствувам само по некоја трпка ми лази, а и по некоја солза за чупата и за татка, кога бегавме наваму сите живи, и што ти е животот како цвеќе, ќе расцути, ако успее ќе даде плод, ако не пак останува коренот в земја. Го напрегам мозокот, размислувам, брзо ми се вртат мислите, па после друг ум ќе ме удри: ги запретав ракавите и со ред ги извадив коските, прво ги подредив од чупата, па од татка и зедов со ред ги измив и ги редев, на чупето ги завиткав во бела шамија и напишав Софија Кировакова, а од татка во шамија како нашето знаме само без лавчето и напишав - Димо Кироваков, а многу работи заборавив да допишам, останав како стаписан пред овие две полни шамии кои ми ги искамчија последните солзи. Откај високата спила во бранови фучеше ветрот. Виеше меѓу високите борје. Крцкаа и стенкаа стеблата, а јас меѓу нив се приближував кон планината Килиндерка, каде што требаше да ја минам границата. Боже, дај ми сила да стигнам до шумата, тукушто си помислувам и се искачувам пругоре, ја носам вреќата. Од недоапица слушам чекори од цврсти мажи, а гледам и куче со крената рилка ги влечи накај мене, а удолнина што одвај ја искчив и само малку да зачекорам во моето Пожарско, кај “Железна врата” на врвот Козјак, низ високите буки - коруби, за кај чешмата Солуна, а дожд истура како од кабла. Таа вечер, дожд, дожд, а можеби тоа ме спаси. Кога почнаа потрчуваат накај мене, кучето силно намрштено ги

тегне, се повеќе и поблиску. Ами сја? - си велам и јас прудолу, тие по мене, а гледам пред мене голем камен му се стопорив и го откорнав и колку што сторив десетина чекори полево се потскрив во едно подјадено труло дрво, а тие ги гледам трчаат по шумот на каменот, надолу фатија, џенемот, се оддалечија доста, се прекрстив и тргнав нагоре, ама слагам како да мине лошото и пак пругоре, се префрлив прку Катревата дабица, накај Филин камен, а пуљам во нивите еден козар свири на шупелка, свртив накај "Свети Ѓорѓи" и седнав да пијам вода од Бостанската чешма.

Козарот не ме виде, занесен во шупелката, ама квечерина е, се прибира накај селото. Беше на зајдисонце, задобив чекор, одам накај гробиштата, брзешкум талкам од гроб на гроб и решив да копам гроб, до гробот на мојот дедо Петре - Илинденецот, така го викаа во селото, а седам и думам на адетите, но пак чемер ми ја подјадува душата, молкума ги погребувам и ми заронува по некоја солза. Останав со една балтијка в раце, решив да влезам во црквата "Свети Иван" да најдам миросано масло и свеќи, се искачив на камбанаријата и легнав како претепана ѕверка, ама вреќата ја чувам подглавје. Утредента ме разбуди камбаната, удираше на сам Петровден, да си ја кажам вистината се прекрстив и за живи и за умрени. Збраден бев, ја стегам балтијката и слегувам од камбанаријата, а долу стои Лина Јачева - Катрева. Лина се крсти и се тресе, а јас и велам Лино, мори! Таа бега во олтарот и ѕирка преку цепнатините. Дур ме позна и отиде половина од животот, а пусто род сме. Потоа ми раскажа се... Чекаме да се затемни и Лина стори се по нашите адети; на коските им турила миросано масло, вино, темјан, крстот го ставила цела ноќ, па гледам фрлила еден питрахил, свеќи за сите што знаела дека се мртви... Нафрлив многу земја, како за два гроба, си думав дека мојот живот ќе биде уште еднаш во Пожарско.

Лина со полудогорена свеќа, се крсти го повикува севишниот, а јас си останав со една балтијка... Ебате у враго, што не сме виделе, но пак го тераме животот по непознат пат. Во Ѓаково ги чува црквата и гробиштата Ристојца Манкина, во Пожарско Лина Јачева - Катрева, во Австралија и Америка ниту знам кои се, мажите останаа по планините и така дур не има...

Петиците ми се окрвавени, но уште на завстрата, кога почнаа да се спепелуваат жарчиња, гледам накај границата.

Лина се јадосува, ми вели поздрави до секого, а јас што можам да паметам меѓу мртвите и живите, отпоздравувајќи ја Лина тргнав, а небото како козинен ложник легнало над Кајмакчалан, што се вели и одам низ селото со балтијката в раце, и пуљам само диви мачки на вратите, стојат, чекаат да им отвори стопанка, мјаукаат, а не знаат дека стопанките им се на некоја дувоветрина во Ѓаково или “Трите чешми”... Ја кревам главата накај секоја куќа, ама глас не вадам, не велам ништо, ја загледувам нашата куќа, толку убава и лична ми се виде што очите не можев да ги отчепам (отргнам). Еднаш си велам да ги намамам со мене сите овие мачки, но пак си го споменувам татка и одам низ пожарската планина Килиндерка, а ноќ дожд, кату од тенекија да истура. Море погано време си велам и се пикнувам во Дурдубаковите колиби. Нејсе, пак од дрмка на дрмка, но пак си пуља накај нашите места оти тоа ми зема од болката, а веќе сум близу до мртвата зона, мислам на кладената граница што ни ги дели пожарските ниви и планини, ама тогаш што пцости му удрив, а тоа беше останато уште од нашите стари, арно ама ништо од тоа наше лелкање, Грците си ја тераат работата вов нашите куќи надонесоа Маџири, Пондии од мајчинаму, а ние кату уплашени песови по дувоветрината...

Петиците ми крварат, а и гладен сум, малку подзапирам, се опирам на балтијката и ми текна дека кога се кренавме, од Пожарско, татко носеше две конзерви од Унра и тогаш ми ги даде да ги скријам, а јасно ми беше како ден и одам до карпата и алкам по дупките, ја пуштам раката во дупката и чувствувам нешто чудно замотано околу конзервата. Набрзина ја извлеков раката, а гледам сосе конзервата извлеков и змија, после неоти ми текна за јадење. Така, по нас се лошотилак, никогаш човек не знае каде и на што ќе го одведе времето и животот, да се плаши и од плитката река.

Пљачките ми се ѓол - вода и одам полека, а веќе е границата - Папрадник, тука ги имаа убиено Ѓорѓи Пејчов и Стојан Грудев и уште малку ќе излезам на пресеката “Кравица” ама не пуља

ни жива душа, ни од едната ни од другата, а сја си велам и се прекрстувам и само чекам да ми засвири некој проклет куршум, да ми ја издупат снагата, но сполај му на господ од кај таква сила ми ја даде, засилив чекор и скокав како ранета ѕверка, само ми е жал немав време да се збогувам убаво, човечки со родниот крај, бегав вјаскум и плашкум. Ја кревам главата наназад господе боже, си велам, а како да ми се мерна нешто наназад и пуља ме зема на нишан, или така ми се стори и јас мешечки веќе влегов од оваа страна, а тие зборуваа, се јадеа живи по мене, а најтешко ми падна помислата дека можеа тука да ме убијат. Цел живот се бориш за својата земја, а да те убиваат туѓинци... и ние сме некои човеци, што имаме држава ебате у врага, шо народ сме ние, цело време бегаме со раскрвавени петици.

Се стркалав во реката Црна, стопанката и, како мраз и гледам пред мене се гледа Добро Поле кату тепција.

Ме удри умот да пододморам, да се закрепам малку, а гол сум како дивинка, но татко ми велеше; тајната на маката е во самата волја и со таа балтијка насекув гранки со густа шума, на самиот припек изнапослав и со остатокот се изнапокрив, кату со дебело веленце, оти се плашев од ливот, така под гранките сум спастрен, а бааги гранки нафрлив над мене.

Болката ми идеше само од петиците, ама срцето веќе ми заспа, можеби и од мирисот на шумата, можеби од тоа што сум го исполнил завешатнието на татка и така сум спиел, се до сонот за кој и денденес не можам да си го објаснам, а неоти има објаснение како и сега да ми се пред очи тие тројца луѓе. За средниот знам дека беше “Свети Илија” оти тој ме благослови, ми даваше прическа, нафора и ме попрска со нешто, а тие другите двајца, беа толку убави како ангели и само ми се насмевнуваа и ме благословеа, небаре да сум направил таков подвиг на земјата што заслужувам да ме однесат во рајот.

Сетне селидбите. На јаве пак ме прогонуваа живите и се до ден - денес сум следен, ме имаа на ум можеби се плашат да не ги однесам и моите коски во Пожарско.

Ние Пожарени сакаме да бидеме заедно, но никогаш не бевме сите на едно огниште, гробовите ни останувaa насекаде.

Сегде оставивме по некој. Секогаш ми се чинеше дека тоа ќе биде последна селидба, а се повеќе се одалечувавме еден од друг и секаде остававме немоќни старици кату стражари, некој од болест, некој од инает, кој ги знае зошто не раштркаа толку далеку, но нека бог ги прости и Ристојца Манкина во Ѓаково и Лина Јачева - Катрева во Пожарско се изнаплакавме тие ноќи...

***

* ЗАБЕЛЕШКА:Расказот е напишан според вистински случај, кој ми го раскажа самиот Петре Кироваков(пренесувачот на коските), во неговата куќа во Битола и е објавен во рубриката “Фељтони” во “Нова Македонија” на 2 - 5 февруари 1992 година под наслов “Поединечната трагедија како општа судбина”.

## РАСКАЗИ ШТО БЕА ОБЈАВУВАНИ ВО РАЗНИ СПИСАНИЈА И ВЕСНИЦИ

1. Расказот “Камен”, објавен е во весникот “Трудбеник” на 18. јули 1967 год.

2. Расказот “Од татковото огниште само пепел”, обавен е во весникот “Трудбеник” на 4 февруари 1968 год.

3. Расказот “Одземена земја” објавен е во весникот “Трудбеник” на 22 март 1969 год.

4. Расказот “Средба”, објавен е во “Студенски збор” на 30 март 1970 год.

5. Расказот “Земјата и луѓето”, објавен е во списанието “Развоток” број 6, год. ИЏ Ноември - декември. (Истиот расказ е објавен ив о весникот “Трудбеник” на 22 Ноември 1969 год.

6. Расказот “Земја на вечна тага”, објавен е во списанието “Развиток” број 6.

7. Расказот “Продавачката на каранфили”, објавен е во весникот “Нова македонија”, на 21 ноемри 1971 год.

8. Расказот “На мртовден”, објавен е во списанието на иселениците “Македонија”, декеври 1971 год.

9. Расказот “Тугинци во својата земја”, објавен е во весникот “Трудбеник” 1972 год. (Истиот расказ е објавен о весникот “демократ” бр. 4 октомври 1972 год. кој излегува од емигрантите во Полска. Истотака е објавен ив о весникот “неа зои” на 12 . 9. 1972 год. кој излегува од емигрантите во Н. Р. Романија. Во јули 1986 год. објавен е ив о списанието за иселениците “Македонија” ив о “Нова македонија” на 4 ноември 1984 год.

10. Расказот “Во долината на заборавот”, објавен е во весникот “Нова македонија” на 29 октомври 1972 год.

11. Расказот “Земја на вечна тага”, објавен е списаниеро “македонија”, август 1970 во бр. 208, 209.

12. Расказот “Бегалци”, објавен е во весникот “Нова македонија” на 7 март 1971 год. (Истиот расказ е објавен ив о весникот “Трудбеник” на 30 јануари 1971 год.

13. Расказот “Талкачи”, објавен е во “Нова македонија” на 12 јануари 1986 год.

14. Расказот “Тажните рози на Пенелопа” објавен во “Нова македонија” - ЛИК 1995 год.

15. Расказот “Нова година во земјанките на Грамос”, објавен е во “Нова македонија” на 6 октомври 1993 год.

16. Расказот “последното оро на татко ми”, објавен е во “Нова македонија” на 27 јануари 1993 год.

17. Расказот “Првиопт помен на Нина”, објавен е во “Нова македонија” на 8 јануари 1984 год.

18. Расказот “На мртовден”, објавен е во списанието “Македонија во 1971 год.

19. Расказот “Собирач на ракови”, објавен е во “Нова македонија” на 26 јануари 1975 год.

20. Расказот “Талкачи”, објавен е во “Нова македонија” на 12 јануари 1986 год.

21. Расказот “Пречек”, објавен е во ЛИК - “Нова македонија на 23 ноември 1988 год.

22. Има уште многу други раскази што се објавени во списанија и весници, но не се сочувани во личната архива.

## СМРТТА НА СТАРИЦАТА

Старицата воин е покојна
Таа правнука на војаките Словени
Ни сандук, ни лафет
Ни звук од труба со писклив глас
Не и ја означи смртта.
Чиниш е предмет најден во ноќта
Од разиграните азиски коњи.
Покјна е старицата војник
Знаменосец на победеното знаме;
Таа што даваше за рожба благослов
Таа што родот го роди горд
Таа што го изгуби родот
Таа што иташе по нас победените
Таа што заветот го носеше до Ташкент.
Ја умам: умре без солзи
Со клетва во уста
Со страв од пожар
Нешто во душата и гори.
Умирајќи ми ја посака раката и
Молбено со избледени очи:
“Вкуку! Аманет имаш
Гржата да е твоја, врати се види.
Цел живот само едно ме мори:
Можеби огништето?
Можеби кандилото?
Можеби свеќата уште гори...”

Песната е посветена на баба ми Цилка, која умре 1957 на 90 години во Ташкент

## БЕЛЕШКА ЗА ПИСАТЕЛОТ

Стојан КОЧОВ е роден 1930 година во с. Турје, Леринско. Во годините на Граѓанската војна во Грција (1946 - 1949 година) е активен учесник во единиците на ДАГ за национално и социјално ослободување на македонскиот народ.

Од 1950 - 1957 година живее и се школува во СССР, се до неговото враќање во Р. Македонија во 1957 година.

Живее во Скопје. Дипломира на белградскиот универзитет.

ОД ИСТИОТ АВТОР

1. СРЕДБА - раскази "Студенски збор" - Скопје, 1989

2. ЕДНА МРТВА ВОЈСКА - поезија "Македонска гнига" - Скпје, 1992

3. (САМО) ЖРТВУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ПОД ГРЦИЈА -критички огледи "Матица Македонска" - Скопје, 1994

4. МРТВОТО ЛИЦЕ НА ВОЈНАТА - поезија "Мекадонско Сонце" - Скопје, 1996

5. \ОР\И ПЕЈКОВ - МАКЕДОНСКИ ВОИН НИЗ ИСТОРИЈАТА НА ДАГ(1945 -1949) – монографија "Академик" - Скопје, 1996.

6. ТАЛКАЧИ - роман "Матица Македонска", Скопје, 1997

7. НОВА ГОДИНА ВО ЗЕМЈАНКИТЕ НА ГРАМОС роман "Матица Македонска", Скопје, 1998

8. КАЗНА БЕЗ ВИНА - роман "Мисла", Скопје, 2000

9. ВО ПРЕСРЕТ НА СУДБИНАТА – раскази "Огледало", Скопје, 1998

10. ИДЕОЛО[КИОТ АКТИВИЗАМ НАД МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРИЦИЈА-критички огледи. "Матица Македонка", Скопје.

11. ГРОБАРОТ ОД ЛЕРИН - роман "Детска радост", Скопје.

12. ЕСЕИ И ЛИТЕРАТУРНИ ТОЛКУВАЊА-критички огледи."Матица македонска"

13. БИЛЕТ ВО ЕДЕН ПРАВЕЦ - Историски критички огледи, 2004

14. БАЛКАНСКА САГА - роман

15. ЈАМКА-роман "Матица македонска" 2009

16. ВРАЌАЊЕ НА ПОТОМЦИТЕ - роман

17. ГОЛЕМОТО ВРАЌАЊЕ НА ТАЛКАЧИТЕ – Роман "Современост", 2006

18. МАКЕОНЦИТЕ НИЗ ПЕКОЛОТ НА ЦРВЕНОТО ГУБИЛИ[ТЕ - Критички огледи. "Матица македонска", 2007

19. ВОИНОТ И МАРГАРИТА - Роман "Матица македонска", 2008

20. БИТКИТЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ ГЕНЕРАЦИИ НИЗ ТУГИТЕ ИДЕОЛОГИИ.

21. ЕДНОГОДИШНО МОЛЧРЊЕ (1913- 2013)

Дел од творештвото на авторот е објавен во поранешната југословенск книжевна периодика, како и во турски и грчки литературни списанија За раскази и песни наградуван е на разни конкурси.

## РЕЦЕНЗИИ

За расказите :

1.
Стојан Кочов (1930), поет, раскажувач и вљубеник во историското минато (Поблиското) на својот народ. Веднаш треба да се истакне дека токму овој автор стана меѓу првите против поделбата на егејци, вардарци, пиринци, што ни е наметната од други, а која сме ја прифатиле и сме ја држеле со децении. Тој авторов револт, тоа несогласување со ставовите и мислењата на другите за нас, сега на своевиден начин суштествува и во најновите негови книги.

Колку што е присутно самото сознание за воените бури на една проклета, наметната и за нас уништувачка војна (во која никој и никогаш не може ниту да замисли дека ќе има победоносен завршеток), исто толку е импресивно и сознанието на човекот (во случајов писателот) за настаните и животот што дојдоа потоа, по војната 1946-1949 година во Македонија под Грција.

Преку ретроспекција авторот настојува (во тоа и целосно успева) да реконструира нешто од изминатиот живот, од воените ужаси и стравотни патила по тоа. И секаде како да се чувствува грижата на совеста на човекот кој без своја волја се најде сред тие воени виорни денови за време на ДАГ, потоа пустењето на нашиот народ од јужните краишта на татковината, слепата младешка верба дека ќе се војува, и се војува, за националното ослободување (а се војуваше за националното истребување на македонскиот народ од родната грутка), без да се знае за вистинската намера не само на раководството на ДАГ и на грчкиот монархофашистички режим, туку и на оние кои од Москва, Белград и другите комунистички центри ја потсилуваа попустата војна во тој несреќен дел на Македонија.

Што се однесува за расказите на Стојан КОЧОВ, тие се пишувани со силна љубов и со чувство на еден вид оддолжување кон луѓето за кои говори авторот. Пишувани со единствена желба да останат сведоштво кое ќе обвинува, бидејќи расказите говорат за трагиката на нашите луѓе од

егејскиот дел на Македонија, за тешката и зла судбина на обесправените и понижените...

Литературен критичар Доне Пановски

2.
"...Расказите на Стојан КОЧОВ, се проткаени со едно таготно-горчливо сознание за трагичните судбини на Македонците под Грција. Расказите нудат широк спектар од теми и толку фабули колку што постојат луѓе..."

Ѓорги Сталев

3.
Македонскиот читател веќе педесет години е во секојдневен допир со болната и единствена, според длабочината и траењето, трагика на своите сонародници од јужните македонски краишта, насилно распрснати низ целиот свет и неповратно одделени од своите родни огништа. Оваа беспримерна неправда врз дел од нашиот народ многу малку наоѓа местто во свеста на пошироката јавност во земјите на Европа и на Северна Америка, кои носат и голем дел од вината за доживеаната трагика и човечки страдања, безмалку, на сите наши луѓе од Македонија под Грција.

За жал, оваа македонска трагика и кај пошироката македонска јавност во нашата слободна држава се прима со една значајна доза на оладеност и рамнодушност, не толку заради неинформираност, колку поради, треба да се каже, тешко разбирливото држење на дистанца, не на обичниот наш човек, туку на службените македонски согледби, во еден веќе педестгодишен тек.

Расказите "Коба" од Стојан Кочов, како и другите негови досега објавени раскази и романи, не само што ја збогатуваат богатата литература со тематика од преболната и единствената јужномакедонска трагика, туку нудејќи една продлабочена анализа на бројни одделни човечки судбини, земени од животните патишта и патила на конкретни, а не измислени личности, даваат една заокружена слика на педесетгодишните

страдања на еден голем дел од македонскиот народ, кои сеуште трајат, без изгледи да завршат.

Една општа карактеристика, што авторот ненаметливо ја нуди на читателот, е показот дека Македонецот и најсилните, најсвирепите и најтрагичните удари на судбината ги прифаќа со еден стоицизам, со една исправеност и смиреност, чувајќи ја својата болка, во себе и за себе, и не негувајќи гнев и омраза против никого, па дури и против непосредните виновници за неговата трагика. Впрочем, овој свој стоицизам, смиреност и миролјубивост македонскиот народ го потврдува, постојано, преку своето вкупно уметничко творештво, но и преку своето политичко битие и делување.

Расказите на Стојан Кочов нудат забележливи вредности и во едноставноста на стилскиот пристап, прочистеноста на јазикот и јасноста и едноставноста на реченицата. Со сите свои вредности, овие раскази, бездруго, заслужуваат да допрат до најширокиот круг македонски читатели.

Никола Кичевски